РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ГОДИНА XXX, БР. 162 (3/2026)

СТОЖЕР

dpm-pisateli.mk/stozer

ВО ОВОЈ БРОЈ

ИЗВАДОК ОД „ЦРНО ЗЛАТО (ОПИУМ ИЛИ ПАРИ)“ ОД ДЕЈАН ДУКОВСКИ

ОБРАЌАЊЕ ОД ГОРДАНА ЈОВИЌ-СТОЈКОВСКА, ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА ДПМ

МАНИФЕСТАЦИЈА „ПРАЗНИК НА ЛИПИТЕ 2026“

ШЕСТ НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ДПМ

ISSN 1409-6005









Доделување на наградите „Книжевен жезол", ДПМ, 20 јуни 2026 г.









Доделување на наградите „Празник на липите", ДПМ, 5 септември 2026 г.

СОДРЖИНА

03. Зборот – стожер на писателската мисла
Весна Мундишевска-Велјановска
04. Обраќање: ДПМ – Друштво што живее со своето време
Гордана Јовиќ-Стојковска
05. Манифестација „Празник на липите“
07. Драма: „Црно злато (Опиум или пари)“ – „Фамилијарен собир“
Дејан Дуковски
10. Осврт: За „Црно злато (Опиум или пари)“ од Дејан Дуковски
Драгана Лукан Николоски
12. Рецензија: Пејажината на времето и одговорноста на погледот (кон „Пејажина“ од Раде Силјан, извадок)
Иван Антоновски
14. Проза: Илина и шумските тролови – Глава прва: Писателката
Хана Корнети
15. Проза: Штркот Гвин (извадок)
Марина Мијаковска
16. Проза: Грумбо пристигнува во гратчето Капи и Штици (извадок од „Чудна случка во гратчето Капи и Штици“, награда „Оливера Николова“)
Ванчо Полазаревски
17. Проза: Јаворот и брезата од бујната гора (извадок)
Горјан Петревски
18. Проза: Крунски панагон (извадок)
Горан Тренчовски
19. Осврт: Крсте Чачански: Во сенката на лилјакот
Љубинка Донева
20. Осврт: Дијалектички и естетички концепт на литературата (кон „Книжевни индивидуалности“ од Нехас Сопај)
Ахмет Селмани
21. Проза: Украдени детства (извадок)
Петар Андоновски
22. Поезија: Балконска песна
Сеида Бегановиќ
23. Поезија: Прва зарешка
Милица Димитријовска-Радевска
24. Прашалник: Николина Андова-Шопова
Давор Стојановски
26. Разговор со Даут Даути
Ахмет Селмани
28. Интервју: Ева Камчевска
Драгана Лукан Николоски

ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА,
главен и одговорен уредник

Зборот – стожер на писателската мисла

821.163.3-4



30. Поезија: Црни точки
Борче Панов
31. Поезија: тоа по нас
Моника Стојановска
32. Превод: Градинарот и смртта
Георги Господинов (Бугарија)
33. Препев: Либрето (извадок)
Клемен Пишк (Словенија)
34. Препев: Како стар пријател
Мохамед Валид Грин (Алжир)
35. Препев: Раѓање
Светлана Калезиќ-Радоњиќ (Црна Гора)
36. Препев: Попречен поет
Јоргос Кутувелас (Грција)
37. 90 години од раѓањето на Цане Здравковски (1936-2010)
38. 90 години од раѓањето на Иван Чаповски
39. 80 години од раѓањето на Петре Димовски
40. 80 години од раѓањето на Васил Тоциновски
41. Нов член на ДПМ:
Митко Бојациски
42. Нов член на ДПМ:
Ана Витанова-Рингачева
43. Нов член на ДПМ:
Марина Икономова Шокева
44. Нов член на ДПМ:
Тодор Јовчевски
45. Нов член на ДПМ:
Дијана Петрова
46. Нов член на ДПМ:
Енис Хилми
47. Стари фотографии
48. Времеплов / Импресум

Во отсјајот на светкавите траги од полжавот на времето вгравирани во релјефот на една земја – ораница, од памтивек до денес садиме зборови. Од никулците ритмично сраснати по многужилните рабови на кратерот на недогледот, низи озвучени фонеми надвиснати како конци од ластарот на Зборот ни ги расцветуваат прозорците на согледот. Неозаглавена емоција проблесната во галаксии од ѕвездени графеми мудроуми сред универзумот на биднината. А во тежиштето на беспросторот – Зборот.

Зборот е нуклеусот околу кој орбитира вселената на писателската мисла. Тој е духовниот стожер, иницијалната точка на почетокот и крајот во геометријата на непрекинатите промени во графиконите на космологијата на себството.

Во своето (с)тихување, авторите преплетуваат нишки исткаени од жарот на животот создавајќи сопствена писмовна мрежна матрица, нишки статуетки на (не)спокојот разбранувани од ветриштата на (не)времето, кои во алтернативниот растер на опстојбата дизајнираат самосвои скици на предели со неозаглавени видици. Во таквата растрирана визура дури и безбојните полиња помеѓу буквите говорат со јазикот на тишината давајќи му глас на молкот на времињата.

Сред јазлите на миговите на фасцинантно вдахновение се раѓаат вонземски мисловни и чувствени композициски поставки во континуум на оригиналното зборовно-сликовно отелотворување на духовното, филозофијата на живеењето, вредносното во светот и човечкото во човекот.

Писателскиот порив вредно-силно 'рти од 'рвеникот на изворот на Зборот, а креативните пораки непрестајно ќе патуваат во недогледот на писателско-читателската комуникација и ќе ги брануваат чувствата на оние што умеат да ги воспримат. Двонасочно пријатно уживање во доживувањето на благотворноста на инспиративноста.

Во времепловот на некогаш и сега, сè уште живо глаголат и животворат создавачи и дела како нишка спојница од ткаеницата на минатото и современето, но и како стожер на незаборавот и овековечувањето во идноста сензибилизирани со уникатна емулзија на суштественост, продуховеност и прочувствувана присутност.

„Стожер“ и овој пат нуди импресивни контрасти на писателското доживување на четириесетина автори, кои неминовно ќе го поттикнат срцебиежот на читателот за внурнување во авантуристички предизвик во кој оној – проникливиот ќе го (до)живее зборот и ќе се навраќа на изворот од памтивека, со мека пулсација што ќе го задвижува крвотокот на постојбата довека.



Обраќање

821.163.3-5

ДПМ – ДРУШТВО ШТО ЖИВЕЕ СО СВОЕТО ВРЕМЕ

Гордана Јовиќ-Стојковска

претседателка на ДПМ

Друштвото на писателите на Македонија има осумдесетгодишна традиција, но традицијата сама по себе не е доволна за една институција да остане жива. Таа е вредност само ако врз неа постојано се надградува новото. Затоа, кога размислувам за функционирањето на ДПМ, пред сè размислувам за неговата програмска активност, за местото на писателот во современото општество и за начинот на кој Друштвото комуницира со своите членови и со јавноста.

На ДПМ му е потребна јасна и динамична програма. Не само поголем број настани, туку и манифестации што ќе бидат привлечни за современата публика, што ќе отвораат простор за различни книжевни форми и ќе ги поврзуваат писателите со други уметности, со младите и со поширокаta културна јавност. Потребни се книжевни читања, разговори, трибини, работилници и проекти што нема да се случуваат само во просторот на Друштвото, туку ќе го носат ДПМ таму каде што се неговите идни читатели.

Особено важно ми се чини присуството на писателот во образовниот процес. Средбата со писателот за еден ученик може да биде многу повеќе од разговор за книга. Работилниците за пишување, читање и творештво, непосредниот контакт со авторите и можноста младите сами да создаваат, можат да ја направат книжевноста поблиска и пожива. ДПМ треба да биде активен партнер на училиштата во создавањето такви програми.

Истовремено, мора да го засилиме и книжевниот живот внатре во самото Друштво. Нашите членови не треба да се среќаваат само во формални прилики. Потребни се почести книжевни читања, разговори за новите книги и можност за почеста средба меѓу различните генерации и поетики. ДПМ е заедница на писатели и таа заедница мора да се чувствува жива.

Во тој контекст го гледам и „Стожер“. Списанието треба постојано да го подобрува својот квалитет и да биде место каде што ќе се препознава современиот книжевен живот на ДПМ, но и неговиот однос кон пошироките културни процеси. Тоа бара внимателен избор на содржини, простор за различни генерации автори и отвореност кон нови книжевни и критички теми.

За сето ова е потребна и поголема транспарентност во работењето. Членовите треба да знаат што работи нивното Друштво, кои се неговите приоритети, како се реализираат програмите и со какви можности располага. Транспарентноста не ја гледам само како административна обврска, туку како начин да се создаде доверба. А без доверба нема силна институција.

Во 2027 година ДПМ ќе одбележи осум децении од своето основање. Јубилејот не треба да биде само поглед наназад, иако имаме богато минато на кое треба да бидеме горди. Тој треба да биде и прилика да се запрашаме какво Друштво сакаме во следните децении. Да го одбележиме она што го наследивме, но и да создадеме нешто што ќе можат да го надградуваат оние што доаѓаат по нас.

Верувам дека ДПМ треба да биде токму тоа: институција што ја почитува својата традиција, но живее со своето време; место каде што писателите не само што припаѓаат, туку и создаваат, разговараат, соработуваат и имаат што да му понудат на општеството. Само така осумдесетте години нема да бидат граница, туку нов почеток.

Гордана Јовиќ-Стојковска е писателка, поетеса, романописец, преведувач, есеист и лексикограф. Родена е во Грделица (СФРЈ) во 1961 година. Во Скопје доаѓа во 1980 година, а во 1984 година се запишува на Филолошкиот факултет, каде што станува член на Книжевното друштво „Мугри“. Оттогаш нејзиниот животен и творечки пат трајно е поврзан со Скопје, македонскиот јазик и македонската книжевност и култура. Создава на македонски и на српски јазик.

Нејзиниот литературен опус опфаќа поезија, проза, романи, есеистика и лексикографски трудови. Автор е на книгите *Noctambulissmus (Северно талкање)*, *Помеѓу*, *Сонкобија* и *Мостување*, како и на романите *Боја на безвреметo*, *Последниот талазон*, *Тајната на тринаесеттиот знак*, *Очи полни чипка*, *Видање на сонцето*, *Денот кога го изедовме бога* и *Си беше еднаш една куќа*. Нејзиното творештво се одликува со психолошка слоевитост, истражување на личниот и колективниот идентитет и преплетување на реалното со митското.

Автор е на *Речник на јужнословенска митологија* и *Српско-македонски речник*. Како преведувач, со децении придонесува кон поврзувањето на македонската и српската книжевност. Ги преведувала делата на Горан Петровиќ, Вида Огњеновиќ, Бранислав Нушиќ, Петар Кочиќ, Иван Негришорац, Драган Јовановиќ Данилов и други српски автори на македонски јазик, како и дела од Венко Андоновски, Драги Михајловски, Катица Ќулавкова и други македонски автори на српски јазик.

Била претседателка на Книжевна младина на Македонија, учествувала во организацијата на бројни книжевни манифестации, фестивали, конференции и симпозиуми и остварувала меѓународна книжевна соработка. Во 2009 година го основала издавачкиот центар „Слово љубве – Буквибукс“ во Скопје и го покренала списанието „Словољубве“.

Добитник е на повеќе книжевни и културни признанија, меѓу кои Првата награда на Југословенскиот конкурс за дебитантска книга, „Млада Струга“, наградата „Мост“ на ДПМ, „Петар Кочиќ“, Меѓународната награда на Мелничките вечери на поезијата, Златната значка на Културно-просветната заедница на Србија и Сесловенското признание од Белорусија. Нејзините дела се преведени на повеќе јазици и застапени во домашни и меѓународни антологии.

Член е на Друштвото на писателите на Македонија, Удружење писаца Србије, Матица српска и Медитеранската академија на писателите. Од 2026 година е претседателка на Друштвото на писателите на Македонија.



Манифестација

06.05:821.163.3

ПРАЗНИК НА ЛИПИТЕ 2026

Наградени творби и образложение на жирито

Во рамките на овогодишното издание на традиционалната книжевна манифестација „Празник на липите 2026“, успешно заврши конкурсот за најдобра песна и куса прозна творба. Конкурсот се спроведе под услови на потполна анонимност, со што се обезбеди целосна објективност и вреднување исклучиво на естетските и уметничките квалитети на текстовите. На адресата на манифестацијата пристигнаа вкупно 32 авторски трудови од македонски автори, од кои 26 поетски творби и 6 куси прозни текстови.

Тричлената комисија во состав: Ива Дамјановски, Жарко Кујунџиски и Никола Маџиров, претседател, вршеше оценување на пристигнатите творби. По детаљниот увид и темелната анализа, жирито ги одбра најдобрите творби, по што беа отворени заплетите со авторските податоци и беа прогласени лауреатите:

I награда:
„Мајсторска завршница“
од **Ана Пејчинова** (поезија)

II награда:
„Татко ми станал писател“
од **Даниела Андоновска-Трајковска** (поезија)

III награда:
„Сребре Тилевски, липарот“
од **Владимир Јанковски** (расказ).

Жирито изрази особено задоволство од високиот естетски квалитет на пристигнатите творби, нагласувајќи дека и поетските и прозните остварувања покажаа исклучителна поетичка разновидност.

Свеченото врачување на наградите и јавното читање на лауреатите се одржа во рамките на официјалната програма на „Празник на липите 2026“ во просториите на ДПМ.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТРИЧЛЕНАТА КОМИСИЈА

На конкурсот „Празник на липите“ пристигнаа триесетина творби — песни ирасказиа а од нив се издвои ја неколку кои поетички и квалитативно се одделија според својот глас и целовитост. Жирито во состав Ива Дамјановски, Жарко Кујунџиски и Никола Маџиров ги оценуваше творбите без сознание за нивните автори и донесе одлука првата награда да ја додели на песната „Мајсторска завршница“ од Ана Пејчинова. Втората награда ја добива песната „Татко ми станал писател“ од Даниела Андоновска-Трајковска, а третонаграден беше расказот кој јасно се издвои над сите други пристигнати раскази „Сребре Тилевски, липарот“ од Владимир Јанковски.

„Мајсторска завршница“ е песна за метафизичката кревкост на мерливото човечко присуство среде огнената моќ на природата и примордијалното, во која шаховската табла постепено се претвора во неограничен пејзаж на постоењето. Шаховските фигури заедно со играчите не се само противници во наметната игра, туку суштества што се препознаваат во сенката на последниот потег. Златните плодови, мачките што ја чуваат тајната на дрвото и огнот создаваат тивка сценографија на нешто што завршува, но не исчезнува. Смртта не е спротивставена на играта: и едната и другата се предадени во добри раце и затоа загаснувањето не е крај, туку доверба кон огнот, кон тајната дека нешто поголемо од нас сè уште го чува последниот потег.

„Татко ми станал писател“ е песна за откривањето, за паралелната безвременска битка на зборот спрот премолченото, на сеќавањето наспроти слученото, за напишото од рацете на оние што нè создале. Телото овде станува ракопис, таткото – невидлив писател, а времето – глина што постојано ни истекува низ прстите. Сликата на искривеното дрво е завет и непреносливо семејно наследство – рането, но упорно сеќавање. Приказната живее во нас и без да се напише – како симбол на наследството што не го носиме како товар, туку како отпечаток на туѓи прсти врз кожата на нашето постоење.

„Сребре Тилевски, липарот“ е приказна што продира под површината на линеарната стварност, што ја носи во себе старата мудрост и тишината на нешто што долго растело под земја. Сребре Тилевски не е само човек што ги сака липите – тој постепено станува нивен човечки облик свртен кон она што ќе остане по него. Липата и нејзиното трпение се метафора за бавното човечко созревање што стигнува навреме и кога мислиме дека само брзината може да ја одложи смртта која не е прекин, туку последно цутање. Празната шолја и липата што продолжува да цути го претвораат заминувањето на Сребре во нешто речиси незабележливо, а присутно: човекот исчезнува, но неговото време продолжува да мириса.

Ана Пејчинова

МАЈСТОРСКА ЗАВРШНИЦА

Мајсторот дава шах-пред-мат
и му ја подава раката
на добриот противник.
Играта е скоро завршена.
Дрвото ги растресува лисјата
и паѓаат златни мешунки.
Мачките се галат под стеблото
и верно му ја чуваат тајната.
Ти и јас - се гледаме под око,
две фигури во шаховска игра.
Ги стресуваме крошните,
паѓаат златни плодови кон сводот,
се умилкуваме
и верно ја чуваме тајната.
Во добри раце сме, бездруго.
Мајсторот уште не го извел
завршниот потег.
Можеби сме само црно-бели играчки
што еднаш ќе се фрлат во оган,
но играта останува во добри раце,
а огнот е мајсторска завршница.

Владимир Јанковски

СРЕБРЕ ТИЛЕВСКИ, ЛИПАРОТ

(извадок)

Има луѓе кои веруваат во часовници. Некои слични на нив, веруваат во календари. Трети веруваат во нешто сосема друго, на пример, во планови. Сребре Тилевски веруваше во липите.

Објаснуваше дека ако човек доволно долго стои под една липа, особено во јуни, кога воздухот е полн со нејзиниот мирис, ќе сфати дека сè што е навистина важно во животот расте полека.

– Липата никогаш не брза – велеше. – Можеби затоа што има повеќе од 500 години за да стигне таму каде што сите ние сме тргнале.

Беше професор по ботаника. Генерации студенти поминаа низ неговите предавања. Пријателите го нарекуваа липарот. Човекот кој знаеше да разликува мирис на ситнолисна од крупнолисна липа, а за чајот од липов цвет зборуваше како што некои зборуваат за вино.

Сребре толку добро ги познаваше липите што понекогаш изгледаше како тие да му зборуваат. Знаеше како живеат на различни надморски височини, како ја поднесуваат сушата, како се разгрануваат цветовите на азиските липи во споредба со американската липа, како се однесуваат корените кога околу нив се поставува асфалт, како изгледаат листовите пред невреме, па дури и каков е вкусот на чајот ако цветовите се набрани два дена порано или три дена подоцна.

– Луѓето мислат дека липата е само чај. Тоа е како да кажеш дека човекот е само сенка.

Како дете поминуваше денови кај дедо му во селото. Во дворот имаше една огромна липа. Под неа ручаа, под неа се чекаа гости и под неа старците зборуваа за растенија, политика и нови раѓања.

Даниела Андоновска-Трајковска

ТАТКО МИ СТАНАЛ ПИСАТЕЛ

кога губам здив од трчањето по бесцелни нешта
поради што постојано ме боли вратот и десната плешка
во светот кој со туѓи лица ме гледа
ми текнува на татко ми кој цел живот пополека и внимателно
со сета потребна грубост и нежност
го плетка времето низ рацете
како глина која му истекува низ прстите
пред да стане приказна во која нè има
и како таа приказна сè уште се качува по покриви
и нè раскажува под црешата во дворот
од која секое лето собираме полни грстови сладост
што ни капе по лактите како кога бевме деца
иако тоа дрво не е цело
има искривено тело, груба кожа и отсечени гранки
за да ја пушта светлината во куќата
и да не мора мајка ми да ги напипува предметите
во собата кога се движи низ редовите од приказната
броејќи чекори кои мора да ги изоди дневно
за да ѝ пулсира срцето и да течат секундите
низ ходниците од сеќавања
порано не ги гледав отпечатоците на неговите прсти
врз миговите кои секогаш одново нè создаваа
и си мислев дека има некоја невидлива сила
што ме турка да се движам слободно низ времето
и дека мојата приказна само јас можам да си ја измислам
и да ја држам пред очи за да не одлучи
да ме избрише на крајот од раскажувањето
и да постои наместо мене
со мое име и презиме и на моја адреса
и дека затоа е потребно да се трча, да се трча, да се трча
па макар и бесцелно
но дури сега гледам дека моето тело е збор
врз кој има отпечатоци од прсти
приказната која ме раскажува сега живее во книга
татко ми станал писател
а рацете мои – лепливи од едно меко парче глина

Сребре Тилевски, липарот – продолжение

Еднаш го прашал дедо му колку е стара липата.

– Не знам – одговорил старецот. – Кога се родив, таа веќе беше стара.

Таа реченица не ја заборави никогаш.

На студии, додека студенти се вљубуваа, излегуваа, одеа по концерти, Сребре разгледуваше хербариуми, правеше белешки, сушеше листови, споредуваше цветови и често исчезнуваше со денови за да ги проучува липите.

И жена му ја освои со реплика за липите.

– Липата е дрво што ја разбира тајната на трпението. Расте бавно, ама сигурно, не се натпреварува со другите дрвја. Со децении ја шири својата крошна. Нејзиното меко и светло дрво со векови им служело на резбарите, а нејзините ситни цветови создаваат мирис што во себе носи нешто од летната вечер и од спомените на детството. Нејзините чаеви лекуваат немир. Затоа липата никогаш не изгледа како дрво што сака да се истакне. Луѓето често бараат големи страсти. Тоа не сум јас. Јас повеќе сум наклонет кон тивките нешта.



Драма

821.163.3-2

„ЦРНО ЗЛАТО (Опиум или Пари)“

Дејан Дуковски

[...]

„ФАМИЛИЈАРЕН СОБИР“

(Влегуваат Димитрие и Мара. Мара носи темни наочари и има размачкана шминка.)

МАРА: Кате, душо, ние сме. А и убавата гостинка е тука. Види колку е убава. Како анѓел... Како Анѓеле.

ДИМИТРИЕ: Немој Маро!

АНЃЕЛА: Вие сте правиот анѓел овде, Госпоѓа Мара.

КАТЕ: Шминката мамо...

ДИМИТРИЕ: Што бара оваа овде?

КАТЕ: Гостинка е овде тато. Затоа плаќа.

ДИМИТРИЕ: Многу плаќа, а?

МАРА: Не ни доаѓаат често отмени гости како неа.

ДИМИТРИЕ: Скапа курва? Нека иде да шета, да мери улици. Не е ова јавна куќа.

КАТЕ: Никој не те праша за мислење.

МАРА: Треба да се извиниш на Анѓела.

ДИМИТРИЕ: На курвава? И да и платам да не треба?

АНЃЕЛА: Многу мрзи курви господинот, разбирам. Нема потреба да ми се извинува.

ДИМИТРИЕ: Не се секирај, нема.

АНЃЕЛА: Џентлмени се извинуваат. Господинот сигурно не знае што е тоа.

ДИМИТРИЕ: Појма нема господинот. Ама една работа знае. Курва е курва, како и да свртиш.

КАТЕ: Знаеш многу за проституција, тато? Од лично искуство?

ДИМИТРИЕ: Не е проституција цела оваа хајка по пари и околу нив уцени од сите страни?

АНЃЕЛА: Не е тоа најстариот занает на свет?

ДИМИТРИЕ: Така викаш? Ти тука дојде да не научиш?

АНЃЕЛА: Дојдов да ја запознаам вашата убава земја. Вас.

ДИМИТРИЕ: И да ти го бапнеме да не треба?

КАТЕ: Како не ти е срам, тато?

ДИМИТРИЕ: Мене? Будало дете.

МАРА: Не е добар со паметот.

КАТЕ: Затоа е ваква мама! Види на што личи.

МАРА: Пушти го сине, стар е многу и малку ваков... Таков е, излапен и нема да му помине. Го истроши животот од живеење.

ДИМИТРИЕ: Кај е Семир?! Нели ќе дојде?

КАТЕ: Што имаш ти со Семир?

ДИМИТРИЕ: Врска. А, ти што имаш со Семир?

КАТЕ: Ќе ме полуди.

(Доаѓа Семир.)

СЕМИР: Господине Димитрие... Госпожа Мара... Какво здоволство.

(Му дава флаша виски на Димитрие.)

Мала пажња за вас. Чиваз за разбибрига. И еден за куќата, ко што е ред.

ДИМИТРИЕ: Браво муслиман, знаеш ти... За куќата, така е. Ред е. Ќе влезе свинче во џамија.

СЕМИР: Ќе утрча, Димитрие. Ќе утрча. Госпожа...

(Пластични ружи за Мара.)

МАРА: Мене сите цвеќе ми носат. Многу сакам цвеќе. Ова не мириса.

СЕМИР: Ама не се ни суши. Многу практично.

МАРА: И не му треба вода?

СЕМИР: Ич.

МАРА: Е па не е цвеќе.

СЕМИР: Технички е цвеќе.

МАРА: Ружата е цвеќе што на сите им мириса со различно име?

КАТЕ: *(На Семир.)* Шекспир.

СЕМИР: Баш така, убаво кажано.

ДИМИТРИЕ *(Пие од флаша.)* Добро виски.

КАТЕ: Зашто му носиш алкохол?

СЕМИР: Па ионака пие, бар да пие квалитено.

ДИМИТРИЕ: Ко ја да сум ти татко!

КАТЕ: Семир, ова е Анѓела...

ДИМИТРИЕ: Курва.

СЕМИР: Љубам рака, мадам.

АНЃЕЛА: Нема потреба.

СЕМИР: Инсистирам.

(Седнуваат сите. Тишина.)

ДИМИТРИЕ: Ебеш нешто бе, Семир?

СЕМИР: Опасен е овој татко ти, Кате.

КАТЕ: Повеќе него што изгледа. Да имаше држава, ќе го згрижеше некој.

МАРА: Откако се распадна државата, не се оправи. Старата држава.

ДИМИТРИЕ: Умоболен сум, сакаш да кажеш?

КАТЕ: Ќе ти облечеа убава кошуља...

ДИМИТРИЕ: Да ти кажам нешто, Семир. Децата се човеков најголем непријател.

АНЃЕЛА: Да. Браво. Најдобро е благовремено да се издркаат.

ДИМИТРИЕ: Ете стручно мислење.

АНЃЕЛА: Од искуство.

ДИМИТРИЕ: Се гледа.

СЕМИР: *(Се смее.)* Откачени сте вие сите. Дај по едно капаче за здравје... Да наздравиме.

ДИМИТРИЕ: Да се сите муслимани како тебе Семир, Германија ќе бевме...

СЕМИР: Неверник сум јас, Димитрие. Како тебе. Нека овај сусрет преџе у традицију! За нас!

ДИМИТРИЕ: Заебан си ти Семире, заебан...

СЕМИР: *(Наздравува, пие.)* Имам убави вести да кажам!

МАРА: Леле, благовести. Кате душо, има новости?

КАТЕ: Не, мамо.

МАРА: Внучиња? Ако, ако, браво, време ви е... Ќе донесам колачиња.

КАТЕ: Пак правеше колачиња, мамо?

МАРА: Уште не сум ги доправила, а веќе сите изедени.

ДИМИТРИЕ: Не знам зашто ги прави без шеќер?

МАРА: Со многу малку шеќер.

КАТЕ: *(На Анѓела.)* Мама прави колачи со многу трева и малку шеќер.

АНЃЕЛА: Со канабис?

КАТЕ: Кркаат и опиум. Многу се опуштени.

ДИМИТРИЕ: Курвава за здравје да не прашува?

КАТЕ: За ментално здравје треба да праша.

ДИМИТРИЕ: За курово здравје нека праша.

КАТЕ: Дај да се напијам, ќе почнам да викам.

АНЃЕЛА: И јас ќе се напијам.

ДИМИТРИЕ: Знаеме за тебе.

СЕМИР: Така бе дами... И на мама ќе и ставам. Сите да наздравиме.

КАТЕ: Мама, рече?

СЕМИР: Така ми доаѓа, Кате. Од милина. Види како се најдовме со татко ти.

ДИМИТРИЕ: Е Семире, да имав син ко тебе... далеку ќе стигневме.

СЕМИР: Никогаш не е касно Димитрие, никогаш.

КАТЕ: Рече, имаш некои вести?

СЕМИР: Да, добри вести. Не знам дали е момент на масава?

КАТЕ: Анѓела ми е многу блиска. Како дел од фамилија.

ДИМИТРИЕ: Курвава ти е дел од фамилија?

КАТЕ: Потесна фамилија.

СЕМИР: Ептен сте откачени. Добро. *(Наздравува.)* Добри вести. Имам човек што сака да инвестира многу пари во објектов. Или описно, ни падна секира у мед, мислам вас ви падна.

КАТЕ: Каков човек?

СЕМИР: Ко што треба. Сумњив. Има пари. А и кабли.

КАТЕ: И што бара?

СЕМИР: Добива пола од се ама ние добиваме исто квадрати. Пола и нешто.

ДИМИТРИЕ: Пола и нешто од мојот имот? Ти се заебаваш Семир?

СЕМИР: Ова е добра понуда.

ДИМИТРИЕ: Не доаѓа во обзир.

СЕМИР: Големи долгови имаш, Димитрие.

ДИМИТРИЕ: Ако треба нешто да потпишам, нема.

СЕМИР: Ќе го конфискуваат имотов.

ДИМИТРИЕ: Ќе платиме.

СЕМИР: Како?

(Пауза.)

АНЃЕЛА: Ја ќе платам. Прав е Димитрие. Нема потреба никој да инвестира овде.

СЕМИР: Која е госпоѓава?

АНЃЕЛА: Јас сум Анѓела Фернандез.

СЕМИР: А, која е Анѓела Фернандез?

АНЃЕЛА: Некој што ќе и помогне на Кате.

СЕМИР: Инвеститор?

АНЃЕЛА: Мецена.

СЕМИР: *(Се смее.)* Каков мецена?

АНЃЕЛА: Донатор, покровител... како сакаш кажи го. Ова до година ќе биде најекслузивното место овде. Кате ќе биде сопственик и менаџер. Ја ќе финансирам се. Не барам ништо за возврат. *(Мара почнува да пее. Пауза.)*

СЕМИР: Од кај ти е оваа госпоѓа Анѓела Фернандез, Кате?

КАТЕ: Никој нема да даде подобра понуда.

СЕМИР: А кој е нејзиниот интерес?

АНЃЕЛА: Имам свој лични причини.

СЕМИР: Финансиски?

АНЃЕЛА: Не. Да кажеме, пари не се проблем.

СЕМИР: Алал вера. Многу убаво пее мама. Каков глас...

(Мара пее. Ја завршува песната. Анѓела наздравува.)

АНЃЕЛА: Е па, да наздравиме. За руинава што ќе стане дворец!

КАТЕ: За тебе!

АНЃЕЛА: За нас!

ДИМИТРИЕ: Ова личи на бордел!

(Пауза.)

СЕМИР: Какви лични причини? Многу ме интересира?

АНЃЕЛА: Не би биле лични ако ги дискутираме, така?

СЕМИР: Така е. А, со каков бизнис се бавите?

ДИМИТРИЕ: Јавна куќа! Курварлук!

(Пауза.)

АНЃЕЛА: Може на ти. Не е твоја работа. А и не се бавам со бизнис.

СЕМИР: Интересно. Чисто така, богата?

АНЃЕЛА: Многу.

СЕМИР: Свака част. Браво. Поштено.

ДИМИТРИЕ: Да ви ебам младоста, да ви ебам.. Летате наоколу без глава и се лепите на пари ко муви на гомно. Мислите се е во пари. Пари, пари, пари... Ќе ве изедат парите. *(Пие.)* А, ти ќерко, се тртиш ко курвава за пет пари. Боредл ќе отвараш! Ебати паметот. Млада си, па што? Ај вие што не знаете да живеете и нас не ни давате. Со што заслужите? Што сте млади? Да ви ја ебам младоста! Ќе летате? Кај ќе летате?

СЕМИР: Лет во место. *(Се смее.)*

ДИМИТРИЕ: А, од тебе ќерко преку новини ќе се откажам!

КАТЕ: Се откажа еднаш, тато.

СЕМИР: Кој чита денес новини?

АНЃЕЛА: Што не ви одговара, господине Димитрие?

ДИМИТРИЕ: Што се меша курва во фамилијарни работи!

КАТЕ: Анѓела е тука и ќе остане!

ДИМИТРИЕ: Нема!

КАТЕ: Што ќе направиш? Ќе ја исфрлиш?

МАРА: Земете си колачиња деца.

ДИМИТРИЕ: Таа или јас!

КАТЕ: Се сеќаваш на Анѓеле, тато?

ДИМИТРИЕ: Кој Анѓеле?

КАТЕ: Син ти.

ДИМИТРИЕ: Нема таков.

КАТЕ: Сигурен си?

(Пауза.)

АНЃЕЛА: Нема. Ме има мене. Анѓела.

Дејан Дуковски (Скопје, 1969) е еден од најзначајните современи македонски драмски автори. Дипломирал драматургија на Факултетот за драмски уметности во Скопје, каде што работел и како професор. Неговите драми се препознатливи по динамичниот, разговорен јазик, црниот хумор, фрагментарната композиција и остриот поглед кон насилството, оттурнатоста и апсурдите на посттранзициското општество. Најпознатото негово дело, „Буре барут", доживеа бројни сценски поставувања во земјата и во странство, а филмската адаптација во режија на Горан Паскаљевиќ придонесе за неговата меѓународна афирмација. Дуковски е автор и на драмите „Другата страна", „М.М.Е. кој прв почна", „Балканот не е мртов" и други текстови играни на македонски и странски сцени. Неговото творештво има трајно влијание врз развојот на современата македонска драматургија.



ОСВРТ

821.163.3-2(049.3)

Осврт за „Црно злато (Опиум или пари)“ од Дејан Дуковски

Драгана Лукан Николоски

Новата драма на Дејан Дуковски *Црно злато* веќе живее како регионален театарски настан. Праизведбата беше реализирана во Белградското драмско позориште, во режија на Оливер Фрљиќ, а истиот режисер најавува и загрепска постановка на текстот во 2027 година.

Во меѓувреме, во Македонскиот народен театар во Скопје веќе се одвиваат пробите за новата постановка на ***Црно злато*, во режија на Слободан Унковски**; премиерата е најавена за декември. Така, драмата истовремено се отвора во три театарски контексти – белградски, загрепски и скопски – покажувајќи дека нејзиниот семеен конфликт, јазикот на насилството, прашањето на идентитетот и истрајноста на патријархалните кодови не се само локална приказна, туку заедничка и сè уште болна балканска реалност.

Црно злато (Опиум или Пари) на Дејан Дуковски е современа драма што не се враќа кон битовата традиција за да ја повтори, туку за да ја стави на суд. Таа ја зема матрицата на Ристо Крле – сиромашно семејство, отсутно дете, имот, пари и фатално непрепознавање – и ја внесува во денешниот Балкан, каде застарените односи на моќ сè уште опстојуваат, само добиле нови јазици, нови посредници и нови форми на насилство. Драмата е посветена на Горан Стефановски, а Дуковски експлицитно ја поставува во хоризонт на неговото драмско мислење и неговиот јазик на препознавање, иронија и отпор.

Современата драма е важна токму кога не дозволува сегашноста да се претстави како нормална. Црно злато ни прикажува семејство што живее меѓу пропаднат социјалистички сон, долгови, зависности, локални моќници, корумпирани институции, туристички фантазии и недовршена транзиција; во таа средина доаѓа Анѓела, успешна жена која некогаш била оттурнатиот син Анѓеле.

Токму затоа текстот не ја третира родовата различност како изолирана тема или како „случај“ во семејството. Анѓела го разоткрива целиот механизам на средината: начинот на кој таткото го претвора детето во сопственост, начинот на кој локалната заедница ја претвора жената во навреда, а начинот на кој институциите го претвораат имотот во плен. Во Црно злато, личната траума и општествената дијагноза не можат да се одделат.

Парите се отепувачка од Ристо Крле е битово-социјална драма за македонско сиромашно семејство принудено да го испрати единствениот син на печалба; парите и непрепознавањето го носат дејството кон трагичен исход. Дуковски ја задржува таа основна конструкција – Димитрие, Мара, Анѓела/Анѓеле, Кате, отсутното дете и заканата што ја носат парите – но ја осовременува до точка во која „печалбарството“ веќе не е само заминување по леб, туку и бегство од семејниот срам, од насилството и од невозможноста да се живее како себеси.

Во светот на Крле, парите се проклетство што ја активира семејната трагедија. Кај Дуковски тие се двојни: „црно злато“, опиум и сомнителен капитал, но и средство со кое Анѓела го спасува имотот и ѝ создава перспектива на Кате. Таа не се враќа како печалбар што треба да биде препознаен, туку како ќерка која бара да биде видена.

Затоа најважната промена е во самиот вид на непрепознавање. Кај Крле, трагедијата се заснова врз фатална заблуда; кај Дуковски, Димитрие одбива да ја види вистината дури и кога таа стои пред него. Тоа е посуров, но и современ облик на трагедија: не трагедија на незнаењето, туку на намерно негирање.

Балканскиот рингишпил

Дали нешто се променило? Да – светот на Дуковски е поотворен, побрз, поповрзан и поциничен. Анѓела живее во Шпанија, има сопруг, капитал, можност за посвојување, јазик со кој може да се именува себеси и моќ да влезе во родниот крај без да моли за дозвола. Таа е фигура што не би можела да постои на ист начин во светот на Крле.

Но драмата сугерира дека промената е нерамномерна. Патријархалната чест, стравот од „што ќе речат луѓето", мизогинијата, хомофобијата, сиромаштијата и желбата туѓиот успех да се претвори во сопствен имот не исчезнале. Тие само се сместени меѓу хотелски проекти, шампањ, извршители, кеш, „инвестиции" и туристички ветувања.

Рингишпилот од драмата е затоа точна слика на овој свет. Ликовите се вртат во круг меѓу старите рани и новите пари, меѓу желбата да побегнат и потребата да се вратат, меѓу „европскиот" сон и локалната реалност. Промената постои, но не е еднакво достапна за сите; а минатото не исчезнува само затоа што на местото на пансионот ќе се изгради хотел.

Посветата на Горан Стефановски не е само приватен гест кон професорот. Таа е и поетички знак. Дуковски ја продолжува линијата на македонската драма што локалниот простор не го гледа фолклорно и безопасно, туку како место во кое историјата, јазикот, идентитетот, насилството и апсурдот непрекинато се судираат.

Од Стефановски во текстот одекнуваат препознатливи драмски прашања: кој има право да раскажува семејна и национална приказна; што се случува кога наследството наместо дом станува товар; како „малата" средина го претвора поединецот во туѓина; и дали човек може да излезе од однапред зададената улога. Референците и репликите што потсетуваат на Стефановски не се украс или цитатна игра – тие создаваат разговор меѓу две генерации драмски писатели за истата немирна географија.

Ако кај Стефановски јазикот често е средство за разоткривање на лажните големи приказни, кај Дуковски јазикот е и директно оружје. Пцовките, вулгарноста, хуморот и гротеската не ја намалуваат трагичноста; напротив, покажуваат колку длабоко насилството е влезено во секојдневниот говор. Луѓето во оваа драма не умеат да кажат „те сакам", „ме боли" или „се плашам" без реченицата да се скрши во навреда, шега, алкохол или закана.

Анѓела доаѓа со пари, со нов живот и со намера за поправка. Таа сака да ја спаси куќата, да ѝ помогне на сестра си, да ѝ ја врати радоста на мајка си и, најтешко, да добие признавање од таткото. Но драмата одбива да понуди евтина катарза: богатството не може да купи разбирање, хотелот не може да го обнови домот, а семејната крв не е гаранција за љубов.

Во тоа е актуелноста на Црно злато. Таа нè потсетува дека новото време не почнува со нова фасада, нов инвеститор или нова лична карта. Почнува дури кога ќе научиме да го видиме другиот без да го претвориме во срам, закана, сопственост или средство за профит. Драмата не тврди дека Балканот не се променил; таа прашува дали сме се промениле доволно за да не го повториме истото непрепознавање.

Драгана Лукан Николоски (1984, Скопје) е драматург, драмска писателка, сценарист и раскажувач. Дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Скопје каде што и магистрирала и докторирала. Авторка е на драмските текстови „Балканизација" (2009), „Тајни" (2010), „Пинокио и Црвенкапа во потрага по Аладиновата ламба" (2011), „Сè ќе биде добро" (2014), „Марта Верина" (2024), „104" (2025) и др. Нејзината прва поставена драма е „Треперење помеѓу две подадени дланки" од 2011 година, во режија на Нина Николиќ. Во 2019 година за расказот „Пад на системот или како балканските народи сфатија дека Бог можеби и не постои" ја доби наградата „Живко Чинго", додека во 2020 година од печат излезе нејзината прва збирка раскази „Улица Мајмунска". Во 2025 година го објавува романот во раскази „11 проверени начини како да ја заебеш љубовта", кој е избран меѓу четирите финалисти за наградата „Стале Попов" на ДПМ. Во 2014 година за драмската адаптација на романот „Франкенштајн" од Мери Шели, во режија на Кокан Младеновиќ, ја доби колективната награда за најдобра адаптација на фестивалот „Војдан Чернодрински". Таа е сценарист на повеќе филмови и на бројни телевизиски продукции.



РЕЦЕНЗИЈА

821.163.3-1(049.3)

ПАЈАЖИНАТА НА ВРЕМЕТО И ОДГОВОРНОСТА НА ПОГЛЕДОТ

Иван Антоновски

(Раде Силјан, „Пајажина“, Дијалог, Скопје, 2026)

– изводок од рецензија –

Во „Пајажина“ од Раде Силјан, книгата може да ги скрие очите. За поет што толку истрајно го доверува траењето на заедницата на зборот, таквата слика значи преиспитување на сопствената вера. Собраното паметење може да се испречи меѓу нас и животот, ако го претвориме во замена за гледањето. Оттука се разгранува оваа книга: од прашањето дали наследеното нè разбудува или нè успива. Токму таму каде што сликите на Силјан ни се чинат најпознати, почнува нивното ново значење.

Пајажината одамна се плете низ неговиот опус. Во „Гласот на предците“ ги населува трошните куќи, во „Будење“ се свива од непрочитаните книги. Во новата книга таа го проникнува самиот однос меѓу луѓето и нивното наследство. Напуштената куќа и замолчениот збор припаѓаат на исто искуство на прекин; загубата на домот го доведува во прашање и местото од кое ќе проговорат потомците. Пајажината ги поврзува тие загуби, а распоредот на песните овозможува една слика да го разоткрие она што друга го премолчува. Од познати мотиви се создава поинаква целина.

Во насловната песна, повтореното „ако“ ја држи отворена можноста за избор. Светлината се бара во легендите и сказните; во огледалото на векот се гледа низ дуљбија. Погледот минува низ преданието, со сета негова моќ да открива и да прикрива. Завршницата го доведува тоа искуство до работ: „Книга од пајажина / Ако ги скрие твоите очи / На небото сино / Ќе нема кој ѕвезди да брои“ (стр. 17). Ѕвездите стануваат; светот го губи својот сведок. Присвојното „твоите“ ја укинува читателската оддалеченост. Во опасност е и погледот со кој токму сега ја читаме песната.

Сведочењето е загрозено и во самиот јазик: „Ги мелат зборовите / Како што се меле жито“ („Секојдневие“, стр. 19). Мелењето, од кое човекот добива храна, овде го уништува она преку кое може да го изговори своето постоење. Во завршното „За да се сотре семето / И да го снема племето“, звучната блискост ја врзува погибелта на едното со исчезнувањето на другото. Римата станува носител на историското сознание. Зборот, како семето, ја содржи можноста животот да продолжи подалеку од оној што го предава. Затоа неговото уништување ги погодува и неродените.

Но Силјановиот глас ја презема и тежината на признанието. „Место факел на векот / Развеавме шарени лаги“, читаме во „Ќе разберат ли потомците“ (стр. 30). Целата етичка острина е во глаголот „Развеавме“. Оној што обвинува останува вклучен во дејството за кое ќе се одговара. Така родољубивата песна станува способна за самокритика: привржаноста кон татковината ја обврзува да го именува и сопствениот удел во заблудата. Поетскиот глас ја дели судбината на својата заедница до местото каде што припаѓањето веќе боли како одговорност.

Таа болка се згуснува во стиховите „И на очите не им веруваме / Дека во земја со славно име / Живеат невидливи луѓе“ („Невидливи луѓе“, стр. 97). Пресудно е што луѓето живеат: нивното исчезнување се случува среде животот, во начинот на кој заедницата престанува да ги гледа. Славното име, оставено без човечката содржина, станува болно празно. Епилогот „Проклетство“ го продлабочува истиот расцеп: „При свето име / Да живееме без име“ (стр. 107). Светото име станува мерка за длабочината на човечкото



Раде Силјан: „Пајажина“

обезличување. Силјан ја мери верноста кон името со судбината на човекот што го носи.

Тежината на овие судови произлегува и од мерката на стихот. Во „Молкот на времето“, судбината на поетите е пресечена со „Свилен гајтан / Во глуво време“ (стр. 44). Свилата ја задржува мекоста и додека станува средство за задушување; глувоста на времето го прави говорот однапред нечуен. Отсуството на глагол го затвора просторот за дејствување. Таквата збиеност му дава острина на Силјановиот стих: меѓу неколку зборови се воспоставува однос што не може да се разреши со лесна поука. Усниот одглас на клетвата и аманетот ја внесува современата повреда во долгото паметење на јазикот.

И поезијата е изложена на истиот сомнеж. Во „Ткаеж“, „Пеперутки без крилја“ водат кон завршното „Ткаеж од заблуди“ (стр. 54): создавањето може да произведе убавина што е лишена од движење. Во „Заветна песна“, невидлив е човекот што долго спие во „куќа од спомени“ (стр. 25). Прибежиштето го зачувало минатото, но го засолнило човекот од сегашноста. Со ваквите пресврти Силјан ја проверува и оправданоста на сопственото пеење. Зборот мора да остане буден за да има право да повикува на будење. Токму овој сомнеж ѝ дава убедливост на неговата доверба во поезијата.

Детето ја доведува проверката до точката пред која оправдувањата ја губат силата. Во насловната песна тоа има „очи на светец“; во „Жива песок“ се појавуваат „Децата без детство“ (стр. 102). Меѓу сродните зборови стои „без“: детето е присутно, а она што треба да му припаѓа веќе му е одземено. Историската загуба добива мера во еден човечки живот. Надежта дека потомците ќе бидат „будни стражари / На семето долго што ’рти“ (стр. 30) го осветлува семето од „Секојдневие“ поинаку. Заканата од сотрување добива противтежа во бавното ’ртење. Иднината останува отворена, врзана за нечие истрајно бдеење.

Во оваа книга, зрелоста на Силјан се препознава во способноста познатиот поетски речник да го изложи на нов сомнеж. Меѓусебното осветлување на песните ја прави „Пајажина“ цврсто организирано остварување, во кое македонското историско искуство добива сила на човечко сведоштво. Од „твоите очи“, преку признанието „Развеавме“, до идниот поглед на потомците, читателот постепено го губи засолништето на набљудувач. Песната го довела доволно блиску за во мрежата да ги препознае и сопствените нишки. Како ќе ги погледнеме оние што доаѓаат, ако им го оставиме она од што самите сме го одвраќале погледот?

Иван Антоновски (1990, Скопје) е поет, раскажувач, есеист, книжевен критичар, антологичар, преведувач и публицист. Асистент е на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Меѓу неговите книги се: „Кога те молев да пораснеш“, „Крикови од неископан гроб“, „(Не)отворени прашања“, „Идентитетот е приказна“, „Просто и строго – Конески“, „Од онаа страна на Небиднината“ и „Без повод за поводи“, како и книгите за деца „Бакнежи на небото“ и „Градина полна латици“. Приредувач е на антологии и книжевни избори објавени во земјата и во странство. Неговото творештво е преведено на повеќе јазици и застапено во домашни и меѓународни антологии. Добитник е на државната награда „Мито Хаџи Василев – Јасмин“, на книжевните награди „Ванчо Николески“, „Живко Чинго“ и „Илинден“ и на признанието „Успешни млади“ за најдобар млад научник во хуманистичките науки во 2021 година. Член е на Друштвото на писателите на Македонија.



ПРОЗА

821.163.3-31(082.2)

Исечок од „Илина и шумските тролови“ (Или-или, 2023)

Хана Корнети

Глава прва: Писателката
или
Како мама ми ја узурпира неделата ама после ми беше убаво

Не сакам, не сакам, не сакам во недела сабајле да ме влечкаат по гости. Недела сабајле е за цртани и корнфлекс. За будење пред мама и тато да станат и да ми се мешаат во живот. За јадење чоколадо од скришната фиока за која мислат дека не знам. За седење на праз-зеленото килимче од баба пред мама да рече *не е чистено, не седи на земја* и да ми расипе филм. И кога чистат не било чистено, а цело време некој чисти. Преку глава.

Ама не. На гости ќе сме оделе. Која е па сега таа Вирџинија? И од кај ѝ е тоа име? Школска на мама, демек, па живеела во Англија дека мајка ѝ била Англичанка, па станала позната писателка, па се преселила тука дека којзнае зошто, па мама налетала на неа во град, па да се виделе, па живеела на село, па убав воздух за *малата*. Кога викаат *малата* за мене зборуваат, како да немам име.

Тато се извади во последен миг. Го викнала баба да ѝ го поправи лавабото. Мислам дека нè мавта затоа што не го чув телефонот да свони, ама ајде. Не сум издаица. Плус сите тројца правиме тајни сојузи во различни комбинации во зависност од ситуацијата. На мама не ѝ кажуваме кога јадеме сладолед пред вечера, на тато не му кажуваме кога мама ќе ја лупне бубата, мене не ми кажуваат кога ќе умре златна рипка во аквариумот и ја заменуваат со нова. Мислат дека не знам. Или кога ми увалуваат бамја во манџата. И кога ќе ја изедам, на крај, шпионски ќе речат, *гледаш, изеде бамја, беше ли страшно?* Не знам дали повеќе боли вкусот на бамја или на нивното предавство.

Мене мама ме облече во црвено небаре е Велигден, а себеси се дотера во некои долги шалови. Можеби за и таа да личи поуметнички пред својата другарка писателка.

„Ама зошто морам и јас да одам?“

„Затоа што, Илина, убаво ќе биде да ја запознаеш Вирџинија. Па ти сакаш да читаш, а таа пишува! Убаво ќе биде и да видиш како е на село, во природа, со животни...“

„Има животни? Не ми кажа дека ќе има животни“, бидејќи тоа е веќе друго.

„Не знам дали има баш кај Вирџинија, но на село обично има животни“, одговори мама ставајќи виолетов кармин пред огледало.

„Ц, па значи може ќе нема!“

„Ќе се прошетаме наоколу, сигурно *некаде* ќе има.“

„Ааа, уште и ќе ме тераш да пешачам... и тоа во недела“, ја погледнав прекорно, ама на мама ѝ се смачи.

„Зошто постојано морам да те терам за на тебе да ти биде убаво?“

Се мрштев цело време додека одевме до бубата и откога влеговме во бубата и дур возевме низ Скопје со бубата. Ама мама тактично пушти цеде од *Битлси* и дур излеговме од сивиот град, заедно пеевме „Хеј Џуд“ на цел глас. Иако имаше кривини до селото и во бубата се осеќаа сите можни дупки на патот – а има *многу* дупки – не ми се лошеше дека седев напред што беше супер. Мама звони на бесмртната нокиа да ја препраша Вирџинија како се стига бидејќи ич не памти насоки. По две кружења од погрешни правци, бевме на правиот пат. Беше многу – многу – убав, тесен и полн – преполн – со големи дрвја што висеа над нас од двете страни. Мама го скокна цедето до Норвицан Вуд бидејќи беше како да сме влегле во шума. Иако песната мислам не е баш за шуми.

Свртевме во една долга и остра кривина и за миг видов нешто многу влакнесто, со две светкави очи, но – свијокот го скри.

„Мама! Видов животно!“

„Ете, гледаш? Веќе ти е интересно... ти реков има животни. Ретроспективно, вредеше ли толку да ме малтретираш?“ Кога вака *ретроспективно* ме прашува мама, знам дека не вредело, ама не мора да ѝ признаам. Таа секогаш е убедена дека е во право, уште ако ѝ потврдам ќе стане уште посамоуверена во иднина.

Се разретчија дрвјата и влеговме во селото, каде што кучиња и деца трчаа по колата.


„Ете бунар... после бунарот, лево, ама не по асфалтот, по цементот... што е разликата?“

Разликата, според еден селанец што мама го праша, е дека асфалтот е црн а цементот е сив. Дрвјата повторно згуснаа, а мама уште еднаш сврти лево, овој пат по земјена патека што сè помалку и помалку личеше на пат. На крајот, возевме на трева со траги од гуми.

„Аман! Остарев веќе, кога ќе стигнеме?“

И тогаш стигнавме. Куќата што стоеше пред нас беше како некоја вештерска колиба излезена од бајките што ми ги читаше баба ми порано за Василиса Прекрасна или, поточно, Баба Јага – само без да стои на кокошкина нога. Беше направена од камен и дрво, со шпицест покрив од некој зеленикав материјал како мов, од кој излегуваа не еден, туку два долгнавести, искривени оџаци.

Хана Корнети (1992, Скопје) е автор на збирките раскази „Млечни заби“ и „Каде леташ, Јулија?“, романите за деца „Илина и шумските тролови“ и неговото продолжение „Илина и тајните на Бабин Заб“, сите во издание на „Или-Или“, како и сликовницата „Каде оди реката?“ („Чудна Шума“) и е коавтор на прирачникот Croprising: Good Weeds & Bad Gardeners – A Guide („Private Print“) со Ивана Чалоска и Димитар Самарџиев. Добитник е на неколку награди – за роман за деца, за драмски текст и за краток расказ. Исто така е автор на претставата „Патот на Баба Јага“, со премиера во „Театар за деца и младинци – Скопје“ во јуни, 2026, во режија на Хана Миленковска.



ПРОЗА

821.163.3-93-32(084.11)

Извадок од сликовницата „Штркот Гвин“

Марина Мијаковска

(Скопје: Едука мак, 2026)

По долго летање од неколку дена и поминати илјадници километри, штркот од Трансилванија стигна во градот Скопје со богата историја. Месец март ја најави пролетта низ расцутените дрвја. Од височина Гвин ги гледаше цвеќињата и никнатата зелена трева. Погледот му застана на фонтаната „Воин на коњ“ и на Камениот мост.

– Каков убав град е ова! По долината на Вардар соколите пијат вода! – полн со восхит си мислеше тој.

Кога го здогледа Калето со свои очи, се сети на гласот од сонот. Се вивна натаму за да го пронајде гнездото што го виде насон. Кога стигна на Калето, го разгледа пределот и се воодушеви од изгледот на градот.

– Колку големи градби од разни периоди! Дали ќе ми биде доволно да видам сè во еден ден? – се прашуваше колебливо.

На една висока бандера пред себе гостинот Гвин здогледа големо гнездо. Се доближи и виде дека е празно. Се смести во него. Таму ги остави личните предмети: џемперите, ракавиците, капата и кошницата со храна. Гвин чувствуваше како да е дома. Си облече друг џемпер и како копје летна низ воздухот во разглед на градот Скопје. Леташе и разгледуваше. Кога Гвин се врати во гнездото, забележа дека во него има некој. Помисли дека ќе настане војна на штркови. Почна да си го остри шилестиот клун за борба. Тогаш се случи нешто чудно. Во гнездото со свиткани нозе имаше една убава штрчица. Се доближи до неа срамежливо и се претстави:

– Јас сум Гвин од далечната Трансилванија. Која е оваа дама што во ова гнездо стои сама? – ја запраша тој штрчицата.

– Јас сум Ана од Скопје! Добре дојде во мојот дом, Гвин! – рече таа и му го погали клунот. Гвин ја погали Ана со својот клун.

Штркот почувствува топлина, гостопримство и радост. Осаменоста и тагата за миг исчезнаа. Се стопија како снегот во рана пролет.

– Не враќај се назад, пријателе! Остани во овој град и биди сведок на сите културолошки чуда. Јас сум сама. Мојот партнер ме напушти. Со плачлив глас го убедуваше штрчицата Ана.

– Да бидеме пар ако ти се допаѓам? – му рече штрчицата. Гвин штракна со клунот во знак на согласност. Двајцата легнаа во гнездото топлејќи се во заедничка прегратка. Долго разговараа. Гвин зборуваше за Трансилванија, а Ана му раскажуваше за Скопје. Двајцата се сретнаа со животите на пола копје. Да не дојдеше тој во Скопје, ќе беше бледа сенка на преселниците.

Гвин тука за првпат почувствува љубов и среќа. Не само еден ден во Скопје, Гвин реши сиот живот да остане овде со штрчицата Ана. Така штркот Гвин од гостин стана домаќин. Во Скопската Котлина има многу штркови кои секоја година доаѓаат во гнездата. Тие остануваат девет месеци за време на топлата сезона. Затоа малите деца знаат дека штрковите ги носат бебињата. Штом ќе се вратат од југ во истите домови, секоја година преселниците ги поправаат старите срушени гнезда со нови гранки. За подготовките на венчавката на Гвин и Ана дознаа и штрковите од Трансилванија. Тие го прифатија Гвин и повеќе не се потсмеваа на неговата самотија. По пошта му испратија топли честитки за среќен живот со Ана во Скопје.

По еден месец Гвин и Ана се венчаа. На скромната венчавка присуствуваа најблиските пријатели од Бран и од Скопје. Честитки пристигнаа од сите страни. На небото над Скопската Котлина летаа многу јата штркови.

Штркот Гвин е домазет. Тој во градот под Водно создаде семејство. Гвин во Скопје стана домаќин, а мислеше тука само гостин да биде. Домот е таму каде што ти е срцето! Тоа е позната скопска поговорка во која се увери и штркот Гвин. Секој ден сè повеќе ги запознаваше градот и неговата околина. Штркот откриваше нови места во Старата скопска чаршија, околу плоштадот и во паркот „Жена борец“. Штом пекна жешкото сонце и скопското лето го вжешти воздухот, Ана снесе пет јајца во гнездото. Се испилија две штркчиња: женско – по име Јана и машко по име – Дарин. Нивниот татко Гвин се грижеше за нив и не ги остави никогаш сами. Мајка им Ана ги растеше и ги негуваше штркчињата до големи. Семејното гнездо на штрковите Гвин и Ана како сјајна ѕвезда до ден-денес блеска под скопското небо. Штркот Гвин, штрчицата Ана и штркчињата Дарин и Јана и денес живеат во Скопје. Џиновското гнездо близу Кале ги мами погледите на туристите што ја посетуваат Старата скопска чаршија. Семејството штркови од височина ги поздравуваат љубопитните погледи на луѓето.



Марина Мијаковска е доктор на филолошки науки. Од 2013 година таа е членка на ДПМ. Творештвото на Мијаковска ги опфаќа стихозбирките за возрасни: „Номадска душа“, „Куфери“, „Психоаналитичка алхемија од страсти“, „Тиркиз во лето“, „Постела на тишината“, „Коскена“, „Свилени времиња“, „Oqueani i grave“ (поезија на албански јазик) и „Млечни прозори / Млечни прозорци“ (поезија на српски и македонски јазик). Таа ги објавила книгите со раскази „Куќички“ и „Приказни од Пајко Маало“ и есеистичките и научните книги: „Жанровски полимер: сандаче од ракописи во обид“, „Модели на родовата идентификација“ и „Écriture féminine и романот: прилог кон феминистичката теорија на жанрот“. Во творештвото за деца ги има стихозбирката „Новогодишни детски песни“ и сликовниците „Кошница со калинки“ и „Штркот Гвин“. Награди: „Караманов“ (2013); „Македонска книжевна авангарда“ (2013); „Крсте Чачански“ (2014); „Бели мугри“ (2015) и награда „Даница Ручигај“ при ДПМ (2019).



ПРОЗА

821.163.3-93-31(082.2)

ГРУМБО ПРИСТИГНУВА ВО ГРАТЧЕТО КАПИ И ШТИЦИ

Ванчо Полазаревски

Некаде, е-хе натаму, накај у-ху, онаму и дури и о-хохо, поваму...

Не, не... се збунив. Ќе почнам од почеток. Еве вака:

Малку потаму, ама лево од десно и десно од лево, се наоѓа гратчето Капи и Штици. Прекрасно гратче? Можеби... некогаш. Сега веќе не. Не, тоа не личи на огромна депонија за смет. Тоа Е огромна депонија за смет. По неговите улици ветрот секој ден си прави журки со разни отпадоци од сè и сешто, расфрлени наоколу како да експлодирале џиновски пуканки.

Од оџаците на фабриките и куќите буфта чад со сивило толку густо што низ него можеш да се пробиеш само ако си каратист. И тоа доообар каратист, од оние што освојуваат медали. Магла, бела божем како невеста и смог моќен како бог, се распостилаа наоколу, пикајќи се во секое ќоше како да се дома.

Жителите, кога ќе мораа, излегуваа од дома земајќи колку можат повеќе воздух и не дишејќи додека се надвор. Трчаница купуваа само леб и јогурт, оти за да купат повеќе продукти ќе им снемаше воздух. (Некои, во такви околности, купуваа дури и цигари! Срам да им е!) Побогатите излегуваа со боци кислород на грбот и се движеа низ градот како по дното на некое море или океан.

А птиците?

Што, кој? Не се слуша, многу е густа маглата. Што тие? Кои?

Птиците!

Аааа, птиците! Па тие си одеа на работа пеш, односно со скироли по гранките од дрвјата. Кога ќе дувнеше некој сивосан ветрец, се судираа со безброј истуткани пластични кеси. Да знаеја да зборуваат, птиците веројатно тажно ќе офкаа:

„Оф, леле! Оф, мајко мила мајчице!“

Малечкиот Оли се упати кон контејнерот за смет пред зградата во која живееше за да го фрли домашното ѓубре. Беше темно како ноќ, а плус и беше ноќ, значи темно како две ноќи. Силна грмотевица се силеше сè повеќе и повеќе а некое лајтшоу од молњи на небото создаваше страшничка и морничавка атмосфера. Барем можеше да се каже дека воопшто не беше здодевно.

Само на чекор до контејнерот, над Оли од којзнае каде долета пластична кеса со смет, го промаши контејнерот и се закачи за неговата рачка. Врз неа рипна црна мачка и ја парчоса. Прелетувајќи го местото една страчка какна во парчосаните остатоци од ѓубрето. Оттаму се слушна едно ***ѓлоѓф*** па ***чѓрнџ***. Потоа збувнат, темнозелен облак од чад густ како смола се спушти од небото и ја голтна кесата.

По едно ***шлаѓа-ѓаѓа-ѓуф-ѓуф*** следуваше мала експлозија. Од сето тоа изникна нешто, големо и страшно. Тоа нешто беше како некој да решил сам да си направи машина за миење садови, па користел расипани делови од фрижидери, шпорети, правосмукалки, ауспуси.... и оддеднаш го фатил инает и се откажал од мајсторијата. Ете така некако изгледаше тоа нешто кај контејнерот, целото обвиено со долги тенки пипала кои постојано потскокнуваа, се извиваа во сите правци и цивкаа како глувчиња од петто одделение. И сè беше проследено со клокотење и чкрипење:

Грууууум! Бооооо!

„Што е па сега ова? Кој е па ова? А од каде па тука? Да не е кралот на сметот?“, се роеја безброј такви прашања во главчето на Оли. Тој, да биде сосема јасно, воопшто, ама воооооооопштоооооо, не беше плашливо дете.

„Ве молам, простете, пардон, ако можам да прашам, а кој сте вие?“, му се обрати тој на Нештото.

Нештото немаше очи, не зборуваше, испушташе некакви неразбирливи крици, а се движеше како да се лизга по невидливи шини во сите можни правци.

Немаше никаков одговор. Оли продолжи да му зборува.

„Ова... бидејќи слушнав некакво ***Грууууум! Бооооо!*** дозволете да ве наречам Грумбо.“

Нешто како кикот, скокот, клокот и троскот се слушна од Нештото. (Не, троскот е друго... се слушнаа само кикот, скокот и клокот.) Како и да е, најлесно е понатаму Нештото да го викаме Грумбо, како што предложи Оли. Нели? Се согласувате? Да? Супееер.

Големиот Грумбо личеше на некој што е страв и трепет за сè околу него. Тоа Оли веднаш го забележа. „Не постои некој што не би се плашел од него“, си помисли тој. Дури и самиот Грумбо веќе имаше уплав од самиот себе, само што тоа вешто го криеше со испуштање грозни чкрипења, звуци на гмечења стари автомобили и слична метал музика.

Џѓррр, бррррр, џуѓуб, џѓррррр, бррррр, вѓуб шран-бран-брун!

Добро, може и да имаше некој што не се плаши од него, ама ние не го познаваме. А вие, знаете некој таков?



(извадок од романот „Чудна случка во гратчето Капи и Штици“, Арс ламина, Скопје, 2026 г., добитник на наградата „Оливера Николова“ за 2026 година)

Ванчо Полазаревски (1951) е истакнат македонски хумористсатиричар и писател за деца. Има работено како новинар и уредник во „Битолски весник“, Радио Битола, „Млад борец“, „Остен“, „Детска радост“ (ги уредуваше списанијата „Другарче“, „Наш свет“, „Развигор“ и „Макстрип“), како и во „Теа Модерна“, каде што го основа и го уредуваше списанието „Тин-шема“. Соработуваше со МРТВ, со Радио Скопје и бројни македонски весници и списанија од поранешните југословенски републики.

Автор е на книги поезија, раскази, пиеси и роман за деца, книги проза и хумористични за возрасни, неколку сликовници, театарска претстава, книги со афоризми, гатанки и брзозборки. Неговите дела се преведени на турски, албански, естонски и на јазиците на поранешните југословенски републики. Неговата збирка пиеси за деца „Сештологија“ е изборна лектира за шесто одделение. Долг период беше застапен во лектирата за прво одделение и во многу читанки за основно училиште.

Добитник е на значајни награди. Член е на ДПМ, а беше член и на сатирично-хумористичната група „Кикс“ при „Студентски збор“.



ПРОЗА

821.163.3-32

Приказни за деца, а бајки за возрасни

Горјан Петревски

ЈАВОРОТ И БРЕЗАТА ОД БУЈНАТА ГОРА

Далеку, во бујната гора, на полјаната со диви цвеќиња, растеа витка бреза и млад строен јавор. Постојано копнежливо се гледаа, а никако не можеа меѓусебно да се доближат. Низ годините што минуваа ги издолжуваа гранките еден кон друг, ама од дофат беа далеку. А толку нежност и тајни имаа да си доверат и да си искажат меѓу себе.

Јаворот долго размислуваше што треба да направи. Но, немаше храброст гласно да го искаже она што му лежи и тежи на душата. Сакаше нешто да ѝ потшепне на брезата, а никој од жителството на дивата полјана да не го дочуе. Зашто, само шепотот умее да ја скрие и да ја сочува тајната.

Младото дрво мораше нешто да измисли.

Најсетне се досети. Некоја птица му раскажа за моќта на телеграфските жици. А во неговите гранки живееше пајакот. И уште веднаш преговорите почнаа.

– Пријателе, сакам само тебе да ти ја доверам тајната што ја кријам... – му се отвори на пајакот. – Знам дека ќе ја зачуваш.

– Довербата е најголема чест! – му одврати пајакот. – Секоја нечија тајна треба да се скрие и да се задржи само за себе.

– Но, од тебе, соседу, морам да побарам помош... – продолжи јаворот. – Само ти можеш да ми помогнеш...

– Она што можам... – ги крена раменици-те пајакот. – Ти само кажи...

– Нешто ми натежнува на срцево... – си призна јаворот. –Треба тоа да ѝ го кажам и на брезата.

– Те разбирам, пријателе – му одобро-воли пајакот. – Те сфаќам...

– Затоа, те молам, преку твоите жици... преку струните што ги предеш, поврзи ме со неа. Телефонски. Само малку да ѝ по-тшепнам... Морам да ѝ го кажам она што постојано натежнува во мене.

– О, строен јавору, со задоволство! – прифати тој. – Барем тоа не ми е тешко.

Пајакот се зафати со работа. Набргу оптегна жици меѓу нив и внимателно се оддалечи за да не го прислушува нивниот разговор.

Токму на залез, кога сонцето разлеваше румени бои, јаворот нешто ѝ потшепна на брезата. А и ветрето се погрижи шепотот да го пренесе преку пајаковите жици. Што е најважно, неговите зборови допреа до убавицата. Никој друг, освен вит-ката убавица не ги слушна. И дали од бои-те на залезот или, пак, од нешто друго, (да не и од некоја скриена возбуда!?), таа се зацрвени, а лисјата ѝ затреперија.

Од тој ден, јаворот и брезата во сè како да се сфатија и станаа уште поблиски, но и уште повеќе посакуваа да си ги допрат гранките. Нивниот мерак да бидат блиску еден до друг, сега беше многу, многу по-голем.

Туку, колку и да сакаа, гранките сепак, никогаш не им се доближија една до дру-га за да се допрат, за да се прегрнат.

ПОСЛЕДНАТА ПЕСНА НА ШТУРЕЦОТ

Младиот штурец Виолинчо Виртуозов, преку цело лето одржуваше концерти под коренот на лопенот во ливадата. Но, летото веќе си замина, а една ноќ замол-кна и неговата виолина. Тоа премногу ја растажи бубамарата, убавицата Шаренка. Зашто, секоја вечер со песната на штуре-цот заспиваше на лопеновиот лист. Рано наутро со истата песна и се разбудуваше.

Утредента, по завршувањето на послед-ниот концерт, си ги прибра инструмен-тите. Само тој знаеше колку му е тажно срцето. Требаше да си замине. А за него немаше ништо потажно од разделбата со летото.

Но, кога, ете, некој, потропа на неговата врата. И влезе убавата Шаренка. Тивко, кротко и срамежливо. Нему му запре здив-от од изненадување. Не очекуваше ваква посета, сега, кога мораше да си замине.

– О, повелете, убавице! – се израдува. – Вашата посета ми причинува чест.

– Ви благодарам, славен свирачу! – сед-на на столчето бубамарата. – Простете, јас вака, ненајавено...

– Ах, пријатно сум изненаден! Иако, мо-жеби требаше порано да дојдете... – како да жалеше Виолинчо. – Но, не пречи и сега, не, не...

– Замолкнаа звуците на Вашата виоли-на, па сакав да дознам што се случило. Ете, затоа дојдов! – му врати Шаренка.

– Ах, мораа веќе да се стишат. Време е да си одам. Брзо ми одлета летово...

– Што!? – ѝ затрепери гласот на Шарен-ка. – Си одите?! Зар морате, маестро!?

– Па, ми завршија, драга госпоѓице, кон-цертите – воздивна тој. – Толку беше...

– Ох, немојте... Барем уште малку оста-нете... – трепереше бубамарата. – Толку ќе ми бидат празни вечерите и ноќите...

– Би сакал да не си одам, ама ми истече договорот со летото. Немам друг избор.

– Многу ми е жал... – се растажи таа. – Само да знаете колку ги слушав Вашите концерти. Никогаш нема да ги заборавам.

– Ви благодарам за честа! – се смеш-каше Виолинчо, наведнувајќи се и бакну-вајќи ѝ ја раката на убавицата. – Топло Ви благодарам.

– Ве молам, ако не барам премногу, се разбира и ако не Ви е тешко, за разделба, отсвирете ми уште нешто... – го замоли Шаренка. – Што и да е, по Ваш избор...

– Ах, не ми е... – ја дофати тој виолината. – За убавица како Вас, со задоволство...

И Виолинчо Виртуозов ја засвири најтажната песна за крајот на летото. Жи-ците, на неговата веќе стара виолина, тре-переа. Свиреше за зрели пожнеани жита. Свиреше за миризливи цвеќиња сред бујни ливди, што свенале и воздивнувале под замавнувњето на косата од косачите. И за оние што гореле под снежинките на првата слана. Свиреше за топлите летни ноќи што си заминале. Свиреше, со занес свиреше... Сите што го слушаа си помис-лија дека пак се вратило летото. Во очите од Шаренка, засвездија солзички...

На крајот, големиот маестро, до земја се поклони, а и овојпат ѝ ја бакна раката на убавицата и си го избриша испотеното чело.

Така и се разделија на крајот од летото.

Бубамарата со насолзени очи гледаше во него, сè додека штурецот не исчез-на зад свиокот на ливадата, останувајќи самата да тагува и долго да чека, дури допролет, пак да ѝ се врати славниот ви-олинист.

(Од книгата „Земјата од сонот“, Детска радост, Скопје, 1980 г.)

Горјан Петревски (1951, Мренога, Демирхисарско) студирал на Филолошкиот факултет во Скопје на групата за јужнословенска книжевност. Работел како новинар во Македонската телевизија на програмата за деца, а потоа и во НИП „Нова Македонија“ каде што работел во забавникот за млади „Наш свет“. Бил главен уредник на ревијата на ДПМ „Стожер“, одговорен уредник на списанието „Развигор“, како и одговорен уредник на издавачката дејност во издавачката куќа „Детска радост“. Член е на ДПМ од 1980 година. Автор е на бројни раскази за деца и млади, романи за деца и млади, лирски записи, сказни по народни мотиви, сликовници, телевизиски серии, информативно-документарни серии. Неговите дела се преведувани на странски јазици, а според негови дела има и радио драми за деца и млади. Добитник е на наградата „Ванчо Николески“ за книгата „Пролетни дождови“ (сказни работени според народни мотиви инспирирани од приказните на Марко Цепенков за животните).



ПРОЗА

821.163.3-32

КРУНСКИ ПАНАГОН

Горан Тренчовски

(Извадоци)

ЛЕПЕЗА

Едно утро ја поканив Хедвиг на мала прошетка по замрзнатото езеро. Таа беше лик од една претстава што ја имав гледано илјада и една ноќ, а за нејзин создател го сметаа г. Ибзен. Во раката носеше лепеза од желкина коска. Ми шепна дека таа ѝ значи повеќе од сè друго во животот.

Во еден миг, се сетив дека ширењето или затворањето на лепезата има симболично значење за театарот кабуки. Покрај тоа што е знак на благородност, таа може да означува и изгрев, ветер, дожд, сечење со нож, гаснење на жедта. Но егзотичната лепеза во раката на Хедвиг беше и сонце и месечина, и црно и бело, и живот и смрт.

Дури откако од една чешка старинарница првпат купив лепеза, сфатив дека тој магичен реквизит ги содржи безмалку сите главни законитости и противречности во неимарството.

Не знам како, но некој злобник ѝ ја беше изгорел светата лепеза на Хедвиг. Таа жална вечер Хедвиг тргна сама да талка по езерото. Истата ноќ на домашниот екран го прикажуваа филмот „Дива патка". Тоа беше несреќна приказна за саможртвувањето и спуштањето во длабочините на животот изграден врз лаги. Девојчето имаше в раце еден бастун, а лицето ѝ беше необично бледо.

Направи дупка со бастунот среде езерото и – се удави. Во знак на протест поради запалената лепеза.

НЕБОТО СЕКАДЕ Е РАЗЛИЧНО

Како дете сонив сон со лик на четвртмесечина во човечки облик. Додека растев, од сеќавањето постепено ми се бришеше таа слика. Денес од неа останаа само трошки.

Приказната за квартетот млади лунатици се случуваше една вечер во месецот на праските, во еден мал град со скоро осветено црквиче, во предворјето на Нова Европа. Познавајќи се само од минати времиња, ниту помислуваа дека еден ден номадската судбина пак ќе ги сплоти и ќе ги исправи пред темната страна на месечината.

Жак е страстен сонувач, Лени е вљубена до уши, Бил е соперник на Жак, а Тото е оној кој посакува. Крај нив е Бретонович, песот скитник кој најтрезвено ги мери нежноста и гневот на тасот од ноќта. Со текот на времето, по низа надреални случки, започнуваат несогласувања во друштвото, што доведува до помислата за исчезнување на најубавото. Лени флертува со сите тројца, а додека Бил и Тото се под дејство на дрога и алкохол, Жак се обидува да се обеси на собната закачалка.

Трагедијата се спречува со посредство на месечевиот срп, благодарение на неговото исцелително зрачење.

Младата месечина е битие во фаза на созревање. Таа е иста и во Англија, и во Франција, и во Германија, и во Италија.

Но во моето сновидение, небото под младата месечина беше секаде различно. Во него беше неизвесно каде е морето и дали воопшто постои море. Таму сите беа уплашени од сенката на сопствената сенка. А смртта беше полесна од сонот.

Luna prima – стара муза. Нејзината патека ја следи и оваа белешка.

АЈНШТАЈН ВО БЕРМУДИ

Во годината кога се роди брат ми, играше една претстава насловена „Ајнштајн на плажа". Таа, слично како и оној расказ за алефот, на свој начин даваше прилог во сознанијата за односите помеѓу просторот и времето, попознати како релативитет.

Според современата физика, просторот е изотропен, бескраен и праволиниски координиран, а времето хомогено, непрекинато и неповратно тече само во една насока. Појавите како што се парадоксите на скалата, на близнаците, на црната дупка, биле предмет на испитувања на многу научници. За некои, пак, е интересна проблематиката околу истовременоста на настаните. Ако ти јадеш грозје во Јоханесбург, а јас праска во Луксембург и ако и ти имаш часовник (швајцарски!) како мојот, тогаш изедувањето на овошјата ќе го сметаме за истовремено, ако во моментот на фрлање на ѓубрето во канта часовниците ни покажуваат исто време. Два настана кои од точката на гледиште на еден набљудувач се одигруваат истовремено, но на различни места, од точката на гледиште на друг набљудувач кој се наоѓа во подруга состојба на движење, ќе се одигруваат во различни времиња, и тој како такви и ќе ги набљудува.

И што е, сега, релативитет?

Ајнштајн, во кратка пауза помеѓу два свои сона, преслечен во бермуди, сончајќи се, стои на својот балкон.

– Кога човек седи еден час со убава жена, тоа му изгледа како една минута – одговара брилијантно. – А кога седи минута в оган, тоа му се чини подолго од еден час.

Ете, тоа е релативитетот. Многу едноставна работа.

Горан Тренчовски (1970) дипломирал режија на Академијата во Нови Сад. Режирал повеќе филмски, ТВ и театарски проекти, автор е на десетина книги есеи, приредувач на антологии, напишал две драми и неколку сценарија. Магистрирал и докторирал со теми за филмски адаптации и интермедијални верификации. Вонреден професор на Универзитетот Европа Прима. Претседател е на филмскиот фестивал „Астерфест". По добиените награди за играниот филм „Златна петорка", живее и работи на релацијата Македонија – Велика Британија.



ОСВРТ

821.163.3-31(082.2)

Крсте Чачански: Во сенката на лилјакот

Љубинка Донева

„Со Климента тајно се имавме верено. Си дадовме збор. Ми го даде клучот од нивната куќа. Ода еднуш неделно да поспастра. Ама страшно е. Немат никој во куќата. Горе на таванот, имат лилјаци. Али лилјаци али сенки. Ноќе, кога сака да заспија, идет сенките од куќата, едно тежиниште... ама ја досега су немала мака, или аку насета нешто, ќе си се прекрста и готово".

Ова е опис на сонот на Климента, во кој се јавува Денијела, саканица и свршеница на Климента, еден од ликовите во романот *Во сенката на лилјакот* од Крсте Чачански. И колку повеќе срцето се стопува од прекрасниот, свој, близок јазик(?), толку посилно притиска чувството на студ од непознатото во ноќта. Буди асоцијации (како и насловот) за сенките, за лилјакот, за куќата...за одбрана од „темничиште". А одбраната е преку љубовта до просветлувањето. Оти луѓето „што сакаат, по дефиниција се луѓе кои созреваат". Денијела е една од нив, како што и нејзиниот Климент (асоцијативно со името, означува божја милост, за да биде достоен за љубовта, се подготвува за неа. Заедничкиот лет со татко му и брат му преку океанот, е обид и за вистински лет, но насловот алудира на лилјаков. Романов е од 140тина страници со епилог на прологот и пролог на епилогот (доста необично и оригинално), со мото што боли: „Сè започнува од Ништо, а ништото завршува во сè". Ништо значи и празнина, без облик, но секој облик, пак, е празнина. А се вели, празнината е и темел и гробница на сè. Веројатно таа и го напишала делово. Но треба да се стрела по неа со „оној невидлив и мек оган на творец и страственик". А што е писателот ако ја нема страста?! „Сега таа (душата на дедо) е заробена и низ неа е невозможно да помине страста, а ти сам знаеш колку нам ни значи таа и како нè крепи". Оти спротивно, празното се шири и ќе се храни и убива со надежи. И така, носталгично меко, а непоколебливо страствено, авторот нè воведува меѓу сенките на неизвесноста што го очекува нашиот човек со судбина на откорнатик. А неизвесноста е судбината во секој поглед, печалбарството, особено. Печалбарството токму е основа, фон врз кој е разработена сложена и слоевита психолошка тема. Душевните турбуленции на нашиот човек дома и во туѓина, психологијата на туѓинецот воопшто, во митската Америка, виден и од другата страна. Емерсоновата констатација дека е најдобра онаа книга која побудува на активност, на работа, во случајов е сосем на место... зашто во „Сенката на лилјакот", прдизвикува првин размисли, тешки и горки. Оптоварува со чувства горливи и темни, боли. Болката пак, нашата неизбежна пријателка, активира. Зашто Апостол Зоролски и неговите (првин татко му, а потоа и двата сина), се болка во болката, умножена и зацврстена болка, светла патека до болка, до Бога, до просветленоста. А сè почнува од сонот, од темното... Зашто и сонот е негов плод, на темното. Од едно темно, се развива сонот за едно крило, за лет. Така започнува раѓањето на трагедијата. Таткото ги затровува (еден ми се чини посоодветен збор од источните говори, отколку само затруjува, од отров) труе своите синови со сонот за Америка, како што и него таткото го затрул и така наназад со генерации и генерации, затруени од сонот за печалбарење, тој гроб македонски, таа исто така темнина и предел на лилјакот.

Широчината на ова дело, добива повеќе со прашањата за силата на изворите на космичката енергија и хармонија, нултата гравитација „осумте планети што го опкружуваат Сонцето, осумте чувари на просторот", т.е Бескрајот. Хоризонталната осумка на Бескрајот е всушност Тао, патот на доблеста, животот низ двојство, низ одовдето и одондето (во темното), низ паѓања и издигнувања, низ белези и траги.


...Секој е сам на светов. Ти не си сам?" Сам си?!, е одговорот во вид на прашање, што како и Апостол Зоролски, во средината на животот си го поставуваме: Каде сме? Тој мученик констатира:„...нема зло што не сум го изживеал„ и „ги прекори сопствените мисли, нивната празнотија, зеде воздух и тргна кон влезот". Има во *влезот* повеќезначност. Влезот во болката, во ново страдање, свесно да се биде и татко и дедо и татко и чичко и брат. Стрпливо и трпеливо и понизно. Болно, до врвот на празното, на Ништото. Затоа се бара апсолутната енергија што ги помрднува огромните запци на Ништото, а тркалото на нештото се придвижува со енергијата на мислата и се создава вечното мислење за кружниот тек на совршената машина, животот. Тоа е патот по кој поретко се оди и затоа е стопување на мислата со материјата преку моќта на бескрајот, интелигенцијата на Универзумот.

(Извадок од „Континуитети", Академска мисла Скопје, 2026)

Љубинка Донева (1951) е поетеса, писател за деца, книжевен критичар, лексикограф, а во поново време и автор на афоризми, сатира и пародии. Член е на ДПМ, каде била член на Собранискиот одбор, член на редакцијата на „Стожер" и член на комисии за доделување на наградите „Ванчо Николески" и „Ацо Шопов".

Објавила 8 книги поезија, 6 книги за деца, 3 книги со книжевна критика и 1 речник. Коавтор е на учебник по Македонски јазик за V одделение, за учениците со албански и турски наставен јазик. Одделни песни ѝ се препеани на англиски, бугарски, словенечки, српски, хрватски, бошњачки, италијански и руски јазик. Застапувана е во антологии и добитник на награди.

Донева е рецензент на учебници за основно и средно образование, долгогодишен соработник на Драмскиот аматерски фестивал и проследувач на ликовни изложби. Од 1980 до 1988 година била претседател на Друштвото за македонски јазик при Општина Кочани. Живее и твори во Кочани.



ОСВРТ

821.18.09

ДИЈАЛЕКТИЧКИ И ЕСТЕТИЧКИ КОНЦЕПТ НА ЛИТЕРАТУРАТА

Ахмет Селмани

(Осврт кон книгата „Книжевни индивидуалности“ од Нехас Сопај)

Книгата „Книжевни индивидуалности“ од авторот Нехас Сопај е книга од неговата универзитетска кариера како професор по современа албанска литература, која во овој случај е крунисана како научна студија за овој книжевен период, каде што се третираат 30 автори со посебни креативни и уметнички профили.

Во првиот дел, авторот прави теоретска дефиниција на концептите и поимите за време на развојот на оваа литература, која има свои специфични карактеристики. Прво, тој се фокусира на типологијата на чистата лирика (пуро лирика), како и на внатрешната структура на романот, нагласувајќи ги посебните аспекти и одлики на книжевните жанрови. Всушност, тука естетската рамнина е претставена како фундаментална основа на литературата.

Во вториот дел, авторот се задржува особено на творечкиот книжевен опус на 30 различни автори, кои се типични носители и претставници на современата албанска литература. Таквиот мозаик се одвива преку истакнување на вокацијата, склоноста, идеите, формите, концептите итн., што ги разликуваат овие автори и ги прават посебни индивидуалности. Во овој контекст, главниот принцип на авторот е секогаш естетски и научен, тој едноставно создава аргументиран и детално разгледуван.

Затоа, може да се каже дека оваа книга е репрезентативна и селективна, која има за цел да му даде на читателот јасен преглед на развојот на современата литература во најсуштинска, најестетска и најнаучна смисла. Нејзиното следење и анализа во подолг временски период овозможува создавање на поцелосна научна синтеза, секогаш зачувувајќи ја дијалектичката и естетската логика на книжевниот концепт како креативен и развоен феномен во времето и просторот.



Нехас Сопај е роден во 1954 година во Слупчане, Куманово. Основно образование завршил во родниот град, средно образование во Куманово, а студии по албански јазик и литература во Скопје. Исто така, завршил и постдипломски студии, кои ги завршил во Приштина со тема „Типологија на дијалогот во албанскиот роман во Југославија“, а докторатот го одбранил со тема „Наративот во албанскиот монолошки роман“ во Скопје.

Во 1977 година се вработил во весникот „Флака е љубоврумот“, а од 1980 година наваму во Катедрата за Албански јазик во Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Нехас Сопај објавил разновидни литературни дела: песни, раскази, романи, драми и разни научни трудови од областа на книжевната критика. Најистакнатите дела на авторот се: „Алга искачена од море “, „Далеку“ (избрани песни), „Писмо за Лирија“, „На дното на Ахерон“ (раскази), „Изгубениот прстен“, „Лет над Слупчане“ (романи), „Гуштер“ (драма), „Албанска пуролирика. „Книжевни индивидуалности 2 – Теки Дервичи“ (студија) итн.

Сега е во пензија и живее во Куманово.

Ахмет Селмани (1965, Скопје) основно и средно образование заврши во Скопје, а Филолошки факултет (книжевност) заврши во Приштина (Косово). Работел како новинар, коментатор, уредник и главен уредник во списанието „Флака“. Работел и како советник за односи со јавноста, раководител на Секторот за превод и лекторирање и државен советник за јазично уредување во Агенцијата за примена на јазикот во РСМ. Автор е на 4 книги поезија, 2 романи, 2 книги раскази, 1 книга разговори со писатели, 6 книги со студии и 1 книга критики, есеи, написи, реагирања, песни, раскази, преводи. Превел 5 книги од албански на македонски јазик, 2 книги од хрватски на албански јазик, 2 романи од српски на албански јазик и 1 роман од македонски на албански јазик.

За книгата поезија „Инфинитивна поука“ ја доби наградата „МОСТ“ на ДПМ, а за препевот од албански на македонски јазик на книгата поезија „Чекајќи го сонот“ од Фатјона Геци, ја доби наградата за превод.



ПРОЗА

821.163.3-31(082.2)

Украдени детства

Петар Андоновски

(извадок од необјавен роман)

На балконот имаше стол од бамбус. Тоа беше единственото нешто донесено од нивниот дом во Скопје. На него Ана ги имаше поминато последните години, денови, часови. Можеби на него и го испуштила последниот здив додека гледала во планината пред неа. Столот го поместувам спроти снопот светлина која доаѓаше некаде од зад шумата. Значи вакви ѝ биле попладнињата на Ана, помислувам и вдишувам од свежиот воздух кој ми ги сече градите на половина. Некаде во далечина слушам како жубори вода.

„Овој викенд ќе одам во село кај баба ми и дедо ми, ќе дојдеш наредната сабота кај мене", ми рече Мими. Помислив дека ги има забележано разочараните изрази на лицата на моите и ги има слушнато потсмевањата на брат ми. Сигурно е лута и сака да престанеме да се дружиме, си реков. Можеби почнала да се дружи со некој друг и сега него го вика кај неа. Претпоставките и стравовите се надоврзуваа еден на друг.

Таа сабота јас сепак отидов иако ми беше кажано да не доаѓам. Ана ја отвори вратата и кога ме виде се изненади. „Мими е во Нижополе, зарем не ти кажа?", праша збунето. „Да, ми кажа, но јас бев во близина и наминав само да ве поздравам", излажав. Ана се насмеа радосно и ме покани да влезам внатре. Кога видов дека Мими не ме излажала малку се засрамив, но тоа траеше кратко. „Дали сакаш да ми правиш друштво и заедно да ручаме?", праша. Седнав на трпезариската маса. И чекав да донесе јадење како ние двајцата да бевме семејство. Првин донесе марула во една длабока чинија која веќе ја имаше подготвено. Потоа се задржа во кујната и од таму дојде со една чинија за сервирање мезе. На неа имаше нешто што не наликуваше на храна. Ролетните беа спуштени до половина и освен светлото од спуштениот лустер друга светлина немаше. Дури кога ја постави на средина од масата видов дека во чинијата имаше делови од женско тело исечени од разни весници и списанија. Нозе, раце, цицки, бутови, внимателно исечени и сервирани. „Јас ќе си земам една нога и една рака, ти можеш да ги пробаш градите", рече додека со штипка за месо си ставаше во чинија. Не знам колку време сме седеле така. Во еден миг таа не можеше повеќе да издржи и почна да се смее. „Се шегувам. Ова ми е материјал за новата изложба."

Јас и понатака гледав збунето во неа. Помислив дека е можеби некаква замка и дека ми се осветуваат со Мими. „Сонував река како тече, а по неа пловеа делови од разни...", и без да ја доврши реченицата стана и отиде во кујна. Се врати со тава ориз и копани. За време на јадењето молчевме. Кога завршивме ми се извини уште еднаш за шегата и повторно почна да се смее.

„Јас знам да гледам на грав!", побрзав да кажам пред да ми приреди уште едно изненадување.

„Навистина?", праша со неверување.

„Донеси грав и ќе видиш."

Сега таа беше збунета. А јас бев задоволен од својата брза реакција и можност и јас да покажам дека поседувам некаква супер моќ. И реков да си постави конкретно прашање за љубовта, работата, здравјето итн. А потоа со двете раце измешав 41 зрно грав и ги истурив на масата. За сето време Ана ме гледаше со голема љубопитност. Расфрланите зрна ги поделив по 3. На крајот останаа 2. „Имаш застој, некакво одложување на ова што си го замислила", реков загрижено. Ана се насмевна. „Можеби ќе имам повеќе среќа друг пат."

Петар Андоновски дипломирал на Катедрата за Општа и компаративна книжевност во Скопје. Автор е на една збирка поезија „Ментален простор" (2008) и на пет романи: „Очи со боја на чевли" (2013), „Телото во кое треба да се живее" (2015), „Страв од варвари" (2018), „Лето во кое те нема" (2020) и „Не кажувам" (2023).

Добитник е на наградите:

– Роман на годината („Телото во кое треба да се живее", 2015),

– Европска награда за литература („Страв од варвари", 2020),

– Најуспешен домашен автор (признание на Македонската асоцијација на издавачи за 2020 година, доделена на Саемот на книгата во Скопје),

– „ПЕН преводи" (за романот „Лето во кое те нема", 2020).



ПОЕЗИЈА

821.163.4(497.6)-1

ПЕСНИ

Сеида Бегановиќ

Балконска песна

Тоа мое цвеќе на балконот и не е
некоја гледка
Démodé е
и навредено ме гледа
Го делам по луѓе, но на сите им умира
Го удавуват во вода
Се плашат од мене или веруваат дека
сум посебна
И потоа го полеваат и полеваат
Кожниот лекар викаше на мене преку
џиновска лупа
дека сум ја заборавила убавината и
дека сето тоа е од солзите
тоа што кожата ми се распаѓа, а јас не
стареам
И престанав да седам на балконот
цели ноќи за да плачам
а продолжив да плачам во еден агол
над шпоретот
и солзите ми паѓаа на врелите плочи
Еднаш се вратив од пат и аголот
беше празен
а ќерка ми рече
Прашај ја Силвија Плат каде ти е
шпоретот
Не ми даваат ни да плачам и затоа
така изгледам
Démodé и навредено.

Октомвриска песна

Волјата е моќ на увидот:
тука сум.
И октомври е.
И покрај физичките закони
светот и Бога денес се едно. И
добро им оди.
Немарна хризантемо,
ни смрт ни живот,
ни немање нема.
Атракцијата е моќ на вчудовидење:
сè уште сум тука.

Ноктурно

Јас сум сега некој друг град.
Ноќ е. Без овие ѕвезди
со нивната вечна несоница
би можела да биде совршена.
Луѓето дење зборуваат.
Дење мислат дека се подобри од вас.
Ги повторуваат истите
непристојности.
Љубовта е имитација на пристојност.
Не ме сакај.
Оние кои ме сакаа, ме малтретираа.
И јас нив.
Толку за љубовта.
Убавината е нешто друго, велат.
Ноќ е. Зима.
Паѓа првиот снег. Сув, како брашно.
Околу твојата куќа кучиња со
смрзнати нозе завиваат.
Зиме зорите доаѓаат бавно и траат
долго.

Семеен портрет

Мајката умре. Утехата на светот
излезе од куќата,
во куќата влезе вистината: Грижата е
божја казна.
Таткото ја запали куќата до темел и
отползи под земјата по мајката.
Братот заби меѓен камен во земјата:
Сите гробови сега се мои.
Ќерката продолжи да чекори по
прашливиот пат
со вреќа сол на грб: Слободата е
божја казна.

Ветер

Ноќ е.
Почетокот на ноќта е време на
емоционални уцени.
Додека лежам неподвижно,
имитирајќи ги позите од
фотографиите
од местата на злосторството, добро е
некој да биде покрај мене.
Некој што не ми пречи.
Љубовта најмногу личи на
непречење.
Ноќва не би ми пречело тоа проседо
момче од Норвешка.
Крајот на ноќта е време на
расцепеност.
Избор или рутина.
Убавината на анархизмот или
умешноста на живеењето.
Утрото е ветровита бесконечност.
Наутро можам, како Неруда, да ги
напишам најтажните стихови на
светот.
Толку убавина повторно ќе отиде во
ништо.

Сеида Бегановиќ (Зеница, БиХ, 1961) е писателка, поетеса, романописец, преведувачка и антологичарка која живее и работи во Скопје. Дипломирала филозофија и социологија на Универзитетот во Сараево.

Авторка е на четири стихозбирки: *Индекс на оправдувања* (2004), *Отресување на пепелта* (2005), *Граничници* (2008) и *За жени кои немаат куќа и три обични денови* (2014). Ги објавила и романите: *Интервју со синаша куќа* (2006), *Албум на совршени моменти* (2010) и *Ида и аташаторише од Редош на хаванскиош колибри* (2020). Како приредувач ги објавила *Мала аншолоѓија на несоодвешни песни за ранливоста* (2018) и *Мала аншолоѓија на соодвешни песни за гневош, вистинаша и нежноста* (2025).

Добитничка е на наградата „Книжевен мост“ на Друштвото на писателите на Македонија (2014). Нејзината поезија е преведена на повеќе светски јазици. Членка е на ПЕН центарот на БиХ и ДПМ.

Основачка е на здружението „ИЗРАЗ“ во Скопје, посветено на издаваштво, култура и поддршка на жени и деца. Нејзиното творештво ги поврзува женското писмо, малцинските гласови и Балканот.



ПОЕЗИЈА

821.163.3-1

ПЕСНИ

Милица Димитријовска-Радевска

прва зарешка

Не пули се во душемето
Таму е водоврикот на душата
Џгліботи намузот
Расфрли ги од скутината
Вретеното и преденото
Опули се во черенот
Оти синор ти е уплавот.

втора зарешка

Не си престарена
Ниту здравец и копиден
Ти цвета на дланките
Така си се тешиш
Преместуваш
Ралници, узенгии
Подлапнати врengии
Од арно да не куртулиш

трета зарешка

Вересија-потресија
Колку земаш и даваш
На врвот од чашата оставаш
Секој од секого зазор чини
А повеќе одлева од тоа што не чини
И трепери часот пред горчлива наситка
Нема кусур за оној што го свиткал вратот
Тргај му се од патот

четврта зарешка

Во мракот без газија
Светка окото џугарливо
Искри и пламнува
Наслепо ги дофаќа
Пајажините на раскостената
класатка достојности
Паднатите лисје и во лето жолтеат
болештини ги морат
горештини под непцето ги облазуваат
Дејди! – крикот се развлекува
Како побратимство
На синија со синија
Кај одлета поштивијата?

петта зарешка

Секоја година точно во 4
Кога есента позлатува
Зачкрипува чекрекот
Иста возбуда
вдишувам
издишувам
ветрови
и веди што татонат од непендек
и пак
радост
детска радост
иако косата обелела
иако чекорот е бавен
и мислата смирена
ама две петки на двете дланки
галовно милуваат
ова е твое време,
мое време – ме подзема ехото.

шеста зарешка

Кога бевте деца патецот ви го бележев
За да ви е чиста мислата
За да ви е одот човечки
Сега е вашето време
Патецот си го начешлавте
Патиштата си ги отворивте
За човештина повеќе.

седма зарешка

Утреж камен не крепи
Сува уста вода не носи
Страдна душа леб не пече
Прегрни ме во мигов
Засолниме од провевот
До седмо колено именувај ме
Оти сме си род
Оти сме си год на дабот
Што и да речат не ќе нè одречат

осма зарешка

Осамнува осамата
Осмак мерам за неола
Без мерак сè што мерам
Од повеќето малку одземам
Бројам, кројам и шестам
Сметката е секогаш иста
Кој колку и да зел, да прикрил
Да наддавал и токмел
Сè е на рабушот запишано
И само валавичарот си знае
И трпеливо иако трпки го морат
молчаливо си тае

деветта зарешка

Кај се дена, и што ќе смениш
Бојлија си во непендек
Севдајлија во изгорот
Ме зеде и ме погали
Зелено си дрво шилеже
Шимшир да ме сениш во нафатот.

Милица Димитријовска-Радевска (1967, Вирово, Демир Хисар) е поетеса, критичарка, лингвист. Автор е на стихозбирките „Обидници“ („Книжевна младина на Македонија“, Скопје, 1988), „Лечебница“ („Развиток“, Битола, 2000), „Поетски дијалог“ во коавторство со Весна Мундишевска-Велјановска („Матица македонска“, Скопје, 2010), „Воздишки на ветрот“ („Матица“, Скопје, 2013), „Лузни на зборот“ („Битолски книжевен круг“, Битола, 2016), „Сам во пределите на сонот“ („Матица“, Скопје, 2019), „Две Д“ („Битолски книжевен круг“, Битола, 2022), „Кратка меморија“ („Панили“, Скопје, 2025), како и на наставното помагало „Јазикот и графиката“, во коавторство со Весна Мундишевска (2003). Учествувала на повеќе книжевни манифестации и научни средби од областа на литературата и воспитно-педагошката дејност. Нејзината поезија е преведена на српски, англиски и романски јазик. Свои критички огледи, записи, рецензии напишала за повеќе современи македонски автори. Член е на ДПМ, на Македонско научно друштво – Битола и на „Битолски книжевен круг“. Била член на претседателството на ДПМ и координаторка на клубот на писателки „Даница Ручигај“.



Прашалник

821.163.3(047.53)

ПРАШАЛНИК СО НИКОЛИНА АНДОВА-ШОПОВА

Прашува: Давор Стојановски

Последна прочитана книга, изгледан филм и ислушан албум?
Филм – Амрум (2025), книга – „Редица“ од Владимир Сорокин, албум – *Lake Fire* од Loscil.

Медиум што најчесто ти го поттикнува поривот за пишување?
Тишината по филм, музика, фотографија...

Книга што најмногу патувала со тебе?
Избор поезија од Јехуда Амихај.

Поседуваш ли книга само затоа што мислиш дека мора да ја поседуваш?
Не повеќе, се трудам да го редуцирам она што „мора“.

Книга што е пролет, книга што е лето, книга што е есен и книга што е зима?
„Вегетеријанка“ – Хан Канг (пролет), „Кон светилникот“ – Вирџинија Вулф (лето), „Меланхолија на отпорот“ – Ласло Краснахоркаи (есен), „Размислувам да ставам крај“ – Ијан Рид (зима).

Поезија што е соодветна за утрински часови, поезија што е соодветна за ноќно време?
Ајде да речеме: за утро – Луиз Глик, за ноќ – Михаел Кригер.

На која книга помислуваш кога ќе чуеш „Скопје“, на која кога ќе чуеш „ДПМ“, на која кога ќе чуеш „книга“?
Скопје: „Скопски раскази“ – избор раскази од Влада Урошевиќ. Не само поради градот како топоним, туку поради чувството дека Скопје има невидливи слоеви – улици и приказни што постојат зад секојдневната слика. *ДПМ*: „Земјата и љубовта“ – Бл. Конески. *Книга*: некоја што сè уште се пишува.

Постои ли дело на кое се присетуваш само преку асоцијација на некој мирис, на некое одново посетено место, на некоја музичка тема...?
Мирисот од ванилиците на баба ми и шеќерот во прав од нив што го оставав на страниците на „Сказни на југословенските народи“.

Поетски глас што го сметаш за близок, речиси пријателски? Поетски глас што ти е сосема туѓ?
Многу се, и едните и другите. Со некои поетски гласови имам чувство на близина, како да продолжуваат разговор што одамна го водам со себе; други, пак, ми се туѓи, но токму таа дистанца понекогаш е продуктивна – нè тера да погледнеме нешто од поинаков агол. Не мора еден поет да ни биде близок за да ни биде значаен.

Може ли да се суди и според корицата на книгата?
Можеби не би требало да се суди според корицата, затоа што книгите, како и луѓето, знаат да нè изненадат. Но, признавам дека понекогаш и јас судам :)

Која корица никако не може да ја заборавиш?
Една сина што за мене беше вистински кошмар. На неа пишуваше – Логаритамски таблици.

Книга што со години те чека да ја прочиташ, а упорно одолговлекуваш да ја почнеш?
Непрочитани или недочитани книги имам многу, но нечепнати – мислам дека ниту една. Задолжително ги читам барем првите страници од секоја новокупена книга и кога знам дека нема да можам тој период целосно да ѝ се посветам.

Книга што заслужува да ѝ дадеш втора шанса?
„Глувци и луѓе“ од Џ. Стајнбек. Ја читав во период без многу концентрација, и би сакала да ѝ се навратам.

Кој наслов на книга би сакала да беше твој?
Туѓи наслови не сакам, своите не ги давам :)

Дали си открила и засакала автор/ка читајќи го/ја во некоја антологија?
Често токму антологиите се почетната точка од која истражувам понатаму. Една песна или еден извадок може да биде доволен за да ме привлече кон некој автор/ка и да посакам да го запознаам неговото/нејзиното целокупно творештво.

Кој писател/која писателка би сакала да ти ја препорача следната книга за читање?
Помислив на драгата, за жал почината, Лиле Дирјан, која често ми препорачуваше автори што ми се откријa како нови книжевни препознавања.

Постои ли некој што наместо да ти повлијае на начинот на пишување, ти го променил и начинот на читање?
Речиси сите читатели со кои сум разговарала за некои од моите книги.

Т. С. Елиот: „Незрелите поети имитираат; зрелите поети крадат; лошите поети го унаказуваат она што ќе го земат, а добрите поети го претвораат во нешто подобро или барем поразлично.“ Коментар?
Ќе го искористам Ник Кејв: „(...) лажниот стих, бесмисленият стих, секогаш ќе ти се нафрли кога го пееш во живо. Секојпат кога сум на бина и ја пеам таа песна, размислувам 'Еве, доаѓа тој ебан стих!'Истото чувство го имаш како кога ќе украдеш стих, како што сите правиме одвреме-навреме. (...) И потоа, секојпат кога ја пееш таа песна гледаш како ти се наближува тој стих, како саботер, и тоа многу ти пречи. Ги нема толку многу, но ги има неколку и тие висат над тебе како клетва. (...) Текстописците постојано земаат нешта од други места, свесно или несвесно, но навистина мораш да бидеш претпазлив. Ако дозволиш да помине нешто такво, на крајот тоа може да влијае и врз твојот однос со песната. Во неа засекогаш ќе биде закотвена лага.“

Мирисот на пожолтени страници на старите книги или мирисот на нова и свежо отпечатена книга?
И двете.

Последна подарена книга?
„Писма до Нија која не ја родив“ од Димана Јорданова. Интимен поетски монолог за оние врски што постојат и кога никогаш не добиле можност да се родат. Патување низ најранливите предели на самотијата, мајчинството, љубовта, болката, сеќавањето, минливоста. Топла, најтопла препорака.

Книга што би сакала да ја имаш прочитано многу порано?
Доцна сфатив дека сите, всушност, си дошле на време :)

Секоја домашна библиотека треба да поседува...?
Мислам дека домашната библиотека не мора да поседува ништо „задолжително“. Кога е во прашање читањето, најважно е читателот да им остане верен на сопствениот вкус, љубопитноста и потребите. Подобро е да има помалку книги што навистина ги сака и им се враќа, отколку полици полни со наслови што ги поседува само за да изгледа начитан. Можеби домашната библиотека треба да има што помалку книги за кои се преправаме дека сме ги прочитале.

Дали си надраснала некоја книга со текот на годините? Дали некоја друга ти станала подрага?
Секако, сум надраснала повеќе книги и автори за кои своевремено сум мислела дека се врвот во литературата. Од друга страна, има книги што во детството ми биле далечни, па дури и одбивни, а подоцна ми станале многу драги. Таков пример е „Црни и жолти“ од Славко Јаневски. Некои книги стрпливо чекаат да созрееме за нив.

Може ли само еден стих или строфа да го понесе човек повеќе отколку цел роман?
Понекогаш еден стих е како врата што случајно сме ја забележале во ѕидот на некоја стара куќа. Не знаеме каде води, но мораме да ја отвориме. Цел роман може да ни изгради град со улици, плоштади и ликови, а една строфа може да ни остави само една мала соба – но во неа да останеме целиот живот.

Која песна или книга поезија би му ја препорачала на некој што никогаш не читал поезија?
Нека биде „Не знам“ од Никола Маџиров.

Роман што никако не смее да се адаптира во филм?
Повеќе се, но прв ми падна на памет „Наспроти“ од Уисманс. Се случила и филмска адаптација, но не баш успешна.

Филмско сценарио што ти делувало како да е напишано од поет?
И тие се многу. Тука се и филмовите на Тарковски, Параџанов, Вирасетакул, Ангелопулос, Сокуров, Рој Андерсон... сигурно заборавам некого.

Наративно дело што ти делува како да е напишано од филмски сценарист?
„Кланица пет“ од Курт Вонегат. Повторно, прво што ми падна на памет.

Постои ли книга, песна или филм, кои одбиваш да ги препорачаш затоа што ти се премногу лични?
Не, напротив – токму најличните дела најчесто им ги препорачувам на другите. Мислам дека една книга, песна или филм не ја губи својата интимност кога ќе ја споделиме; понекогаш токму преку туѓото читање или гледање откриваме нови слоеви во нешто што ни значело.

Ги препрочитуваш ли своите дела?
Многу ретко, само ако ми е потребно за нешто. Тоа е така затоа што додека пишувам или кога доаѓа процесот на уредување, толку пати се навраќам на напишаното што ми здосадува.

Која од твоите книги би можела да ја замислиш адаптирана во филм, која како театарска пиеса, која како музичка симфонија, која како ликовно дело и која како балетска претстава?
Скоро сè што имам напишано може да се адаптира, барем во мојата авторска имагинација. Еве сега во мојата глава дури и кртот Ѕвездан изведува совршено гран жете...

Која сцена прва ти паѓа на ум кога набрзина ќе помислиш на „Некој бил тука“, а која од „Естом“?
Во „Естом“ – кога пантомимичарите Олег и Берта ги хранат гулабите; Берта со кифла, а Олег со невидливи трошки леб. Гулабите се собираат и тискаат околу Олег и колваат ли колваат... Во „Некој бил тука“ – внатрешната борба на главниот лик кога се двоуми дали да го спаси мачорот Хан или да се спаси самиот.

Кое прашање досега никој не ти го поставил за твоите дела (а можеби си сакала)?
Не би рекла дека има такво прашање. Со текот на времето, во различни разговори, ги наоѓаш начините да ги кажеш работите што ти се важни — понекогаш и без тие да бидат директно побарани.

Николина Андова Шопова (1978, Скопје) е македонска писателка и поетеса, авторка на поезија, проза и литература за деца. Нејзината прва поетска збирка, *Влезот е од другата страна* (2013), ја добива наградата „Мостови на Струга“ за најдобра дебитантска поетска книга од млад македонски автор. Следуваат збирките *Поврзи ги точките* (2014) и *Во куќата* (2026), наградена со „Браќа Миладиновци“.

Во 2018 година го објавува првиот роман, *Некој бил тука*, добитник на наградата „Роман на годината“. Романот е преведен на српски и англиски јазик. Нејзиниот втор роман, *Естом*, е објавен во 2022 година.

Андова Шопова создава и литература за деца. Авторка е на книгите *Кртот Ѕвездан* (2020) и *Најмалиот џин Џуџо и најголемото џуџе Џино* (2024). Нејзината поезија е преведена на повеќе јазици и застапена во домашни и меѓународни антологии.



Интервју

821.18(497.7)(047.53)

ПРЕВОДОТ ТРЕБА ДА СТАНЕ ПОЗНАЧАЕН ДЕЛ НА КУЛТУРНА ПОЛИТИКА

Разговор со Даут Даути, поет и прозаист

1. Во времето во кое живееме, многу работи се променија, се случи голема технолошка револуција. Како лично се чувствувате како автор? Како изгледа литературата?

– Секој напредок во технолошка смисла, создава многу подобри услови за творештвото, во смисла на олеснување на творечкиот процес: портабл-компјутери кои можеш да ги носиш каде сакаш и да создадеш било каде кај што ќе ти дојде инспирацијата. Сега уште повеќе, преку интернет и вештачката интелегенција можеш да црпиш потребни информации за одредена тема, или пак, на припомош се јазичките алатки кои не се за занемарување. Тоа често значи скапоцено време за заокружување на некое дело.

Талентираните творци знаат да ги користат овие можности кои технолошкиот развој ги овозможува. Воопшто, за литературата е од голема полза. Не само во творечкиот процес, туку и нови можности односно модуси на односите дело-читателска публика, бидејќи како што гледаме од една страна, изгледа како да е загрозена „книгата“ како форма на продукт, но од друга страна, тоа се заменува со нова форма од онлајн ширење.

Најпосле, најновото и најсовршеното доаѓа од вештачката интелегенција, која создава уште поголеми можности, која бара на некој начин нови механизми за контрола на оригиналноста на делата, бидејќи многумина своите безидејности можат да ги прикријат преку таквата помош.

2. Вие создавате и поезија и проза. Според вас, што ги карактеризира поезијата и прозата во најсуштинска смисла?

Тоа што претставува прозата и што поезијата, одамна е дефинирана во учебниците на книжевноста. За некој автор тие се две патеки на себеизразување, а за некој друг, доволен е еден пат. Тука би го надоврзал своето лично искуство, бидејќи откако сум почнал со своите први творечки обиди во ученичка возраст, ми се вкрстуваа овие форми на изразување, во зависност од влијанието што во одреден период на еден почетник можеа да влијаат книгите и авторите што ги читал. Кога во одреден момент гледаш дека си веќе „оформен“ автор, со свој „печат“, нештата се движат по некој спонтан редослед. Така мене првите дела ми беа поетски стихозбирки, затоа што тогаш чувствував потреба да го искажам својот светоглед преку стихови, преку своите чувства, поттикнат од својот немир или животна филозофија. Ова можеби и затоа што сметав дека прозата бара поголемо творечко искуство. Но оние идеи кои тлееле со години, кои барале „екстензивност“ мораа да испливаат преку раскажувачкиот занес да споделам со читателите приказни кои доаѓаа спонтано како инспирација од дамнешни идеи или пак и од вистински настани или ликови кои имаа доволно уметнички материјал. Прозата ти овозможува повеќе ширина во креирање на ситуации, идеи, градење на ликови и драматичност, а од друга страна, на авторот му дава поголема сатисфакција со оглед на популарноста кај читателите, бидејќи читателите повеќе ги привлекуваат приказните одошто да се впуштаат во „одгатнување“ на поетските метафори.

3. Може да се забележи дека оничниот концепт (сон) доминира во вашето творештво. На пример, некои од вашите книги нè водат директно до овој збор (Блуден сон, Калемење на соноt, Умира ли соноt). Можете ли малку да го објасните ова?

– Кога сте млад творец талкате по мотиви и идели кои се рефлексија на моментални занеси, духовни и психолошки состојби или доживувања. Така беа моите почетоци, со вакви или онакви песни преку кои јас го изразував својот однос кон нештата што ме дразнеа поетски. Кога дојде првата книга, ми се оформи во главата проекцијата на соноt кој се провлекуваше низ повеќето песни, но не соноt во најтесна смисла, туку тоа што претставува животен двигател на секој човек или уште повеќе, на секое општество, сон за убав живоt или хармонија. Првата книга ја насловив „Блуден сон", како алегорија не времето кое го живееме, болно време и пороци, кои вечната среќа ја нагризуваат на секој чекор и на милион начини. Тоа всушноst беше јавето во кое соноt не може да ја има посакуваната убавина. Следната книга требаше да биде антитеза на првата: што би се случило кога таков лош сон би се накалемил, па оттука и насловоt „Калемење на соноt", во која беше опишан некој очајнички обид на единката да го промени грдото јаве... Пустата надеж на човекоt и општествата како вечно тежнение, ја заглавив во третата книга од „трилогијата на соноt", насловен „Умира ли соноt", како своевидна ода на надежта дека покрај сè, покрај сите порочности на времето, човекоt не ја губи надежта вечната среќа да се исполни.

4. Живееме во мултиетничка и мултикултурна средина. Колку и да се зборува за коегзистенција меѓу нив, во суштина се случува нешто друго. Какво е вашето мислење за албанската литература во оваа средина? Дали ви се чини дека е малку гетоизирана во однос на комуникацијата?

– Што мислам за албанската литература во Македонија? Таа е литература со автори како и во секоја друга литература, но бидејќи таа цели да биде дел од албанската литература која се создава во регионот (во Албанија и Косово), постои некој однос кон неа како да е помалку вредниот дел, што не е сосема вистина. Тука имате добри поети кои можат да се мерат со поети од Косово, кои можеби сè уште не се надминати од нивните колеги од Албанија, бидејќи во Албанија долго време се чувствуваа трагите на соцреализмот кои дури автори по диктатурата успеваат да го надвладеат. За прозата, ситуацијата е малку поинаква, бидејќи секогаш споредбите одат до Исмаил Кадаре, кој пак е сосема категорија за себе, но и во Македонија, имаме прозни дела за респект.

Ако има нешто што е карактеристика за творештвото на албански автори од Македонија, може во малку зборови: доста автори, меѓу кои и многу добри, но во депримирачка состојба кога гледаат дека нивните книги фаќаат прашина во малубројните книжарници, бидејќи има малку читатели кои ќе одвојат пари да купат книги.

Јазикот реално создава автархичност, затворање во својот „јазички атар", ако имате јазици кои не се слични, но тоа би се сменило со една поплодотворна културна политика: да се стимулираат преводите од еден во друг јазик, за да не остане тоа само самоиницијативна дејност на ентузијасти, како што е сега, туку треба да стане позначаен дел на културна политика. Може да се забележи интересот на некои издавачи или поединци некои дела да преведат од македонски на албански јазик, и од албански на македонски, но таквите обиди се неспоредливо со потребата што како општество со најмалку две доминантни јазички култури да ги разменуваат вредностите.

Разговорот го водеше: Ахмет Селмани

Даут Даути (роден во 1961 год. во Скопје) е познат албански публицист, поет, прозаист и преведувач. Ги има објавено следните дела: „Блуден сон" (поезија), „Калемење на сонот" (поезија), „Умира ли сонот" (поезија), „Рибник на пастрмки на Сува гора" (раскази), „Очи на урокот" (преобјавено како Уроклетник) (раскази), „Лош поглед" (поезија, 2017), „Дија со тажни очи" (роман, 2019), „Сватови на песната" (издание на македонски јазик, издавач: Матица Македонска, во најтесен избор за наградата „Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата), „Преку црвената линија" – (публицистика) и други.

Исто така има преведено неколку книги како што се: „Моја географија" од Теута Арифи (поезија), „Сватови на песната" (издание на македонски јазик, издавач: Матица Македонска), „Проклета љубов во Малиград" од Љуан Рама (роман), „Херојска/еротска книга" од Марта Марковска (на албански) и други.

Добитник е на повеќе литературни награди на конкурси за раскази и поезија објавени во весници и списанија во Македонија и Косово. Добитник е на највисоките награди за новинарство и публицистика: „Мито Хаџивасилев-Јасмин" (2002) и „13 Ноември" (2013).

Вклучен во неколку поетски избори антологии на албански, македонски, руски и француски јазик.



ИНТЕРВЈУ

792(497.7)(047.53)

РАЗГОВОР СО ЕВА КАМЧЕВСКА

Драгана Лукан Николоски

„Избраниот“ е вашата последна премиера во Театар. Кои творечки и тематски поттици стојат зад неговото создавање?

Тоа беше моја прва премиера на мој оргинален драмски текст во Македонија. Семејството некако секогаш е јадрото во моите теми, семејство во било која форма. Сакам да ги ставам ликовите во апсурдни ситуации и да видам како ќе се справат со предизвиците. Во оваа драмедија, родителите на долго очекуваното дете дознаат на породувањето информација со која не се подготвени да се соочат. Тонот на драмата е ведар иако темата е една од оние кои сè уште се табу теми кај нас. Се обидувам да ги спојам табу темите споени со нашето социо-политичко секојдневие.

Како го доживеавте патот на текстот од пишување до сценска поставка и каква беше Вашата соработка со режисерот, актерите и авторскиот тим?

За чудо, како за прво искуство не беше трауматично. Откако режисерот се заинтересира за драмата, ги даде своите забелешки и размислувања како може да се унапреди текстот, а и јас по препрочитувањето на последната верзија која ја имав, напишана пред неколку години до моментот кога доби шанса да се постави на сцена, имав желба и потреба да ја разработам повеќе. Тој процес траеше некое време, со убава соработка со режисерот, а потоа и со актерите и сите кои работеа на претставата. Актерите во театар Комедија имаат доста искуство и брзо фаќаат каде нешто „не штима“. Така, и со нивен креативен печат, драмата го доби финалниот облик.

Какво беше Вашето искуство како драмска авторка во Театар Комедија и колкав простор имавте да учествувате во процесот на создавање на претставата?

Имав целосна слобода да присуствувам на сите проби, од читачки па до поставување на сцена. Таа слобода ја искористив до некаде, не сакав да им правам притисок на актерите и режисерот со постојано присуство, но секоја забелешка беше слушната иако не секогаш прифатена. Но тие забелешки не беа некои без кои мислам дека претставата нема да функционира, туку едноставно друго гледање на работите што е легитимно. Не сè што јас сум го замислила на еден начин, мора да се протолкува идентично.

Уште од првата проба инсистирав темата да се третира на малку повисоко ниво од она што обично оваа тема (гледајте ја претставата!) е извор на хумор кој знае да биде доста навредлив.

Каква е денес позицијата на драмскиот автор во Македонија – во театарскиот процес, во јавноста и во однос на професионалните услови за работа?

Позицијата е понижувачка. Имам чувство дека едноставно не сме потребни, театрите можат да работат со тоа што досега е напишано. Со сета почит кон нашите успешни драмски автори, ама фер би било театрите и ФДУ да се договорат дека ако се оди со ваква политика, барем да се затвори катедрата. Затоа што оваа негрижа – боли. Сè се сведува на поединечни битки кои некои од нас ќе ги добијат. Јас за себе сметам дека кога ми е дадена шанса, тоа е инцидент. Ниту некој те бара повеќе после тоа, ниту ти е полесен патот. Инцидент, среќа.

Колку македонските театри создаваат континуирани можности за нови домашни текстови: јавни повици, работилници, драматуршка поддршка и продукција?

За континуитет никако не може да се зборува. Од време на време ќе видиме дека некој наш автор ќе биде поставен. Тоа повторно се сведува на лични контакти, понекогаш и на решенија зад затворени врати за кои се шушка, ама не се крева врева. Ништо од ова што набројавте, кај нас го нема. А, сето ова што го набројавте мора да го има. Повеќето го има во регионот и тоа и те како се гледа. Начинот на кој пишуваат колегите во регионот, шансите кои ги имаат да се избрусат, можностите – не се споредуваат со нашите. Заради тоа, често мислам дека македонските драми не се конкурентни со драмите од регионот.

Како ги оценувате условите за авторски хонорари, авторски права и професионална сигурност за драмските писатели?

Што да кажам на ова... немаме правилник по кој ќе се водиме, повторно е кој како ќе се договори. Во оваа професија нè има малку и пак никако да се договориме. Тоа секако оди во прилог на театрите. Нема минимална

цена под која не смеат да одат, па така, знае да се случи, авторот од среќа дека ќе биде поставен да земе мизерен или никаков хонорар (доброволно да се откаже) Авторските права за драмските автори се многу флуидни. Може да ги има, а може и не, може да се вакви или онакви. Нема правила за авторските права, а со тоа ни професионална сигурност.

Драмски театар Скопје по вторпат не ја додели наградата „Горан Стефановски" за млад драмски автор. Како Вие ја разбирате оваа одлука и што, според Вас, таа открива за условите за развој на нова драма?

Ова ми е баш горка тема и потенцијал да ми се качи притисокот. Многу работи не разбирам во поставеноста на работите кај нас, ама некои па ептен не ги разбирам. Така е и овој конкурс. Во држава каде нема континуитет на драмски автори и драми, се отвора конкурс со името на создавачот на нашата школа и несомнено одличен автор, со чии правила мислам дека и самиот тој не би се согласил. Но имаме конкурс, мурал и статуа на клупа, па сè е во ред. Без нови драмски автори секако се може.

Каква улога треба да има фестивалот „Војдан Чернодрински" во развојот на современата македонска драматургија, особено во однос на праизведбите на домашни текстови?

Фестивалот работи со тоа што го има, со тоа што се продуцира. Дали Фестивалот има ингеренции да наложи на театрите да поставуваат наши автори, не знам. Мислам дека сите овие чинители и гејт кипери треба да работат заедно. Академија – театри – фестивал. Ми се чини дека фестивалот се труди, повеќе од порано да ги истакне нашите афирмирани драмски автори, што е добро. Е, сега, мислам дека треба и програма за промовирање на невидливите. И во тој поглед, фестивалот отвори програма Драмолетање чија замисла е одлична, повторно ако има стратегија и сериозност. Идејата да се изберат драмски текстови, да се работи менторски со авторите да се презентираат драмите што подобро пред публика составена од режисери, директори на театри, продуценти, е одлична. Ама нешто повторно не функционира. Нема интерес од оние што одлучуваат, дали толку не гледаат потенцијал, не знам.

Дали би било корисно фестивалот да развие посебна програма или селекција за праизведби, сценски читања или нови македонски драмски гласови, и како би требало таа да функционира?

Со оглед на квантитетот на нашите праизведби, мислам дека може да се случи само 2 претстави да се во конкуренција. Колку праизведби имаме во тек на една година? Повторно доаѓаме до тоа што е стратегијата на театрите за да може фестивалот да има продукт со кој ќе работи. Во поглед на сценски читања, ок е тоа, ама мислам дека оваа програма што ја отвори (Драмолетање) е уште подобра. Не им одземаме премногу време на оние кои треба да ги заинтересираме, во неколку минути се раскажува приказната и без да читаат цела драма можат првично да видат дали се заинтересирани. Е, после тоа можеби треба да дојде читањето, да помине драмата фази пред да ја видиме на сцена. Ама да ја градиме. Мислам дека овде нема свесност за градење на една драма. Од нас се очекува драмскиот текст да е совршен. Не знам зошто само за нас важи ова правило, а сите други (режисери, актери) добиваат можност да се развиваат и да работат на својот израз.

Дали се потребни континуирани издавачки едиции за нова драма – по примерот на регионалните платформи и изданија за нови драмски гласови – и кој би требало да ја преземе таа одговорност?

Не би знаела технички да кажам кој треба тоа да го прави. Има одредени издавачи кај нас кои континуирано издаваат нови македонски драми но сето тоа поминува како нешто сосема неважно. Повторно и повторно го имам чувството дека не сме потребни. За нешто да профункционира кај нас, веројатно треба некаква наредба „од горе".

Министерството за култура во конкурсните приоритети го наведува поставувањето на нови драмски текстови од домашни автори. Како би се препознало дека оваа определба има реален ефект, и кои конкретни мерки би биле најважни за подолгорочна поддршка на драмските автори?

Како прво да не е формална поддршка. Навистина да се посвети внимание на пристигнати нови драмски текстови. Мерки? Не знам... сакам да мислам дека тие што се таму ставени мислат на овие работи. Имало и случаи кога сме имале разговори со одредени министри за култура каде се посочени сите овие работи. Секогаш се согласуваат дека тоа што го говориме е така. Но никогаш ништо не се менува со реален ефект или континуитет. Добро би било можеби да има посебен фонд за праизведби на домашни автори и комисија составена од луѓе кои ја познаваат оваа проблематика. Комисијата би требало да направи писмена анализа за добиената драма, со образложение зошто некоја драма е поддржана, зошто е некоја одбиена, а и да даде свој осврт на тоа, како некоја драма која има потенцијал но не е доволно разработена, би ја подобриле. Ова е можеби премногу да го прави комисијата, но кога би имало и финансирано менторство од страна на министерството тие драми би можеле да се испраќаат таму. Да не биде сè црно-бело, да-не. На самото министерство да му е важно да излезат добри драми.

Ева Камчевска (Скопје, 1983) е македонска драматургинка, сценаристка и авторка на драмски текстови за театар, филм и телевизија. Дипломирала драматургија и сценарио на Факултетот за драмски уметности во Скопје, а во 2015 година се усовршувала за пишување филмски и телевизиски сценарија во Ванкувер, Канада. Авторка е на сценарија за три краткометражни и еден долгометражен филм, како и на повеќе драмски текстови. Нејзината пиеса „Во џунглата на цревната флора" била читана во Манчестер и претставена во рамки на театарска работилница во Грожњан. „Био-саат" е објавена како е-книга од Македонскиот центар на ИТИ, а во 2022 година ја објавува книгата „Две драми". Нејзината драма „Празни", која отвора прашања за приватноста и злоупотребите на социјалните мрежи, беше избрана во рамки на Еуродрам за 2024 година.



ПОЕЗИЈА

821.163.3-1

ПЕСНИ

Борче Панов

ЦРНИ ТОЧКИ

Небото е црна точка
во окото
на орелот
кога ја пикира белата ласица

небото е црна точка
во зеницата на сонцето
среде раскошот на денот

небото е црна точка
што ми ја стега зеницата на зборот
кога среде писмото
ме заслепува

небото е црна точка
што со зеницата на бебето
го цица мајчиното млеко

небото е црна точка
во очите на денот
пред да ги нацели
и испука проектилите
во црните точки
на нацелените
кои распукнувааат
како џиновски огнени пуканки
среде трпезата на светот

ноќта е црна точка
во која сме будни

НЕБА

Како дете ми залепија шамар
оти не знаев што е смрт
а само сакав да го насмеам покојникот
Му ги скокотнав табаните на дедо
Гаврил
врзани над зглобовите
а не знаев дека смртта никој не може
да ја насмее и допре
дека само таа секој од нас постојано го
допира,
сè до мигот кога и нас никој не ќе може
да нè допре
од многуте неба помеѓу нас

На погребот од дедо
мајка ми рече дека сега помеѓу неа и
небото
никој повеќе нема
а имаше
зашто по дедо умре татко
а по мајка ќе следувам и јас
– со многу неба помеѓу нас

Престојувајќи во еден голем град
видов куќа
со портрети од покојници
закачени на фасадата
за смртта да биде на улица наместо
дома
и се сетив дека одамна во нашите
стари куќи
во собите висеа
само портретите на покојниците
како прадедо ми Тодор и прабаба Ваца
коишто постојано се венчаваа додека
растевме
со многу неба помеѓу нас


А татко, тој беше отиден
уште пред да му изгасне телото
Седум дена душата му беше разделена
помеѓу нас
а ние се обидувавме да му ја вратиме
преку цевчињата
вештачките бели дробови и боците
со кислород
На седмиот ден
неговата кома се разбуди како сенка
од штрк
и во мене побара да го вратам
таму каде што се родил –
крај нивите со ориз над кои Големиот
Бог
на една нога стои
и ги шири црно-белите крилја
со сите неба над нас

Со мајка го измивме
телото на татко
а јас му ја избричив посмртната брада
во која животот ја забрадува смртта
Петмина се мачевме вкочанет да го
облечеме во костумот
и го оставивме телото негово во
капелата за душата ко свеќа
да му трепери во малата црквичка
на крајот од светот

Утредента молитвата
ко небесно-прозирна пеперутка
в насмевка блага
слета врз лицето на татко

(Поезија од „Анатомија на небото“,
Радовиш, 2022)

Борче Панов е член е на ДПМ од 1998 година. Објавил 14 поетски книги и осум драми. Тој има објавено и поетски книги на други јазици: „Честички од хематит“ (на македонски и бугарски јазик, 2016) и „Фотостихеза“ (2019) објавени во Бугарија, „Вдах“ (словенечки, Словенија, 2017), „Бричење балон“ (српски, 2018, Србија), „Крв што жонглира со 8000 поетски мисли“ (хрватски, Хрватска, 2021), „Подземно јаболко“ (арапски, Обединети Арапски Емирати, 2021), „Подземно јаболко“ (англиски, Холандија, 2021), „Гласови од глуварчето“ (коавтор, англиски, Индија, 2021). „Скулптура на дишењето“ (италијански и англиски, Италија, 2022), „Линија на утрото“ (романски), „Вавилонски прозорец“ (САД), „Витрувијански човек“ (шпански и италијански, Колумбија). Неговата поезија е преведувана на околу 40 јазици. Ги добил книжевните награди: Premio Mondiale „Tulliola-Renato Filippelli“ (за „Бричење балон“, Италија, 2021), „Град Галатео-Антонио Де Ферарис“ (Италија, 2021), Премио „Le Occasioni“ (Италија), меѓународната книжевна награда „Сахито“ за 2021, „Предраг Матвејевиќ“ (Хрватска), како и светска награда за поезија на престижниот поетски фестивал Festival Internacional de Poesía/Festivalul Internaț ional de Poezie Getafe во Мадрид, Шпанија (2026).



ПОЕЗИЈА

821.163.3-1

ПЕСНИ

Моника Стојановска

тоа по нас

нема да остане многу од нас
трагата од вечерниот комарец на раката
ќе исчезне како меурче од сапуница
долетано од игриво дете,
ќе остане само мирисот од камилица
нанесен од прсти што те чувале
како светулка меѓу дланките
во летната бавча,
твојата облека ќе се претвори
во крилја на вилино коњче,
нанижаните мониста од твојот врат –
во памукчиња од разлетана топола
каде мислиш дека го носиш некажаното?
зар не знаеш дека се лепи на срцето
како влажен весник врз дрвената маса
во оставата?
истетовирани зборови заглавени во резбата
прочитани како пијан крстозбор
при секое гребење со ноктите

некажаното ќе остане
и тогаш кога ќе исчезнеш
како морнарска песна растворена во солта,
и кога ќе се претвориш во брашно
разделено врз мермерниот дом
срцето ќе остане
распарано, излитено,
одново залепеното срце
од кое друг ќе ја собере пајажината
штом ќе му затреба како кристална чаша
извадена од подрумот само на свечености
или помени
срцето ќе остане да зборува по тебе

на крајот сè ќе биде како што треба

ќе дознаеш дека мртвите го наоѓаат својот мир
и над секој бол танцуваат валцер,
лесни, како летно попладне,
кога може да бидеш сè што сакаш,
но избираш да бидеш само лесен
и само празен
ќе дознаеш дека луѓето учиме
да ги љубиме засекогаш,
но и во само еден миг –
кога ќе ни го покажат делот од нив
што никогаш не бил бакнат
„на овој дел секогаш паѓа сенка“,
ќе речат и ќе си го покријат лицето
со дланките,
„сенките се важна работа“,
ќе речеш,
„без нив немаше да има
каде да го издишеме уморот од животот“
ќе дознаеш дека наоблеченото срце
заслужува да го соблечеш,
заслужува збунето и голо да танцува самба
на звукот од плачот за сите нови животи
и оној за сите завршени,
ќе се помириш дека екранот
што ги покажуваше раните на светот
најчесто беше заклучен и некршлив прозорец,
и ќе си простиш што твојата рака не е камен
и што не е лек

ќе си простиш,
ќе си простиш,
за секој разговор што не знаеше
дека е последен,
за острицата на твојот збор,
за градината што никогаш не ја засади,
за твоите неизвалкани прсти,
зашто се воодушевуваше на старото дрво,
но се плашеше од браздите на твоето лице
и оние на твоите луѓе,
и забораваше
дека и ти си природа,
и дека сите околу тебе се
ќе си простиш,
зашто доаѓа природно,
како ливче со ракописот на твоите предци
во време кога најмалку го очекуваш,
вели:
„пиши ми кога ќе пристигнеш“,
а сака да каже:
„ти не си мојата болка“

и потоа ќе простиш за расплаканото
дете во нив што плаче во празна соба,
и секоја одмината солза,
и секоја мала среќа што не ја дофати од страв
ќе ти дошепнат:
не си виновен
не си
не
ќе дознаеш дека
на крајот сè ќе биде како што треба,
но сега не,
сега, за жал, не

Моника Стојановска (1993, Скопје) дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Катедрата за италијански јазик и книжевност. Авторка е на збирките поезија „Има и такви денови“ (Полица, 2022), која влезе во потесниот избор за престижната награда „Штефица Цвек“ за феминистичка и квир книжевност од регионот, и на збирката поезија „На крајот сè ќе биде како што треба“ (Полица, 2024). Учествувала на повеќе поетски читања, а дел од нејзината поезија е објавен во неколку антологии и е преведен на српски, хрватски и романски јазик. Дел од нејзините препеви се најдоа во зборникот „Променливо облачно“, публикација на „Медуза“ од 2022 г. Добитничка е на третата награда на конкурсот за краток расказ на „Нова Македонија“ за расказот „Розов еж“ во 2022 г. Работи како илустраторка и дизајнерка за сопствениот бренд МОКИ. Изборот песни е од нејзината втора збирка.



ПРЕВОД

821.163.2-31(082.2)

„ГРАДИНАРОТ И СМРТТА“ (ИЛИ-ИЛИ, 2025)

Георги Господинов

Татко ми беше градинар. Сега е градина.

Не знам од каде да започнам. Нека ова биде почетокот. Станува збор за крај, се разбира, но од каде започнува крајот?

Изгледа се помочав, рече татко ми на прагот. Стоеше на влезната врата, болно ослабен, малку подгрбавен, со онаа подгрбавеност на високите луѓе. Го донесоа доцна вечерта на самиот крај на ноември. Пропатувал триста километри, легнат на задното седиште, за малку да ја потсмири болката. Успеав да договорам термин за преглед за следниот ден.

Се помочав, повтори, виновен како мало дете, со извинување и со онаа типична за него самоиронија, *станавме за резил на стари години.*

Сè е во ред, реков, и зедовме да ја соблекуваме облеката во ходникот, затворајќи ја вратата од дневната соба.

Страв ми е, ми рече тивко на уво ќерка ми во еден миг. Сега сфаќам дека таа прва почувствувала. Јас сè уште не знаев, не сакав да знам.

Уште тука да кажам дека на крајот на оваа книга, јунакот умира. Дури и не на крајот, уште на средината, но потоа повторно е жив, во сите приказни пред да си отиде, па и потоа. Бидејќи, како што велеше Гаустин, во минатото времето не тече во една насока.

Како мал, од библиотеката ги одбирав само книгите напишани во прво лице, затоа што знаев дека таму јунакот нема да умре.

Епа, оваа книга е напишана во прво лице и покрај тоа што нејзиниот вистински јунак умира. Преживуваат само раскажувачите на приказни, но и тие еден ден ќе умрат.

Преживуваат само приказните.

И градината, која татко ми ја имаше засадено, пред да си замине.

Сигурно затоа раскажуваме. Да направиме уште еден паралелен ходник, во кој светот и сите во него си седат на своето место, да го пренасочиме расказот во друга леа кога ќе стане опасно и смртта ќе надојде, како што и градинарот ја пренасочува водата кон следната леа во градината.

Би сакал да има светлина, попладневна и мека светлина на овие страници. Ова не е книга за смртта, туку за тагата по животот што заминува. Има разлика. Тага по неговото саќе полно со мед, но дури и по празните ќелии на тоа саќе, по нив дури и многу повеќе. Тага по она саќе, кое го помнат и восочните свеќи додека ни догоруваат во рацете.

Не е страшно, како што велеше тој.

*

Тефтерот во кој пишувам сега (пишувам во тефтери веќе триесет години), е започнат сосем невино во текот на октомври. Него уште тогаш веќе го болело. Знаците биле таму, видливи, но нивното значење доаѓа подоцна. Пак заминав некаде, овој пат за Краков.

Ајде, и кога ќе се вратиш, дојди малку овде за да се одмориш неколку дни.

Беше една нечовечки интензивна година со безброј патувања. Дојди си малку овде, за да си одмориш... Тогаш не обратив внимание. Секогаш мрмореше дека ретко доаѓаме, дека не си даваме оддишка. Сега сфаќам други неща во тие зборови. Дојди си за кратко, слушам, да поседиш кај мене, не ме бива веќе, не знам дали ќе ја издржам зимата.

Во текот на истиот тој октомври, кога се видовме на еден ден, малку пред да си одам, до грмушката со последните октомвриски рози:

А бе, нешто ме боли крстот.

Крстот ли?

И малку погоре.

Каде?

До рамениците. И ми ги стега градите...

Отишол на лекар во градот. Му дале апчиња. Кого не го боли крстот, а и со таа работа во градината... На почетокот апчињата помагаа.

Имав едно последно патување до Португалија и ништо повеќе таа година.

Како си, се држиш ли?

Не е страшно, рече тој. „Не е страшно“ беше неговата омилена фраза. Подготвениот одговор на секое прашање.

Многу ли те боли крстот?

Не е страшно.

Ама и изгледаш ослабен.

Не е страшно.

Но, тогаш, забележувам сега, навраќајќи му се одново и одново на оној октомври, кога се прегрнавме за довидување, пред да се качам во колата, тој рече уште нешто: Не е страшно, ќе те чекам да се вратиш.

Го забележав ли тоа тогаш? И да и не.

Превод од бугарски:
Душко Крстевски

Георги Господинов (1968) е поет, романсиер и сценарист. Тој е најпреведуваниот бугарски современ писател, чии книги досега се преведени на повеќе од дваесетина јазици. Добитник на бројни награди, меѓу кои и Интернационалниот „Букер“ за преводот на англиски јазик (Анџела Родел) на романот „Засолниште во времето“.

На македонски јазик се објавени неговите книги: „Природен роман“ (Темплум, Или-Или), збирките раскази „И други приказни“ (Темплум, Или-Или), „И сè стана месечина“ (Или-Или) и „Сите наши тела“ (Или-Или), стихозбирките „Балади и распади“ (Блесок) и „Таму каде што не сме“ (Или-Или), книгата за деца во коавторство со неговата ќерка Раја, „Свадби на животни и нешта“ (Или-Или) и неговите најуспешни романи „Физика на тагата“ (Или-Или) и „Засолниште во времето“ (Или-Или), како и стрипот „Вечната мува“ (Чудна шума), кој го објавува во коавторство со Никола Тороманов.



Душко Крстевски (1981, Скопје) дипломира на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Во 2013 г. ја објавува поетската збирка „Алхемија на 21 век“. Застапуван е во неколку антологии на македонската млада поезија и учествува на неколку поетски фестивали. Работи како професор по македонски јазик и литература во Меѓународните училишта НОВА во Скопје. Од бугарски јазик ги има преведено делата на: Кристин Димитрова, Здравка Евтимова, Георги Господинов, Васил Георгиев, Алек Попов, Александар Секулов, Захари Карабашлиев, Виктор Пасков, Калин Терзијски и многу други.



ПРЕПЕВ

821.163.6(082.2)

ЛИБРЕТО

Клемен Пишк

Од поетската книга во проза „Либрето“, Словенија, 2026, добитник на наградата „Витез на поезијата“ во 2026 година.

Преклопливост

Кај некој фустан, за да се повлече од некоја изложба, се случува многу почесто кога пред него стои барем една кројачка кукла. Ситуацијата е консолидирана особено со црните и сините кроеви. Интересен пример е фустан со мешан дезен од превиткани конци. Промените се случуваат истовремено и со еднаков интензитет, поради што во модерната употреба постојат фустани кај кои продолжувањето на кројот е почесто, како и оние кај кои ова е поретко. Зачувувањето на одредени кроеви зависи и од начинот на носењето на поединечните ткаенини. Некои фустани покажуваат значително влијание на шарите врз бојата на ткаенината. Слични процеси што предизвикуваат зачувување на архаичните кроеви исто така имаат значително влијание. Патентот на јаката е зајакнат во одредена положба. Воведувањето на превиткани делови, исто така, носи значително олеснување од превитканите набори кај делот на главата. Ова е формата на ткаенината што се менува најбавно. Дизајнерските карактеристики на поединечните фустани можат да бидат под влијание и на конфекцијата, што се рефлектира во воведувањето на полесни кроеви. Нивниот дизајн е значително под влијание на постепеното воведување на фиксната јака, тоа е само стабилизирање на положбата на јаката во рамките на превитканиот модел на ткаенината, дури и кај оние примероци каде што, историски гледано, се очекувал различен тип на крој. Новите истражувања на ткаенини ја покажуваат развојната ориентација на феномените во текстилната индустрија. Облеката е потпрена во рамки на системот со подлога. При истражувањето на моделите на ткаенина, најголем предизвик претставува воспоставувањето рамнотежа помеѓу чипката, пругите и развојот на ткаенината на (износените) набори. Тие се појавуваат и кај подвижните и кај фиксните јаки. Ако се воспостави избалансиран корпус од износени фустани и постојаната ткаенина соодветно се дополни, процесот на проучување на модните трендови во современите кроеви би бил поедноставен, а во исто време, со споредување на истрошени и неносени фустани, односот помеѓу шиените и плетените кроеви би можел да биде појасно дефиниран. Модните трендови се насочени кон поедноставување на моделите на ткаенини, бидејќи кај корисниците преовладуваат подвижните јаки. Постои видлива тенденција да се напушти продолжувањето на кроевите. Кај некои превези, можно е да се види влијанието на структурата на ткаенината врз искинатата површина. Воведувањето на глаголските шеми на ткаенината е единствена иновација, бидејќи никогаш порано сите конци, вклучувајќи ги и сите набори, не биле превиткани со толку сложени букви.

Паѓање на колена

Често во употреба е двојното внесување на ткаенини, пократки, поцврсти, секогаш повеќе е усно кажано отколку прочитано од книга, каде што гласот побрзо се отсекува, како да се плаши од сопствената должина. Подолгата форма доаѓа од друго место, со благ странски акцент, како голотија што ја учи својата родна кожа и останува во неа. Постои разлика помеѓу двете форми, велат, прецизно дефинирана, разграничена, како некој да ја мери во тишината на лабораторијата, помеѓу фонеми што полека се загреваат. Но, во неформалниот говор, границите се замаглени, едната форма се лизга во другата. Лицето кое ги запишува разликите, кое ги средува акцентите и ги слуша ситните движења на гласот, веројатно ќе знае како се менува значењето кога го изговараме доволно долго, кога зборот повеќе не означува ништо, туку се случува. Критериумите остануваат на хартија, во фуснота, а телото избира своја варијанта, пократка, поблиска, пожива, поприлагодена, според шемата на превиткување со ножички за сечење до колената.

Категорија на транспарентност

Истражувачките категории за транспарентност, што е посебна карактеристика на некои ткаенини со дијамантски шеми, даде некои интересни наоди. Во сите дискутирани случаи за превезот, се покажа дека мојот поглед низ густата мрежа од точки создава помека перцепција за просторот. Живата форма најмногу ѝ се припишува на црната блуза, бидејќи доаѓа од директниот контакт со лакот на рамото и затоа го поттикнува спроведувањето на категоријата транспарентност. Разновидноста е очигледна и во неопределените движења на рацете по ткаенината. Врвот на мојот прст покажува тенденција да допира, сепак самото присуство на ткаенината уште не е доволно, ако во мојата свест како допирач не е присутно сознанието дека првично се работи за систем од шевови.

Монографија

Во монографијата по моја сопствена волја, идентификував неколку акцентски шеми помеѓу јазикот и облеката, истовремено следејќи го, доколку е можно, современиот развој на синтетичките материјали и нивното влијание врз внатрешната метрика на освоениот, табуизиран простор. Истражувањето ја потврдува големата разновидност на внатрешните набори и претставува почетна точка за моето понатамошно истражување на текстилната граматика, бидејќи има нерешени прашања што се појавуваат кога сè уште непоканетите гардероби се отвораат. Имено, некои шевови сè уште се однесуваат како недовршени реченици, а некои ткаенини јасно го паметат обликот на телото што ги носел.

Превод од словенечки на македонски јазик: Драгана Евтимова

Клемен Пишк (1973) е словенечки поет, писател, преведувач и музичар. Избор од неговата поезија е објавен и во Полска и Словачка. Покрај поезијата, се занимава со проза, литературна критика, есеи и пишување радио драми. Досега има објавено шест авторски книги, а објавува во бројни домашни и странски литературни списанија и настапува на литературни фестивали и поетски сцени низ Словенија и Европа. Тој е исто така кантавтор, главен вокал и гитарист на бендот *Жабски бенд*, со кој ги издаде албумите *Докторот бавно свирка свинг* (2001) и *Аристократ* (2004). Добитник е на неколку награди за своето литературно творештво, вклучувајќи ја и титулата Витез на поезијата во 2026 година.

Драгана Евтимова, родена во Скопје, дипломирала на Катедрата по македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик на Филолошки факултет „Блаже Конески“, во Скопје. Продолжува со студии по словенечки јазик на Филозофскиот факултет во Љубљана и завршува Магистерски студии на Институтот за литература во Скопје, каде стекнува назив магистер по културологија.
Од 2014 година има статус на Самостоен уметник во Македонија. Активно преведува од словенечки јазик на македонски и обратно. Член на Друштво на писателите на Македонија.
Добитник на наградата Антево слово.
Објавени книги: „Постоењето на динамиката“, „Јас сум некаде на друго место“, „Фусноти по сеќавање“, „Се гледаме наскоро. Е.“, „Растојанието меѓу две точки“, „Концептот ’магичен реализам’ како културолошки феномен“, „Антологија Игропис“ и „Анонимус“. Учествувала на бројни фестивали и резиденции.



ПРЕПЕВ

821.411.21(65)-1

ПЕСНИ

Мохамед Валид Грин

Како стар пријател

Седам на масата во кујната
наутро, пијам млеко
и јадам леб со путер.
Светлото е вклучено
зашто пејзажот надвор е обоен во сиво.
Во спалната соба жена ми и ќерка ми
сè уште спијат мирно.
Кога ќе завршам со појадокот
станувам и гледам низ прозорецот:
Го гледам соседниот блок;
некои прозорци се осветлени.
Можеби некои соседи појадуваат пред
да одат на работа.
Надвор небото е сиво
паѓа дожд и воздухот мора да е многу
студен;
среќа што денес не треба да работам
рано.
И уште го гледам, пред мојот прозорец,
големиот бор кој стои величествен
во нашиот кварт.
Во моето детство беше многу малечок,
потоа порасна, баш како и јас.
А сега е голем, стана куќа за птиците
и лете ни дава ладовина.
Речиси сме на иста возраст,
тој сè уште стои, го гледам секој ден
како стар пријател.

Зборови што мигрираат и емигрираат

Нека твоите зборови или зборовите на
друг поет
патуваат од еден јазик на друг.
Нека полетаат твоите зборови, дај им
крила,
Нека полетаат од еден во друг
простор.
Од еден град во друг. Од еден брег на
друг.
Без пасош, без виза.
Без да паднат во рацете на некој
цариник.
Зборови што патуваат од твојот ум во
други умови и обратно.
Да му ги предадеш на некој читател
што живее во твојата земја или во
други хоризонти,
во социокултурно опкружување
различно од твоето.
Зборовите потоа се претвораат во
зборови што мигрираат и емигрираат.
Личат на галебите што ги гледам како
летаат над мојот кварт,
во саканиот град Алжир.
Доволно е само зборовите да најдат
плодна почва,
дигитална или хартиена.
Еве како се преведувам себеси
и како преведувам поезија од некој
поет или поетеса.

На градските ѕидини

Интересно е да се прочита напишаното
на градските ѕидини.
Еве, на пример, три реченици што ги
видов:
1 - „Татковината не е приватна
сопственост
која преминува од татко на син“
Напишал некој човек.
Зарем тоа не е демократско средство
за изразување?
2 - „Сиромашните квартови се богати
со храбри луѓе“
Неколку денови подоцна вработените
во општината ја избришаа реченицава.
Со бела боја, зашто доминантната
класа добива песок во очите
кога гледа такви реченици.
3 - „Храброста е како море
во кое има малку пливачи“
напишал еден младич.
Има многу поезија на градските
ѕидини.

Без мера


на жена ми
Исклучен сум кога не си присутна
Моето светло сјае со тебе.
Твојата љубов кон мене, твојата
добрина и слаткост
се витамини што ги земам
без мера.
Среќен.
За овие витамини
не е потребен рецепт од доктор.

Полни страст, не го даваме сонцето

Млади страсни момци,
синови од работничкиот кварт,
на ѕидовите покрај улиците
и на зградите од квартот
– односно: на своите згради –
ја цртаат својата голема љубов
кон фудбалскиот клуб и кон градот.
Но, општинските службеници
неодамна почнаа да ги бришат
убавите фудбалски фрески од
ѕидовите на градот Алжир.
Ги извршуваат наредбите на
регионалната власт
која тврди дека „цртежите
поттикнуваат насилство кај
навивачите“
и се „извор на фанатизам и на
екстремизам“.
Но, авторите на овие фрески не се
никакви злосторници
туку улични уметници.
Тоа се мои браќа.
Нивните дела не содржат
никаква агресивна порака.
Напротив: фреските се полни убавина
и страст, љубов
кон омилениот фудбалски клуб и кон
неговата историја.
Го разубавуваат квартот и улиците со
своите бои.
Но, Левијатанот сака да контролира сè
таква е неговата природа.
„Сите цртежи на навивачите
мора да исчезнат од градот!“
Таков беше неговиот проглас.
Операцијата за бришење на
уметничките фудбалски фрески ја
нарече
„градско уредување и чистење на
околината“.
Бришењето е напад на слободата на
Народното творештво.
Левијатанот сака да ги види ѕидовите
обезгласени:
зашто уличната и слободна народна
уметност
е опасна за него.
Кога би можел
би ни ја искорнал
и насмевката од усните
но не може да ја избрише
страста што е населена во нас
Затоа што моите браќа навивачи и јас
си ја чуваме пролетта во градите.

Препев од српски на македонски јазик:
Иван Шопов

Мохамед Валид Грин (1985) е алжирски автор на кратки раскази, преведувач, поет и професор по превод на Универзитетот во Алжир. Еден од поетите што влијаат на неговото творештво е Изет Сарајлиќ. Објавени дела на Мохамед Валид Грин се: “Les Autres” („Другите“), збирка раскази, на француски јазик. (Алжир, Алжир, 2013), “Ala haffet errasif” („На плочникот“), збирка кратки раскази, на арапски јазик (Алжир, Алжир, 2019), “Nel caffè della stazione ed altri racconti” („Во кафулето на железничката станица и други раскази“) – превод на збирка раскази од Чезаре Павезе (Аман, Јордан, 2022), „Кино и други стихотворенија“ („Кино и други песни“), препев од бугарски на арапски јазик на збирка песни од Никола Јонков Вапцаров (Софија, Бугарија, 2023). Наскоро ќе биде објавена и неговата нова книга “El Moknin” („Чешљугар“), збирка песни на арапски јазик.



ПРЕПЕВ

821.163.4(497.16)-1

ПЕСНИ

Светлана Калезиќ Радоњиќ

РАЃАЊЕ

И крвта света во јадрото на твојот
вртлог се точи
М. Павловиќ
Почна точно во два часот и десет
минути
појури водата од мене Заедно со неа
препечени метафори, бајати
метонимии,
блуткави литоти Утробата веќе
почнува да се
грчи Полека, па потоа сè побрзо и
почесто
во бранови што тргнуваат оддолу
нагоре
и завршуваат некаде во точката
на спојувањето на косата и челото
Готов е воведот
но има уште Чувствувам дека има
уште
Истрошено споредување се обидува
да се протне
додека во главата ми се паралелно
вкусот на кроасаните
на плоштадот Жан Жорес, шарените
купчиња мали
преплатени чевли расфрлани по
подот
и страстниот стисок на мишката под
маската
на грижа и пријателство Потоа
растечка болка
како кога тркалцето на рерната го
вртиш незабележливо
сè повеќе надесно и така додека не
опишеш цел круг
Во слепоочниците там-там, там-там,
там-там
татне како на наивен жолтоклунец
кој во обред
на иницијација му докажува на
племето дека е маж Расте
до пукање Овој грч и ова немање
воздух
е само згусната форма на моите
поранешни постоења
туркај некој вика туркај сега дај
напон Состави го сето
тоа во себе во форма на
минијатурен живот
грчеви на тешки окови долги како
недогорен пораз
туркај уште малку
уште
уште
уште
сега
слушаш ли сега
Честитаме
родивте песна
останува уште само
заедно
со постелката
да го исфрлите и насловот

МАЛ ПОГРЕБ НА ГЛАВАТА

Измислувам свет,
второ издание,
второ дополнето издание,
за идиоти за смеење,
за меланхолици за плачење,
за ќелавите за чешел,
за кучињата за чизми.
В. Шимборска
Оставам зад себе
парчиња јазик
подоцна треба да се најде пат
од маќепсаната шума
Во сон потоната
брзам
да се укотвам во стварноста
за пустите пространства на мртвите
води
како бродска палуба со громот
да ги осветлам со минлив блесок на
убавина
однапред обезнадежни
Дотогаш ја џвакам зелената
сегашност
и ја преметнувам во устата
како грозд кога не му е време
Си играм пишување.

СОВЕТИ ЗА МЛАД ПИСАТЕЛ

Не верувај на оние што велат
дека ова е најлошиот од сите
светови.
Д. Киш
Мрешкање на плиткото под
колената
мирува течната Тишина
Присутно е Отсутното
и обратно
заедно се из- и неиз- Кажливо
како сенки од рацете на близначките
како галеби што меѓу накосени перја
се клукаат
како татко и син полни со омраза и
заемна припадност.
Пуст воздух почна да се влакни.
Рунестиот опаш се извива над
ништоста.
Само пишувај.
Погребот би можел да ти изгледа
пријатен.

Препев на македонски јазик:
Сашо Огненовски

Светлана Калезиќ Радоњиќ е родена во Подгорица (Црна Гора) во 1980 година, на денот кога е објавена првата книга на словенскиот Југ. По образование е докторка по книжевни науки, по професија универзитетска професорка, по вокација поетеса која активно објавува од својата петнаесетта година, по страст мајка, рок-музичарка, преведувачка и светска патничка. Како посебни изданија објавила седум книги поезија, од кои една на шпански јазик (*Из аголот на розата* (1995), *Цвеќиња на неделната милост* (1997), *Доцнежен дожд* (1998), *Да се заузда бездната* (2002), *El manuscrito del silencio* (Хавана, 2006), *Алгебра на нарекувањето* (2008), *Споредбена граматика на страдањето и страста* (2009)). Добитничка е на голем број домашни и меѓународни книжевни награди, меѓу кои во домашен контекст најзначајни се „Блажо Шќепановиќ“, „Ристо Ратковиќ“ и „Спасоје Пајо Благојевиќ“, а од меѓународните – „Носиде“ (Италија) и Награда за извонредност во областа на книжевноста (Грција). Работи на Филолошкиот и Филозофскиот факултет во Никшиќ, живее во Подгорица со сопругот и трите деца.



ПРЕПЕВ

821.14'06-1

ПЕСНИ

Јоргос Кутувелас

Попречен поет

Со толку замедени зборови
јазикот ми се лепи
и не можам да изговорам нож,
убод, срце
Кревајте замоци со вашите
конзерви на песочните плажи
Наострете ги пластичните ножеви
Продолжете да кукате под полна
месечина
за вашата невозвратена љубов со
огледалото
Само кажете ми, што би сакале да
сторам?
Во ред ли би било да земам камен
и да ви ги здробам скапаните заби?

На соседната врата

Една жена влезе во куќата.
Си го симна небото
што го носеше како шапка со
години.
И го крена погледот и виде
за првпат еден свежо обоен
плафон
како лице од мртовец
во миговите кога го подготвуваат
за закоп.
Подзастана над лавабото
со во дланката стиснат нож.
И почна да ги чисти крлушките
и шкргите од телото свое;
Да го нахрани и да го нагоштева
семејството.

Писмо

Марија,
Овој господин со подуените џебови
во месарниците
еден ден ќе успее да ја наполни со
месо
неухранетата ти душа.
Но ти, седната на дното од шишето,
понекогаш ќе го креваш погледот
нагоре,
кон вратот.
За да ја гледаш носталгично
љубовта – тапата што те држи
внатре

Чорапи

Шарени и црно-бели чорапи,
Чорапи со дупчиња,
Тинејџерски чорапи
Имигрантски чорапи од Бангладеш
со дозвола за престој,
чорапи што си го изгубиле
ближниот,
изгубени, бездомни парови
фрлени во правта,
додека некои други прават
кариера,
како кукли од чорапи.
Раскинати чорапи на подот од
борделот,
детски чорапи со светкави
ѕвездички,
црни чорапи на главите од
крадците,
мокри чорапи, суви чорапи,
чорапи натискани во грлата на
луѓето
за да не можат да зборуваат...
Доста за политика, да одбереме
некоја полесна тема.
Како чорапи, на пример.

Обезглавена

Паметта си ја избричи главата, ги
нашлака усните
со црн кармин, со турпија ги
срамни ќошињата од
лицето и се обезглави во совршено
тркалезен куршум.
Подготвена да биде искористен од
кој било вооружен.

Поетика

Да се форсираш да напишеш песна
Е како да се трудиш да ја исполниш
Месечината.
На обете им треба време.

Препев од грчки
на македонски јазик:
Живко Гроздановски

Јоргос Кутувелас (Атина, 1986) е поет, доктор на науки по компаративна книжевност и постдокторски истражувач на современа грчка книжевност. Студирал теологија, образование и психологија. Досега објавил седум поетски збирки, од кои најновата носи наслов *„Како што животот поскапува, оружјето повеќинува: Песни 2005–2024* (Enantia, 2024). Објавил и две книги со книжевна критика и есеи, со фокус на теоријата и историјата на современата грчка книжевност: *„Концептот на религиозниот елемент во поезијата: Примерот на поетите по Втората светска војна, со фокус на генерацијата од '70-тите"* (24 Grammata, 2024), како и неговата најнова студија *„Антивоена поезија: Белешки за антивоената поезија во 21 век, лично сведоштво"* (Enantia, 2026). Работи како наставник во средно училиште во Атина.



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ

821.163.3-31(082.2)

90 години од раѓањето на Александар Цане Здравковски

(1936 – 2010)

ДОЈДЕНЦИ НА ХЕРА

„Мојата битка продолжува и трае сè до последниот здив, сè до последниот миг! Таква е судбината на пеливанецот Марко Шаторковски. Некој се раѓа само за себеси, некој само за другите. Јас ја имам среќата и несреќата на вторите, на оние кои сиот свој живот воопшто не се свртиле кон себеси и не загледале ни во своето минато, ниту пак размислиле за сопствената иднина. Траам, чмаам, горам, но ни доизгорувам, ни догорувам. Навистина чудно е моето проклетство."

Марко Шаторковски воопшто не сакаше да го прифати мачното сознание за поминливоста на силата, на моќта човекова, особено сега, пред новото зачекорување. Нему тоа сознание сега му беше туѓо, несфатливо и воопшто не го признаваше ни како сопствено следување ни како сопствен пораз. На мигови дури му се чинеше дека токму сега започнува неговата вистинска битка. Големото откритие сосема го измести од местото, му го излока спокојството и сиот го претвори во нездржан устрем, во чудесна желба што побргу да испрета од замрсените конци на вртлогот и да прифати една поинаква битка.

(Извадок од романот „Дојденци на Хера", „Развиток", Битола, 1980 г.)

Аманет

„Но, така е тоа секогаш, внучко, кога ќе фати колнатија брат на брата да пука и кога катаден и катанок на јуриш се трча против оној со кого до вчера се седело на иста чесна трпеза. Сега никој никому не му кажува зошто го пикаат во стројот и против кого треба да пука, туку те спрегнуваат молкум како волот во јаремот, ти го обесуваат тешко на вратот и те шибаат да теглиш, да пукаш, да убиваш, да забодуваш кама в грло, а не знаеш на кого и зошто.

Боже, како ќе се живее со толку малку пријатели? Што ќе правиме во празниците и делниците без луѓе? Ќе ни умре Корзото без шетачи; ќе ни се исуши Полето без орачи; ќе ни оштуреат сретселата без орации. Само да гледаме, внучко, и песните да не ни се разболат, оти откако на три страни нè разделија комшиите, откако на три парчиња нè распарчија, откако на три комати ни го искршија сомунот, лошо ни го заматија небото и сосема нè разневидоа, та веќе не знаеме како ќе ѝ го најдеме лекот на оваа тешка болештина...

Еве сега, на Аранѓел, треба гости да чекаме, но кого да го пречекаме? Без тебе пуста ќе ни е куќата. Затоа ќе му се молам на Светецот да ми те дочува, да ми те доварди, да ни се вратиш дома, оти од сè што имавме, само уште ти ни остана и само со тебе се надеваме!

Ако даде Господ златен жив да ни се вратиш, дупла шијачка ќе источам од бочвите и најголема свеќа ќе запалам пред Свети Аранѓел; дури и брав ќе заколам за Светецот, само пак дома да ми те видат очите!

Најпосле, еве уште два збора, внучко! Гледај да не пукаш куршум во невини, да не качиш нож в грб на непознати, да не извршуваш туѓи пресуди, та со мирна совест да ни се вратиш дома! Тоа беше аманет на дедо ти Велијан! Тоа е и мој аманет!"

Внукот Александар силно ме гушнува и првпат во животот ми го бакнува старечкото чело. Искрено ми вели: „Дедо! Од овој миг твојот аманет е и мој аманет!"

(Извадок од романот „Аманет", „Народна книга", Скопје, 1997 г.)

Ататурк пророк

„Веќе станувам рамнодушен кон тоа што ќе се случи со мене по еден месец, по една недела или утре, зашто јас сум вивнат високо над турското небо. Уште по успехот кај Сакарија, по таа голема и решавачка битка со Грците, Големото народно собрание ми го додели чинот маршал на турската армија и почесниот назив Гази, што значи победник над неверниците. А пред четири години, со посебен закон, турскиот народ ми го додели презимето Ататурк, највисоко признание за еден од неговите најдостојни синови.

Знаев дека Европа зачудено се прашува:

„Што прави овој човек, кој ја има поддршката и на Коранот, најголемиот авторитет на Истокот? Каде се тие маси што ги соборуваа султаните и за најмала новина? Зар Мустафа Кемал владее со еден скаменет народ?"

Европа така се прашуваше, зашто не го познаваше новиот дух, роден во пределите на Анадолија. Затоа и ме нарекоа Сив Волк, дух на народниот херој што бдее над својот народ и му го покажува вистинскиот пат кон слободата и општиот напредок. Една нова борба изгледаше невозможна и речиси смешна, но јас бев визионер што сонува и пророкува. Пред очите гледав урнатини и очај, а со отворени очи сонував: спасот е сигурен."

„Човечкиот век во однос на вечноста е премногу кус, но за да направи некој големо дело за татковината е доволно долг. Ако еден ден се остварат моите мечти, ќе се случат настани што ќе го запрепастат светот!" (Мустафа Кемал Ататурк)

(Извадок од романот „Ататурк пророк", „Матица македонска", Скопје, 1993 г.)

Александар Цане Здравковски (1936, с. Врањевци – 2010, Битола) е истакнат македонски писател, романсиер, раскажувач, драмски автор, книжевен и театарски критичар, професор и педагог, автор со значаен придонес во македонската книжевност на XX и почетокот на XXI век.

Во неговото богато и разновидно творештво се преплетуваат историјата, човековата судбина, љубовта, преселбите и колективната меморија на Македонија. Особено место во неговиот книжевен свет зазема Битола, градот што самиот го нарекува „голем неисцрпен извор за понатамошно прозно откривање".

Бил член на Друштвото на писателите на Македонија од 1971 година. Меѓу неговите најзначајни дела се: „Конзулски град", „Ататурк пророк", „Тројниот меч", „Аманет", „Црно злато", „Стела", „Широк сокак" и „Златник".

Со своето перо Цане Здравковски ја претвора историјата во жива човечка драма, а просторот на Македонија во книжевна меморија. Неговиот опус останува трајно сведоштво за едно време, за еден народ и за силата на литературата да го сочува она што времето неумоливо го оддалечува.



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ

821.163.3-1

90 години од раѓањето на

Иван Чаповски

ЗЛАТНА ЈАБОЛКНИЦА

Во мојата градина со години се
вишнее една јаболкница,
толку е раскошна и во висина и во
ширина
што оградата од година в година
постојано ја поместувам
за два до три чекори потаму кон
старата книга.

Кога му поддавам рака на тоа мое
изгубено детство,
на таа Мисиркова фиданка,
јаболкницата е натоварена со
црвени плодови,
а се оддалечам од тој спомен
црвените јаболка почнуваат да
паѓаат
врз моите трендафили како
туѓински зборови.

Се враќам јас по еден и по друг пат
скришум да не го разбудам мојот
животен нишан
и насетувам како тоа златно
растение
што наликува на млада невеста
накитена со дубљи
се губи во друг правец зад трет пат.

Се надевам дека еден ден тајниот
пат
ќе ме доведе до прагот на мојата
мегленска крстилница,
до коренот на таа златна
јаболкница.

РАНА

Само што слегов во Меглен
змија ми се замота околу левата
нога.
Црвена змија како што беше црвена
и кошулата моја.
Во Воден внатре во водопадите
видов очи на човек. Чии беа тие очи
ударите на водата не ми ги откриј а.
Можеби пак ги видов змиските очи.

Но една појава ме обеспокојуваше:
кој беше тој што непрестајно
чекореше зад мене
и пееше за слепилото на луѓето што
стоеле на Сокол
чудејќи се оти сонцето не заоѓа не
еден ден
туку цел еден живот?

ПИСМО

Во писмото што ѝ го пишува на
жена си
тој се претвора во скитник кој
патува по непознати земји
раздавајќи го своето срце на темни
непријатели.

Во тоа чудно писмо ги нема ни
младоста ни љубовта ни детството.
Во таа порака секоја буква е
неговата крв,
секое лелекање е бодеж во
неговите гради,
дури и поштенската марка е некоја
негова рана.

Во писмото што ѝ го праќа на жена
си
нема ни ден ни ноќ ни година,
го нема ни тоа што тој сака да го
има,
тоа што не ѝ го рекол во својот
краток живот,
го нема ни потписот под песната за
љубовта.

Во таа пишана порака ја нема, ја
нема, ја нема
ни буквата со која почнува зборот –
Живот.

ЗАЛЕЗ

Тројца мажи граделе една бела
куќа
со три прозорци, со три одаи, со три
врати,
со три полати, со три скалила,
со три огништа и со три икони
заштитнички.


Тројца мажи подготвувале едно
исто гумно
со три стожери, со три ортоми, со
три коњи
а в поле имале сал една нива
посадена со жито.

Кога ја нема светлината тогаш
темнината ги има
очите на туѓинецот.
Во еден сив ден во куќата на
тројцата мажи
пламнала Полифемовата страст
за поделба на братскиот оган на три
судбини.

Само житото од вравот и млекото
на животот
не можеле да го поделат
и крштеницата на малечката нива
без да си забодат по една шајка во
јазикот.

(Извадок од книгата „Книжевна терезија“, „Матица македонска“, Скопје, 2024 г.)

Иван Чаповски (12 октомври 1936 во Пожарско, Воденско) е истакнат македонски поет, романописец и публицист. Дипломирал на одделот за македонски јазик и историја на литература на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје. Како новинар работел во весниците „Вечер“ и „Нова Македонија“, а како режисер на документарни програми во Радио-телевизија Скопје. Бил главен уредник и директор на книгоиздателството „Македонска книга“ од Скопје. Чаповски е добитник на значајни награди меѓи кои се: „23 Октомври“ (2010) за целокупно творештво, „13 Ноември“ (за стихозбирката „Убавата Разделина“), наградата на издавачката куќа „Мисла“ за најдобра творба (за романот „Змија“), „Рациново признание“ (за романот „Магла“), „Стале Попов“ (за романите „Магла“ и „Крв на евкалиптусот“), „Книжевен круг“ – Битола, „Книжевен жезол“ (2014) и др. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1963 година, а член е и на Македонскиот ПЕН центар.



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ

821.163.3-32

80 години од раѓањето и
55 години творештво

на Петре Димовски

ИЗМАМА НА СВЕСТА

Човекот, излезен од природата, постојано е во борба со природата. И човекот, и природата начесто ги менуваат своите настапувања, дофаќајќи го другиот неподготвен за одбрана. Така продолжува и низ нашето време.

А Лиле, гледајќи дека нејзиниот Гиле Чигра има некоја тежина, се свали крај него да му го забрза одморот. Но тогаш во мигот се преплаши од својот вик: „Челото ти гори!“

Кога махинално го допре на челото, нејзината рака потрепери и застоја, во свеста да се соочи со реалноста. Потајно, да не се судри со цврстата определба на Гиле Чигра дека короната, која како опасност од нова болест надвисна над светот, е само една голема измама на свеста. А ги проучуваше Лиле симптомите на новата болест, и одеднаш сето тоа што во мигот ја пресретна ѝ внесе силна паника. Необјаснива умора, пројавена температура...

„Гиле, да не...“

Исплашена од можната реакција на Гиле Чигра по тој искажан збор, или од суровата реалност што ѝ ја исполни свеста, тука запре, нерешителна во изборот на насоката кон откритието на заканата. Во мислата ѝ се натрупа на куп сето сознание што го собрала за новата болест.

„Одам да ти подготвам чај“, му рече, станувајќи забрзано.

Ја следеше зборот на Гиле Чигра:

„Ќе ми годи за грлото. Чувствувам низ него некое остро гребење.“

И Лиле прво што стори зад вратата беше ставањето маска, која потајно ја имаше кај себе, и влезе кај децата. Мигновено мислата беше да ги заштити. Можеби и не е нешто сериозно, навистина често напаѓале досадните настинки и грипот, но опасноста што може во тоа да се камуфлира мора најсериозно да се прифати. Таа во сфаќањата за пандемијата и не беше како Гиле Чигра, но зафатена од неговата сенка, не излегуваше јавно со реалните сознанија за да го одбегне неодминливиот судир со него. Сепак, се наоружуваше со сознанија за болеста и ги прифаќаше сите превентивни мерки и прикриено од Гиле Чигра се заштитуваше при престој на ризичните места со ставање маска која постојано, по заканата од новата болест, ја носеше под облеката.

Првпат влегуваше со маска кај двете мали деца. Не можеше да смета дека за маската не би ја издале пред Гиле Чигра. Децата се и љубопитни, и непоправливо искрени и тоа што го виделе ќе го кажат. Но сега веќе настапи друга состојба, нека биде и само во обвивката на настинка или грип, децата треба да се заштитат и од тоа. Лиле успеваше и претходно да ги држи нив понастрана од Гиле Чигра, исполнувајќи го времето со нив со образовни содржини, сериозно стравувајќи од можна негова инфекција, имајќи го предвид неговото негирачко поставување во односот на опасноста со појавата на пандемијата од новата болест.

Децата сфатија дека мама им подготвила нова игра. Но Лиле во тој миг ја виде можноста да ги едуцира за новонастанатата опасност која мора многу сериозно да се прифати.

„Тато има настинка и никако не е дозволено да одите кај него, ниту тато да доаѓа кај вас! Дополнително од настинката мора да се заштитиме со маска за да не може таа да нè разболи!“

Децата беа нестрпливи да ги стават маските на лицето, сепак прифаќајќи како во тоа да е вметнат дел од игра и Лиле, која настојуваше што побрзо да го подготви чајот, со кој ќе бара потврда на одговорот што засегаше, ги донесе маските. И додека децата забавно се зафатија со нивната примена, Лиле, забранувајќи им излез од собата, се упати кон кујната.

По кратко време кај Гиле Чигра се врати Лиле со две шолји чај. Му ја подаде шолјата со чајот од планинска билка. За себе ја задржа шолјата со другиот, експериментален чај, што требаше да ѝ го даде одговорот. Маска, да, не носеше и Лиле. Пред вратата ја измени одлуката и пред да ја дофати кваката маската ја прикри под облеката. Настојуваше да го одржи растојанието, неубедена дека не се заразила од Гиле Чигра или дека нема да се зарази, знаејќи од достапните информации дека малата затворена просторија се исполнува со вирусот и нема безбедна дистанца. А мирисот од чаевите непречено се шириеше кон ноздрите. Чекаше Лиле некаква забелешка од Гиле Чигра. Нестрплива во исчекувањето, го запраша да погоди од што е подготвен неговиот чај.

„Па планински, само таков и имаме“, му беше одговорот, гледајќи го листот во шолјата.

Лиле чувствуваше како трепери внатрешно и се исплаши дека тревожниот немир ќе ѝ го одземе гласот. Го праша да погоди од што е нејзиниот чај. Почувствува како првпат во животот пелтечи. Дури и не го чу одговорот на Гиле Чигра, а претпоставено го знаеше. Мирисот од нејзината шолја него не го допре. А топлата содржина од шолјата целата просторија ја исполнуваше со силен мирис на лук. Гиле Чигра не искажа дека го чувствува тој мирис.

Беше мигот за тешката одлука, Гиле Чигра да ја прифати веста дека добил корона. Лиле не си го препознаваше гласот. Ја очекуваше таа реакција од него. Сега тоа се наметнуваше како поголема опасност и од болеста. Гиле Чигра не сакаше да се соочи со вистината.

„И при грип може да се изгуби чувството на мирис, главо тврда, знаев дека имам предавник во куќата! Си потпаднала под влијанието на големата лага! Не си ништо поразлична од нив! Ја насетувам твојата убеденост дека...“

Кашлица го засркна со голтката од чајот и така нападно го презеде што не можеше да дојде до збор. Лиле ја стави маската, исплашена дека вирусот навлегува во неа. Но Гиле Чигра во тој миг стиши, заграбби проток на воздух, ги исполни градите и отскокна кон Лиле. Следниот миг падна назад во креветот, туткајќи ја во раката маската што ја дограби од лицето на Лиле.

„Како не можеш да сфатиш дека тоа е обична грипозна настинка, а никогаш порано не си се заштитувала со маска!? Не е ли тоа предавство на...?“

Но закашлувањето повторно му ги одзеде зборовите.

Петре Димовски (1946, Брод) дипломира на Филолошкиот факултет во Скопје. Работел како новинар и професор по македонски јазик. Раководел со Битолскиот книжевен круг, манифестацијата „Битолски книжевни пametења“, бил главен и одговорен уредник на „Осигуреник“, „Раст“, „Стожер“ и уредник во „Патеки“, „Развиток“ и „Современи дијалози“. Учествувал во работата на органите и телата при ДПМ, Македонското научно друштво, Битолскиот книжевен круг и Пелагонските културно-научни средби.

Пишува раскази, романи, драми и монодрами. Неговата дебитантска книга „Преломи“ (1973) е номинирана како македонски претставник за сојузната награда „Младост“. Добитник е на повеќе награди и признанија, меѓу кои наградите на ДПМ „Стале Попов“ и „Ванчо Николески“, како и наградите „Гоцева мисла“, „Причал на поштовиј“, „Прозни мајстори“, „Живко Чинго“, „4 Ноември“, „БИД Мисирков“, „Вермилион“, „Кристална коцка“, наградите за животно дело на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и на Пелагонските културно-научни средби. Годинава, 2026, по неговиот роман „Пламенка“ беше првата премиера на Народниот театар – Битола.



821.163.3-1

80 години од раѓањето на

Васил Тоциновски

СОНОТ ЗЛАТНО КЛУЧЕ

Ти спиеш душо моја и слатки неверни
соништа те носат
во предели од твои мисли и копнежи со
детски немир
престорен во сеќавање за минати
времиња трепетни
од безгрижни игри, магична кутија за
блескотна иднина.
Ти спиеш душо моја и насмевка ти го
одбележува лицето
потреперува кадрица од твојата црна
коса и воздишка
како пеперутка ти полетува од медените
усни.
Ти спиеш душо моја, а јас ти го чувам
заробениот убав сон.

Наскоро ќе излезеш од пределот на
далечни спомени
ама ние двата сме реалност, тука сме со
душа и мисла
те чекам и се повторува катадневниот
ред од свеченост
спремно те чека твоето какао со три
лажички кафеав шеќер
се испарува моето утринско македонско
кафе како покана
и шири во собата опоен мирис со ајде,
ајде
син и татко во нов ден од разбирање,
почит и љубов.

Ти спиеш душо моја, сонце се смее од
другата страна
на прозорецот ги кревам ролетните оти
мигот дојде
да се биде во денот нов и со златно клуче
да се отвори ковчежето
од времиња, настани и луѓе кои некогаш
биле живот.
Тие не се само спомени, исполнети или
незбиднати соништа
тие се душо моја милувка оти животот
треба да се живее.

НАЛЕЈ ОД РУЈНОТО ВИНО

Налеј, пријателе налеј од рујното вино
чашата дно нема, крајот на денот не се
гледа
и темна ноќ натежнала во кафеаната
некаде на периферијата од градот како
слепо црево.
Заборавени од светот, отфрлени од
времето
тука сме сами со себе заробени во
смрдлив кафез
со подгорени крилја за нов лет како
можно бегство
а каде тоа би побегнале од сопствената
кожа.

Одминува пијана ноќ, петел најавува нова
зора
и ајде во муграта да ја повикама убава
Јана
да ги види комитите, комитите и ајдутите
од дамна минати времиња, некои златни
години
украсени со чест и достоинство, со вера
и надеж
та да седнеме на камен пред затворени
порти
од пеплосаниот дом каде ни куче да
залае
ниту црна мачка да претрча како
предупреда и казна.

Во овој миг помислувам на тебе љубов
моја
тагувам и боледувам, лек за раните нема
пат од сите страни затворен пред мене
ко страв
оти да заминам без тебе никаде не
можам,
да умрам без твојата душа упокојување
немам.
Кога те изгубив, како изгорев и се
пеплосав?
Ајде, налеј, налеј од рујното вино за
збогување.


ДВЕТЕ ПЕПЕЛАСТИ ГУГУТКИ

Секое утро две пепеласти гугутки со црно
ѓерданче
околу нежниот врат долетуваат на
оградата
од балконот. Една до друга милно гугукаа
тајни
си кажуваа и се љубеа. Со милата моја в
лето тука
пиеме кафе и долго се потсетуваме на
она што било
и поминало, па со нашите гугутки ги
споделуавме
спомените и тајните, и преиспитувавме
времињата
се претураше доброто и неразбраното
меѓу сонот
и збиднатото, нѐ потсетуваа тие на
нашата
младост со нежни милувања и шепотења,
на копнежите кон иднината врзана со
свилен конец
во мислата задомена во срцето што го
отворија
како тајно ковчеже двете мили гугутки.

Меѓу нас немаше тајни, бевме едно – луѓе
и птици
кои тука во саксиите со цвеќе создадоа
гнездо
од кое весело се огласуваа рожби нови и
растеа.
Дојде неочекувана од никаде неповикана
гостинка
ни седнати, стрча кон гнездото да ги
помилува
додека попусто ја молевме да не го прави
тоа
оти за навек грев ќе се всади во душата.
Така и бидна миг грдосија со погана рака
го испи кафето, гостинката ко фурија си
отиде
како никогаш и да не била, ама гнездото
остана
празно зашто нашите гугутки без
збогување
одлетаа преплашени од човечката зла
мисла.

(извадок од „Кога ме има и кога ме нема“,
Академска мисла, Скопје, 2025 г.)

Васил Тоциновски (1946, Стојаково) е поет, раскажувач, есеист, литературен критичар, автор за деца и млади, книжевен историчар, антологичар, преведувач. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, каде магистрирал и докторирал. Работел во Телевизија Скопје, Институтот за фолклор *Марко Цепенков* и Институтот за македонска литература. Бил раководител на Лекторатот за македонски јазик и литература на Филозофскиот факултет во Риека, Хрватска. Член е на ДПМ од 1974 година. Добитник е на 34 државни награди и признанија: *Климент Охридски, Крсте Мисирков, Гоце Делчев, Димитар Митрев, Гемиците, Златен крстен, Прозни мајстори, Крсте Чачански, Ванѓа Чашуле, Златно перо, Коле Неделковски, Гоцеваша мисла* и други, како и на странските: *Книжевно перо, Донат, Икар, Петар Канавелиќ, Наџим Нааман, Горан Бујиќ книжевник и новинар*. Бил главен и одговорен уредник на списанијата *Современост, Македонски фолклор, Велес* и уредник во *Сиектар, Стожер, Литературен збор, Книжевно перо, Крик*, и актуелен уредник во редакциите на *Канавелиќ* (Корчула, Хрватска) и *Национал* (Тирана, Албанија). Автор е на 25 книги белетристика, 66 дела од книжевната историја, 70 редакции и избори од македонското книжевно и публицитичко наследство, 375 книжевно-историски студии, 628 есеи и критики, коавтор во 22 енциклопедии, учебници, прирачници и зборници. Преведуван е на дваесетина јазици, а за неговите дела објавени се над 700 критички прикази, студии и осврти.



НОВ ЧЛЕН

821.163.3-31(082.2)

„ТАЈНАТА НА КАРНЕГИ ХОЛ”

Митко Бојаџиски

(Извадок од неиздадениот роман „Тајната на Карнеги Хол”)

Го отвори шишето виски и си ја наточи првата од двете планирани чашки за денес. Потоа се разбуричка во фиоката од креденецот и го најде ЦД-то со клавирскиот концерт од Шуберт, последниот роденденски подарок од ќерка му. Тој концерт најчесто го слушаше. Секогаш кога немаше посебна желба, го одбираше него. Зошто му го купи токму тоа ЦД никогаш не разбра, прашањето се појави дури откако веќе ја немаше. Имаше зачувано повеќе предмети од неа кои имаа вредност на реликвии, но тоа парче музика најубаво му го враќаше времето кога беа заедно. Ја зеде од креденецот и саканата фотографија од жена му и ја стави до чашата со виски. Вечерва му беше потребна близината на целата фамилија.

Го пушти звукот доволно тивко за да не се слуша во собата на Моник. Уште одамна утврди колку треба да го сврти копчето за звук и тоа го одбележа со точка. Со првите тонови, ја испи и првата голтка. Сега можеше сиот свет надвор да прави што сака. Со него ќе биде само тоа што тој ќе го дозволи. Многупати, го живееше целиот ден само заради овие моменти. Погледна во дрвениот ѕиден часовник кој му беше еден од најсаканите детали во дневната соба. Беше рана вечер и имаше бескрајно многу време до утрешното појавување кај директорот.

Втората голтка му помогна да ја види Моник неколку години повозрасна. Веќе не беше срамежливо и плашливо девојче, туку прекрасна девојка. Беше облечена во раскошен бел фустан и го свиреше концертот на Шуберт. Брилијантно свиреше, со стил, самодоверба и мајсторство кое пленеше. Во Карнеги Хол, се разбира, каде на друго место! А потоа, аплаузи, аплаузи...

Кога заврши концертот, си ја наточи втората чаша. Стана, повторно разбуричка во фиоката и го зеде клавирскиот концерт на Чајковски. Повторно свиреше Моник, сега во долг син фустан кој перфектно ја оцртуваше грациозноста и не дозволуваше да се забележи нејзиното куцање при чекорењето на сцената. Никој тоа не можеше да го забележи, дури ни Жил. Повторно аплаузи, многу аплаузи... се додека не му се насолзија очите.

Оваа вечер никако не беше обична. Беше вечер на исчекување, на надеж. Реткост за Жил. Таквите некогаш ги имаше во изобилство, но сега беа ретки. Многу ретки. И затоа, целосно се предаде. Затоа што друга, можеби, ќе нема. Утре ќе му го однесе ова проклето ливче со четири неразбирливи збора на директорот и овој можеби ќе му каже дека внука му е талентирана, но не доволно. Дека му е жал, но... Ако се случи тоа, пресудата ќе биде изречена. Да. И утре, веројатно, ќе се опие од мака. А можеби и нема да биде баш така. Можеби ќе... Можеби... Си стави уште една чаша. Трета. Последна.

Митко Бојаџиски е роден во Струмица, 1962 година. Автор е на книгата поезија „Силуети и сенки“ (едиција Алфа, Книжевна младина на Македонија), 1989 година. Подоцна се појавува на книжевната сцена како драмски писател на „Кец на десетка“ и уште две драми во 2018 година во издание на ИК „Феникс“.

Во 2026 година во издание на ИК „Супрема“ излегува неговото последно дело „Театарски приказни“.

Автор е на драмите: „Кец на десетка“, „Кец на десетка 2“, „Прекрасни светови“, „Како што е пишано“, „COMEDIA CRIMINALE“, „Во името на народот“, „Со човечко лице“, „Проект Болеро“.

Живее и работи во Струмица.



НОВ ЧЛЕН

821.163.3-2(049.3)

ДРАМАТА НА ЕГЗИСТЕНЦИЈАТА, ХУМОРОТ И (НЕ) ПОТРОШЕНИОТ ЈАЗИК ВО „ВЕЧНА ИГРА“ НА МИТКО МАЏУНКОВ

Ана Витанова-Рингачева

Дали оној основниот заедничкиот човечки јазик – за кој веруваме дека лежи под соспите на сите други јазици

– е сè уште жив или е веќе исчезнат?

М. Маџунков

Прашањето на Маџунков за судбината на јазикот е добро место за читање на неговите рани драми. Во нив јазикот не е само средство за пренесување на репликата и развивање на дејството: тој ги гради ликовите, ги открива нивните односи и го чува живо искуството на една средина. Што се случува со јазикот кога постепено престанува да биде дел од секојдневниот говор, но останува жив во книжевното дело? Трилогијата „Вечна игра“ на Маџунков настанува во втората половина на 1980-тите, кога во Струмичкиот театар се поставени „Големиот смок“, „Сенката“ и „Пуста земја“, а како целина е објавена во 1996 година. Во неа струмичкиот говор не е само ознака на локалната припадност. Маџунков од неговите лексички, фонетски и синтаксички потенцијали создава сопствен драмски идиом. Така локалното станува начин за артикулирање на човечко искуство препознатливо и надвор од сопствената средина. Особено значајна е именувачката моќ на јазикот. Смокот во „Големиот смок“ добива низа имиња според својот изглед и однесување: Шарчо, Белчо, Црнчо, Тепко, Подзе́мко, Нивко, Езе́рко Каменáр, Баштáр, Домашáр, а според навиките – Грабоно́с и Цицоцúц. Тука се препознава суштината на „(не)потрошениот јазик“: зборот што времето го троши во секојдневната употреба, книжевноста повторно го враќа во живот. Но јазикот кај Маџунков не функционира одвоено од хуморот. Јазичната игра, парадоксите и пресвртите создаваат комичен ефект, но зад него стои сериозна егзистенцијална содржина. Хуморот не е спротивност на трагичното, туку начин тоа да се издржи и да се согледа од дистанца. Ликовите се соочуваат со страв, приспособување и неможност целосно да ја изменат стварноста, а јазикот им овозможува да ја именуваат и да ѝ се спротивстават. Во тој контекст значајна е репликата на Иљо М.: Човечкио збор, ус кој он расте ду небото, за тебе не постóо. Не моош да си замисљ`ш оти некуј може да живéе само – говорејќи. Ка ќе му зем`ш и здрааве и младос и живот, сак`ш да му го зем`ш и последното – и зборо. Да гу налéгн`ш у батáко за да се покáа шо се рудил като чувéк, да го пониж`ш повеќе ут шо го-о навредил и засрамил самјо живóт! Сепак, Маџунков не го идеализира отпорот. Иљо М. продолжува да живее во светот што го препознава како апсурден, па хуморот станува начин на дистанцирање од него. Токму од оваа напнатост меѓу сериозноста на искуството и леснотијата на неговото кажување произлегува „леснотијата“ на Маџунковиот драмски свет.


Раните драми се поврзани со важен период од развојот на струмичкиот театар и со режисерската работа на Бранко Ставрев. Театарот тука не е само место на изведба, туку простор на колективно препознавање. Во ликовите на чуварите на магазинот „Македонија“, се препознаваат модели на користољубие, страв и покорност. Замислената клучалка насочена кон публиката го вклучува гледачот во драмската ситуација. Театарот станува огледало. Токму затоа јазичната различност не треба однапред да се прогласува за непробојна граница на „Вечна игра“. Публиката не го восприема театарот само преку буквалното разбирање на секој збор. Таа чита гест, интонација, пауза, движење, однос и ситуација. Репликата на бабата Фима, со називите за човечките слабости – „лошотил'ците“, „апажл'ците“, „зимќорл'ко“ и „стрвноста“ – создава јасна слика за свет во кој негативните особини стануваат општествена норма. Тавá ми личе на Смок с'с две нози ќе рече Иљо М. кој ќе се издигне од пасивноста за да стане бунтовник. Дијалектот не е пречката до смислата, туку дел од патот до неа. Четири децении по премиерата смокот сè уште не е виден. Тој станува метафора на стравот, молкот, приспособувањето и одложувањето на соочувањето со стварноста. Смокот под прагот, „пустата земја“, сенката и безвоздушјето се различни знаци на истата опасност: да исчезне можноста човекот да го именува сопствениот свет и да се препознае во него. „Вечна игра“ не е само сведоштво за еден говор што исчезнува. Таа е обид тој говор повторно да стане жив преку книжевноста и театарот. Во неа јазикот го создава ликот, хуморот ја отвора дистанцата кон тежината на постоењето, а драмата го претвора индивидуалното искуство во колективно препознавање. Токму затоа „(не)потрошениот јазик“ не е само јазик што преживува во текстот. Тој повторно станува глас, паметење и сценско присуство. Додека зборот има кого да повика, приказната не е завршена.

Ана Витанова-Рингачева (Струмица, 1981) е универзитетски професор, книжевник, есеист и публицист. Вонреден професор е на Катедрата за македонски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својот научен и книжевен ангажман се занимава со проучување на македонската книжевност, фолклорот, културната меморија и современите книжевни и културни процеси.

Автор е на книгите *Поетскиот дискурс во наставата* (2012), *Шаманизмот во македонската народна традиција* (2019), *Премостени соништа – огледи, осврти, есеи* (2020), монографијата *Иван Котев – меѓу фолклорот и животот* (2023) и букварот за деца *Аз и Бука од планетата Азбука* (2025). Коавтор е на публикациите *Струмичко литературно созвездие* (2015), *70 години посветеност во образованието* (2016) и *Речник на германско-англиски фразеологизми со македонски еквиваленти* (2025). Приредувач е на изданието *Детето со ѕвезда на челото* – избор од македонското народно творештво (2020).

Нејзини научни трудови, книжевни осврти, есеи и критики се објавувани во домашни и меѓународни списанија и зборници. Главен и одговорен уредник е на меѓународното списание „Зенит“ – списание за наука, литература, култура и уметност, кое претставува простор за дијалог меѓу книжевното, научното и уметничкото творештво. Претседател е на здружението „Средби под јаворите – Видое Подгорец“, посветено на литературата за деца и на проучувањето на творештвото на Видое Подгорец. Активно е ангажирана и во организирањето на културни настани, промоции на книги и книжевни средби во својот роден град, Струмица. Особено внимание посветува на книжевните работилници со деца и млади, настојувајќи преку нив да го поттикне интересот за литературата и да придонесе кон раздвижување и збогатување на културниот живот во локалната средина.

За својот научен, книжевен и културен ангажман е добитник на Годишната награда на Општина Струмица „Св. Петнаесет Тивериополски свештеномаченици“ (2016), наградата „Горан Бујиќ“ на Хрватското книжевно друштво (2019) и признанието „Европска жена на годината“ (2024), што ѝ го додели Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.



НОВ ЧЛЕН

821.163.3-1

ПЕСНИ

Марина Икономова Шокева

СЕЕДНО Е

Одеднаш, сè стана сеедно.
Сите кадрици во светот,
контурите на ридовите,
спиралата на полжавот,
пенливите грпки на потоците,
особено браздите во мојот мозок
се исправија во здодевна линија.
Заиграниот поглед
што како домашната мачка
палаво скокаше од
предмет на предмет
почна понизно да ползи по
килимот
како искаран пес.
И јас, од жабја перспектива
се гледам себеси во хоризонтала.
Дебела линија исцртана
на домашниот кауч,
со виснати раце и нозе
како свенати краци.
Еве ги
трошките пита, ситната роса зејтин
од вчерашната риба
аха, и чепкалката за заби
што мистериозно ми ја снема од
раката
и денес, како и утре,
како и кој знае колку утра,
удобно ќе си полежат
во своите лежишта на подот.
(„Светот и јас“ 2021)

РУЧЕК

Готвиме.
А потоа нашите раце
забрзано ја редат масата.
Ти чаршафот, јас чиниите.
Ти приборот за јадење, јас чашите.
Седнуваме,
ти на чело,
јас отспротива,
и почнуваме.
Не јадеме исто.
Ист пијалок не пее во нашите чаши.
Не е дури ни истата маса.
Ти на чело
го замислуваш мојот лик
отспротива,
и обратно.
Од колку ли вакви ручеци
ни се состои животот,
ти на едниот,
јас на другиот крај на светот?
Меѓу нас бескрајно долга софра
со туѓинци,
на која гаврани рамнодушно
се гостат со недојадени трошки.
(„Директни обраќања“, 2019)

ВО МУГРАТА

Имаш ли сила, рано наутро
кога во уште неразденето
едно од друго се делат
горниот од долниот
очен капак,
сонот од јавето,
ноќта од денот,
имаш ли сила, се прашувам,
да се придржиш,
да не се слизнеш меѓу тебе и себе,
кога со првата утринска мисла
спознаваш
дека најосамен си, сепак,
кога сам од себе се делиш.
(„Модра мрежа“, 2024)

ПОТРАГА ПО СЛОБОДАТА

Од онаа граница па натаму
се простира слободата.
Како се движиш кон неа,
така границата се поместува.
Се повлекува зад прозорецот, зад
аголот,
преку река, преку онаа полјана,
угоре низ планина, се залепува
под птичјите крила, па се откинува
со нивниот крик.
Се тркала низ времето, ти ја гониш.
Стрелките на часовникот
почнуваат
да го тактираат нејзиното
движење.
Климатските прилики на
годишните времиња
го замаглуваат погледот кон неа.
Грабаш кон неа низ ветар и сонце,
и магла и дожд...
И низ поле и преку река, на
планина
сè до небото.
Таа е секогаш еден чекор подалеку.
(„Модра мрежа“, 2024)

Марина Икономова Шокева **(родена 26 ноември 1966, Охрид).** Дипломирала на катедрата за англиски јазик и книжевност и професионално работи како професорка во Охрид.

Авторка е на четири стихозбирки: *„Слики од бунарот“* (2017, Ѓурѓа), *„Директни обраќања“* (2019, ПНВ Публикации), *„Светот и јас“* (2021, ПНВ Публикации) и *„Модра мрежа“* (2024, ПНВ Публикации). Нејзини песни се објавувани во повеќе поетски алманаси и списанија, печатени и електронски, во Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора, како и во Грција и Албанија. На англиски јазик е застапена на страницата на „Ledbury Poetry Festival“ и во американските списанија *“Superpresent” и “Poets and places”*.

Во 2019 година на онлајн натпреварувањето во Италија „Quando e la vita ad invitare“ ја добива втората награда во странската конкуренција, а истата година е добитничка и на специјалната награда „Антево слово“ во Сицилија. Во 2025 година станува лауреат на истиот конкурс, освојувајќи ја првата награда.

Учествува на значајни поетски фестивали и читања во земјава и регионот, меѓу кои „Струшки вечери на поезијата“, „Поетска ноќ во Велестово“„100 000 поети за промена“, како и фестивалите во Зеница („Перо на Живодраг Живковиќ“) и Беране („И литературата има женско лице“).

Застапена е во антологиите *„Самодиви“* (македонска поезија пишувана од жени), *„Охридските поети“* и *„Антологија на копнежот“*. Авторката е дел од уредничкиот тим на списанието за култура, литература и уметности „(е)Лит.“.



НОВ ЧЛЕН

821.163.3-31(082.2)

КРАЈ ИЛИ ЕПИЛОГ?

Тодор Јовчевски

1.

Заминуваме од Дубровник.

Девојките се возат со автомобилот. За волја на вистината, секоја од нив ми понуди јас да одам со автомобилот, а таа со некое друго превозно средство.

– Подобро е да има два возачи поради долгиот пат – рече Каријатидата.

– Возете внимателно, преспијте некаде, не ви се брза.

– Дали сакаш да патуваш со такси – праша Фауста.

– Тоа би било премногу скапо.

– Повторно тој за парите!

– А виолиниите се лоши, ме нервира чекањето по аеродроми. Ќе одам со автобус до Загреб, а потоа ќе видам како и што. Освен тоа на патувањето можам да сретнам интересно женско друштво.

Бабичката почна да се смее, после неа почнаа да се смеат сите.

– А јанта стави точка, голема точка на твоето трагање и барање на нови љубови – рече Вида.

– Не мислам дека тоа е исправно размислување – рече Ајанта. Тој после мене треба да продолжи да живее. Ќе го замолам да ми вети дека така ќе биде.

Не реков ништо, само ја зедов мојата торба преку рамо и се упатив кон автобуската станица.

Првиот автобус во кого имаше место поаѓаше за осум часови. Летна гужва, јас без резервација.

Кога конечно заминав гледав во еден бел брод, во морето каде што се капев.

Со себе го понесов морето од солзи. Темно и малку повеќе солено.

Мора да е така за да се прикрие горчината.

2.

Три и пол дена, толку патував.

Гужви, слободни места нема. Со преседнувања. Кафулиња на автобуски станици, со уморни патници и уште поуморни келнери. Блуткави кафиња. Испотени луѓе и мирис на пот. Прозрачни ликови. Невоспитани и размазени деца. Силно пуштени клима уреди. Студенилото не лади туку убива. Главоболка.

Паузи на автобуски станици. Гужва пред тоалетот. Некаде недостасува течен сапун, некаде хартија.

Врвевме покрај една река. Таа не течеше, беше заспана, мракот е густ како тесто.

Се прашувам: зошто ми треба сето ова? Мојот живот е полн со фусноти. Не успеав да разберам што во него е причина, а што е последица. Дали можеш во животот сè да преболиш. Таа мисла ме удираше како чинети.

– Трас – можеш.

– Трас – не можеш.

– Трас – можеш.

– Трас –не можеш.

Лето е, а очигледно е дека само зимите остануваат во нас.

Старец, депресивен и неугледен.

Љубовта е како алпски цвет, малиот нежен рунолист. За да дојдеш до него треба многу напор, качувања, издржливост и среќа.

Денови како распрашено семе, незначајни и тивки.

Велат дека Маријанскиот Ров кој се наоѓа во Тихиот Океан е најдлабоко место на земјината кора. Не ги истражиле длабочините на срцето.

Вљубен сум во Ајанта. Дебело.

Низ глава ми поминуваат ликови на сите тие жени, празни, просечни, склони на патетика и сензационализам.

Ајанта, таа скапоцена капка вода.

Подобро е да бидеш херој по малку секој ден, пред светот, семејството, плебсот, децата, отколку еднаш и никогаш повеќе. Мојот живот, на лик од басна, каде сум спореден, глупав или излажан лик.

Но добро. Уште еден час и ќе стигнам до градот.

Од поаѓањето од Дубровник, сонот прв пат полека ме притискаше, можеби поради спокојот што ја носи црвената тага на зајдисонцето.

7.

Во срцето чувам едно мало пиле. Излегува од него само тогаш кога месечината е најмлада.

– Бегај мало пиле, бегај од мене! Веќе одам таму до каде нема да можеш да долеташ.

– Не смеам да те оставам. Некој треба да ти го покаже патот до твоето сонце.

Кога месечината е најмлада ќе бидам на нејзиниот долен крак, ќе пеам, ќе ја пеам и онаа песна од Шуберт.

Знам дека сакаш да ме слушаш. И сега ќе биде како порано, сега ќе биде како порано.

(Извадок од „Малото пиле и духовите на минатото“, Панили, Скопје, 2026)

Тодор Јовчевски е роден 1963 година во Битола. По образование е дипломиран економист. Автор е на значаен книжевен опус што опфаќа афоризми, раскази, сликовници, романи, поезија и бајки. Својот авторски пат го започнал со збирката афоризми „Мудростите на еден фрик“ (Едиција „Алфа“, Книжевна младина на Македонија, Скопје, 1987), по што следувале збирките раскази „Тајни патеки низ сонцето“ (Книжевна младина на Македонија, Скопје, 1992) и „Приказни од Лимбус“ (Едиција „Змеј“, ИК Штрк, Скопје, 1994).

Во периодот што следува се насочува и кон литературата за најмладите, па така во 1997 година објавува три сликовници во издание на Институтот Отворено општество од Скопје: „Во нашата градина“, „Марко на сафари“ и „Нашата овошна градина“. Во 2000 година го објавува романот „Уморниот воин и осамените маргиналци“ (Едиција „Змеј“, ИК Штрк, Скопје), а во 2012 година излегува и книгата со песни и приказни за деца „Некои песни, некои раскази“ (ЗД Графопром, Битола).

Неговиот книжевен израз за деца продолжува преку комерцијалните сликовници „Битолското Чупе – Во куќата на витаминте“ (2015) и „Битолското чупе – Пат околу светот“ (2016), издадени од Битолска млекарница, како и преку изданијата на Едиција „Клинци“ од „Слово љубве“, Скопје: „Доживувањата на Мравката Боро“ (2016), „Приказни за убавото однесување (Бон тон за деца)“ (2017), „Вистинската приказна за Дедо Мраз“ (раскази за деца, 2019) и збирката бајки „Срцето на двоглавиот змеј“ (2021). Во поново време ги објавува и збирката раскази „Запрено време“ (Слово љубве, Скопје, 2023) и романот „Малото пиле и духовите на минатото“ (Панили, Скопје, 2026).

Фрагментарно е преведуван на српски, бугарски, албански, руски, турски и англиски јазик, а на книжевната сцена се јавува и како есеист и критичар. Во периодот од 1996 до 1998 година работел како главен и одговорен уредник на списанието за литература, уметност и општествени прашања „Развиток“ од Битола.



НОВ ЧЛЕН

821.163.3-31(082.2)

ИЗГУБЕНИТЕ ЖЕНСКИ РАКОПИСИ

Дијана Петрова

„Најзаслужни во зачувувањето на народниот јазик се жените“, го почна професорот часот. Ме сепна повторно, бидејќи по целоноќното исчитување на есеи за жените во 19 век, главата ми беше заробена од мислите за нивната положба, место и значење низ историјата.

Не знам зошто мислев дека тој воопшто не припишува никаква заслуга на жените. Преку неговите толкувања на историјата, го доживував како поддржувач на теоријата на Фројд, кој жените ги дефинираше по принципот на недостаток (инфериорна положба поради недостатокот на пенис). Затоа многу ме изненади тоа како го почна часот. „Главната причина за тоа е што машките деца посетувале училишта, најчесто грчки. Жените останувале дома, без можност да се описменат и да го научат административниот јазик. Желбата да се искажат и да зборуваат го зачувувала народниот јазик во нивните домови. Го знаеле, чувале и зборувале јазикот кој им останал од нивните мајки, затоа се нарекува мајчин јазик. Како чуварки бдееле над него бидејќи им бил единствено оружје, со кое можеле да се спасат од заборавот на светот.“ продолжи професорот.

Морници како невидливи иглички ми го нападнаа целото тело. Дали ова беше знак дека не треба да се откажам и дека имињата што ги открив беа навистина важни? Најголема грешка која ја прави човекот е што се откажува од своите идеи, секојпат кога друг ќе помисли дека се безвредни. Јас не сакав да ја направам таа грешка.

„За ова предавање ме инспирираше расказот на нашата колешка, кој иако не ги исполнува критериумите за расказ, има многу интересна идеја“, сфатив дека зборува за мене, откако сите ги вперија очите во мене.

Сите бевме изненадени бидејќи ова беше првпат да спомене нечиј расказ. „Но тоа е сè што можеле тие да придонесат и што придонеле, го зачувале народниот јазик. Дали во најважниот период за македонската книжевност, култура и јазик тие твореле и имале поголема улога, одговорот е не. Докази дека на каков и да е начин учествувале во политичко-општественото уредување, нема. Историјата е децидна дека нашиот народ во тој период бил многу сиромашен, со многу мал исклучок. Немало ниту услови ниту време за интелектуални женски движења или училишта. Секој кој барем малку може да ја замисли положбата на македонскиот народ тогаш, ќе биде свесен дека тие обврски што ги имале луѓето, со цел да преживат од денес до утре, не оставале време за ништо друго, освен за преживување. Со други зборови, тежината на обврските на жената околу домот, ја притискале толку многу што немала ниту време да помисли за нешто друго. Принудното напуштање на селата и населувањето на градовите бил голем предизвик за сите. Сите морале да е приспособат на еден нов начин на живот. Создавањето на македонската граѓанска класа не ја променила улогата на жената во семејството. Погледнете го за пример ликот на Митра, кој го создава Стале Попов во неговиот „Крпен живот“, тој дава вистинска слика улогата на жената во тој период. Важноста на жената е од големо значење, се разбира. Таа си има свои полиња на дејствување, кои не се од помало значење од тоа што го правеле нивните татковци, браќа и сопрузи. Тоа не е поради нивната неспособност, туку уште еднаш ќе повторам, поради немањето време од сите обврски кои ги имале околу домаќинството. Оловото и другите метали би биле злато, доколку би имале доволно време тоа да станат.“

(Извадок од романот „Изгубените женски ракописи“ од Дијана Петрова, Друштво за издаваштво и едукација Правопис за деца, Скопје, 2026 г.)

Дијана Петрова е македонска писателка и професорка по македонски јазик и литература. Родена е на 8 април 1992 година во Делчево. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик. Магистер е на студиската група Македонска книжевност и култура, а нејзиниот научен интерес е насочен кон македонската книжевност, фолклорот и словенската митологија.

Авторка е на четири книги: „Бдеењето над себе“, „Не правете им сенка на гробовите“, „Излегувањето од сенка (Тајното женско училиште)“ и „Изгубените женски ракописи“. Нејзиното творештво се одликува со интерес за женското писмо, книжевната историја, меморијата и односот меѓу традицијата и современоста. Во своите дела ги истражува границите меѓу фикцијата и историското сведоштво, како и невидливите слоеви на културното наследство.

Добитничка е на три награди за краток расказ. Нејзините есеи и раскази се објавувани во книжевни списанија.

Како професорка и писателка, посветена е на унапредувањето на функционалната писменост, развојот на читателската култура и поттикнувањето на креативното изразување кај младите. Во својата образовна и културна работа организира книжевни настани, работилници и активности што ги поврзуваат литературата, јазикот и културното наследство.



НОВ ЧЛЕН

821.163.3-31(082.2)

САМО УШТЕ ЕДЕН СКОК

Енис Хилми

Извадок од романот „Само уште еден скок“ (Светулка нова, Скопје, 2025)

***

Сега се сетив на уште една слична смешна случка. Хуа, која живееше далеку и која ја бев засакал уште на невидено зашто таа ми го одбра името, а и најмногу дека со Е. исто така ме разгалуваа, многу сакаше да ми носи разни подароци. Сè некои фенси-шменси тракатанци. Многу, ама многу бев важен кога се шетав со новите нешта, довлечкани од разни места по светот. Ќе ги издвојам жолтиот шушкавец за дожд и сивото палто со синиот околувратник за снег, во кое се чувствував како наконтен гроф. Патиките во непозната боја за пливање по камења. За да не си ги разранувам шепите. Поводниците околу гради, наместо оние околу врат, благодарение на кои заврши времето на гушење од влечењето. И една специјална огромна коска што ја донесе во куфер дури од Америка. Кога ја купувала коската вработените во њујоршкиот пет шоп ѝ нагласиле дека коската ќе трае многу долго, дури две-три недели. Јас ја смавтав за два-три дена. Добро, ништо, апсолутно ништо друго не правев додека не ја завршив. Мислам дека ме фотна со последното парченце во уста и им ја прати разлигавената фотка во Њујорк. „Или коската беше неодоливо вкусна или балканските ретривери се многу гладни“, им напиша во пораката. А и една друга објава на Хуа многу ми се допадна. Кога под фотографијата на која занесено мижуркам кон езерото напиша: „Те сакам Тото онолку колку што ти го сакаш езерото“. И уште додаде светкави емотикони со Убавецот и трепкачот со белите трепки. Трепкам и сега и очите ми солзат додека ви го раскажувам.

***

Се пукнав од фалење, што би рекле моите сограѓани, но јас навистина бев надалеку познат по пливањето. Сè давав само за уште еден скок. И уште еден. И само уште еден. На мојата радост ѝ немаше крај кога Павел и Сјајна решија да купат едно големо кајче и ме поканија на првото возење. Ова кајче не се нишаше и беше големо како соба. Отидовме многу далеку, дури насред езеро. „Стигнавме, кај вирчето“, ми рече Павел и го изгасна моторот. „Почиста вода од оваа, амин. Ајде скокај, Тото.“ И јас веднаш скокнав. Колку поинакво беше ова пливање со скок од кајче во водата густа и сина како мастило! И во потполна тишина, освен звукот на моето плъскање со шепите. А и не ме болеа шепите од камењата. Па, ова да ти бил живот! Беше вистински многу длабоко, но јас ич не му се плашев, зашто точно знаев дека Павел, иако незабележливо, постојано ме следи низ темните очила. Единствена препрека беше качувањето назад на кајчето. Но Павел беше тука и за оваа помош и само со една рака ќе ме извлечеше. Хахаха... еднаш дури кога одбив да излезам, скокна по мене и откако си попливавме и двајцата до немајкаде, само ми рече: „Ајде Тото. Имај исаф. И утре има ден“. А можеше, наместо да скока по мене, само да си тргне и божем да ме остави. А јас од фуфки веднаш ќе се нацртав до него. Но, Павел ниту сакаше ниту ми правеше стресови. Токму спротивното. Уживаше во опуштеност и убавини. Фино се истресов, во знак на благодарност што ми дозволи да ја сефтосам и оваа соба на вода, односно идеалното место за моето живеалиште од соништата.

***

Можеше и светот да се преврти, што би рекле моите сограѓани, но јас целиот мој живот вечерав точно во шест часот. Го слушнав последниот удар на далечното звоно на часовникот, кога Маца ми ја принесе чинијата. Хахахах! Какво темпирање... Но, наместо со три мали пакетчиња, таа ми ја преполнила чинијата, до толку што сè се прелеваше на сите страни. Така наместо три мали, добив три бајаги големи оброци. Сосема доволна храна за неколку дена. Само да знаете каква гозба беше тоа. Пукнав од јадење. Дури ни јас не можев да изедам сè до крај. И си ги скрив остатоците зад една саксија во дворот, зашто секој ден не е Велигден и Бајрам! Загрижена зашто не можам да дојадам, Маца ѝ телефонираше на Е. Нашава нормално испанички, односно се извади од памет, кога ја слушна количината на храна што сум ја изел. Веднаш ја замоли Маца да ме шета многу долго таа вечер. По цели два часа бонус шетање, малце ми спадна храната. Но пред да влеземе дома, во чаршијата, некој имаше фрлено половина хамбургер. Како да му одолееш? Го смачкав за миг. Маца се уплаши дека ќе треба уште некој час да врти кругови по парковите и не ѝ го пријави ова на Е. Тоа остана засекогаш нашата мала сендвич-тајна. И јас си заспав најслатко на цел свет.

***

...Сè до една доцна пролет, кога во едно свежо утро, Перо не се појави по редовната порција храна. Не се појави ни вечерта, за прошетката. Ни беше чудно, но тоа го припишавме на летните хормони и љубовта. Кога не се појави ни утредента, ниту Перо ниту пак другите од плоштадската дружина, Е. заедно со љубителите на животни и добри луѓе тргнаа во потрага. Неуспешно. Слушнаа муабети дека кучињата од плоштадот се заловени од комуналните служби – мислам дека така ги викате. Помина уште цел еден ден, додека не откриј дека кучињата се однесени во организирана хајка, на некоја депонија, дваесетина километри надвор од градот. Онаа ужасна депонија што гори и чади и понекогаш мириса и дотука. Онаму каде што нема ни капка вода. Моите пријатели беа оставени да се хранат на ѓубриштето додека не умрат од жед. Две возила со волонтери и добри луѓе се упатија накај депонијата. Трептевме од одговорот. Не најдоа живо ниту едно.

Енис Хилми е дводомна прозна авторка (Охрид, Македонија и Берлин, Германија) која течно говори македонски, турски, англиски и германски јазик. Авторка е на збирката раскази „Берлин – градот што не го засакав од прва“ (Темплум, добитник на наградата „Новите!“ за најдобар дебитантски прозен ракопис за 2025 година), како и на романот „Само уште еден скок“ во издание на Светулка нова (2025). Енис Хилми има тринаесетгодишно професионално искуство како државен службеник во областа на културата и економијата. Била хонорарна соработничка во голем број списанија во Македонија и Германија, вклучувајќи ги Форум, Плус и Глобус од Скопје и German Times од Берлин. Голем број раскази од збирката раскази „Градот што не го засакав на прва“ се објавени на порталот за култура Окно. Исто така, била советничка во Секторот за мултилатерална соработка, самостојна советничка во Одделението за соработка со Балкански земји и Секторот за меѓународна соработка, како и долгогодишна менаџерка на арт-кафе и организаторка на културни настани.


СТАРИ ФОТОГРАФИИ



Весна Ацевска



Лилјана Белева



Данило Коцевски



Ристо Крле



Славе Македонски



Бистрица Миркуловска



Ката Мисиркова-Руменова



Зоран Пејковски



Светлана Христова-Јоцић

Подготви: Иван Шопов

ВРЕМЕПЛОВ

Пред 80 години

Во 1946 година Ацо Шопов и Славко Јаневски објавуваат заедничка збирка „Пруга на младоста“ (Скопје: Главен одбор на Народната младина на Македонија, 1946). Песните во збирката се поделени во два циклуса: „Огнена младост“ од Славко Јаневски и „За пругата наша“ од Ацо Шопов, од чија комбинација произлегува и насловот на збирката. И двајцата автори биле учесници во изградбата на пругата од Брчко до Бановиќи, младински активизам што се отсликал во творбите од овој поетски подвиг. Во освртот за збирката објавен во „Нов ден“, бр. 7-8, 1946, стр. 61-63, Димитар Митрев вели дека Шопов и Јаневски се „поети што одат во чекор со времето во коешто живеат“ и дека „достигнуваат конкретно изјаснет и непосредно изразен лиризам“ со „бодар чекор во ритамот и достигната на некои места оригиналност во уметничкото оформување на стихот“, но истакнува и неколку нивни слабости.

Пред 60 години

Ташко Георгиевски, еден од најзначајните македонски прозаисти, чиј книжевен свет е длабоко обележан од трагичните судбини на Македонците во Егејска Македонија, пред 60 години го објави романот „Црно семе“ (Скопје: Македонска книга, 1966). Овој роман ја обработува судбината на група Македонци, затвореници на еден пуст остров во Егејското Море, и претставува потресно сведоштво за страдањето, неправдата и борбата за човечко достоинство, претворајќи ја личната трагедија во универзална порака за слободата, достојноста и непокорот на човековиот дух. Врз основа на романот, во 1971 година бил снимен истоимениот филм во режија на Кирил Ценевски, а според сценарио на Ташко Георгиевски.

Пред 50 години

Во 1976 година од печат излезе пиесата за деца „Чук, чук, Стојанче“ од Оливера Николова (Битола: Народен театар, 1976). Во монографијата за 75-годишнината на Драмскиот театар Скопје, наведено е дека „Чук, чук, Стојанче“ била поставена на детската (куклена) сцена и премиерно изведена на 13.12.1975 година во режија на Коле Ангеловски. Преку актерската игра и театарската магија овој сценски колаж на Николова стана дел од културното паметење на македонската публика.

Пред 40 години

Книгата „Скарбо во мојот двор“ (Скопје: Млад борец, 1986) од Јадранка Владова е имагинативна приказна за детството, која преку необичното пријателство со таинственото суштество Скарбо ја истражува силата на детската фантазија. Трајче Стамески во стручен труд објавен во „Палимпсест“, бр. 17, 2024, стр. 239-246, меѓу другото, пишува: „Фасцинантната симултаност меѓу потсвесната желба на раскажувачот и неговата визуализација на ликот на Скарбо ги засилува елементите на имагинацијата... Од интимна желба на раскажувачот, Скарбо прераснува во универзален знак во кој синтетизирано се артикулираат вечните идеи на човекот за валоризирање на интуицијата, фантазијата и слободата на симболичката имагинација.“ Преку ова дело, Владова нè потсетува на важноста на сочувството, искреноста, добронамерноста, прифаќањето на различните од нас и убавината на невидливите светови што ги создаваме во нашите мисли.

Пред 30 години

Михаил Ренџов пред три децении ја објави книгата поезија „Вечната бесконечната“ (Скопје: Зумпрес, 1996). Во поговорот писателката Гордана Михаилова Бошнакоска вели дека оваа книга „е како и самиот автор – подлежи на себеиспитување“ и додава: „Со секоја песна и во секоја песна Ренџов го опишува својот тестамент: како да е прва и единствена и како да е последна и единствена... Да се навлезе во тајната на ненапишаното е проблеснување, фатеното жарче што ја пече мислата... Го прифаќам овој восклик како дел од она кон што се стреми, да се стопи, да се преобрази, во она што е поблизу до совршенството, во самата природа – преку неа да се доближи до невидливиот создавач на сè, на себе.“

Ревија за литература, култура и уметност
„Стожер“, год. XXX, бр. 162 (3/2026)

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Гордана Јовиќ-Стојковска
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Весна Мундишевска-Велјановска
(главен и одговорен уредник)
Драгана Лукан Николоски
Ахмет Селмани
Давор Стојановски

Лектор:
Кристина Дукоска

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. „Максим Горки“ бр.18, 1000 Скопје,
РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати: Датапонс

Тираж: 200

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Со решение бр. 02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура и туризам на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

На барање на поетите, дел од песните објавени во ревијата не се лекторирани.